# ЕВАНГЕЛИЕТО СПОРЕД МАРКО

БИБЛИСКА ДОКТРИНА
јули, август, септември 2024

**ЕВАНГЕЛИЕ СПОРЕД МАРКО**

Автор:  Томас Р. Шепард

Број 3/2024

**Поуки од Библијата - издание за возрасни**

Поуки од Библијата - изданието за возрасни го подготвува Одделението за црковна служба при Генералната конференција на адвентистите на седмиот ден.

Поуките се подготвени под надзор на проширениот одбор за саботношколска поука чиишто членови се консултативни уредници. Печатената библиска поука е придонес на одборот и затоа не мора секогаш да се бара дозвола од писателот.

Библиските текстови, користени во оваа библиска поука, се преземени од преводот на Библијата на МПЦ '06
и од преводот на Душан Константинов '99.

*Издава:*
**АИК „Знаци на времето“**
Одделение за саботна школа

*Превод и техничка подготовка:*
**Мелита Томовска**

*Коригирал:*
**Томе Трајков**

*Одговара:*
**Томе Трајков**

*За издавачот:*
**Михајло Гурев**

**За интерна употреба**

СОДРЖИНА:


1. Почеток на Евангелието ........................................................ 7

2. Еден ден во Исусовата служба ............................................. 14

3. Полемики ................................................................................. 21

4. Параболи................................................................................. 28

5. Чуда околу езерото ................................................................. 35

6. Однадвор и однатре ................................................................ 42

7. Поучување на учениците – Дел 1 .......................................... 49

8. Поучување на учениците – Дел 2 .......................................... 56

9. Судири во Ерусалим ............................................................... 63

10. Последните денови ................................................................ 70

11. Фатен и изведен пред суд ..................................................... 77

12. Осуден и распнат.................................................................... 84

13. Воскреснатиот Господ ........................................................... 91


**Додаток**


Утрински стихови – јули ............................................................. 98

Утрински стихови – август .......................................................... 99

Утрински стихови – септември ................................................. 100

Секојдневно читање на Библијата............................................ 102

Текстови за вечерно богослужение .........................................103

Табели за почеток на саботата во Македонија.................... 104-106

# ЕВАНГЕЛИЕТО СПОРЕД МАРКО



Уште од почетокот на Евангелието според Марко читателот знае кој е Исус – Месија, Синот Божји (Марко 1,1). Меѓутоа, во оваа сторија се споменува народот на кој му било тешко да разбере кој е Тој и која е Неговата крајна цел – освен оние поединци што биле опседнати од демони. Тие точно знаеле кој е Тој! Демоните Го препознавале и се повлекувале пред Неговите моќни зборови.

Но Исус прилично доследно им заповедал да ја задржат таа информација за себе. Чуму оваа заповед за тајност? Изучувачите на Библијата со векови се борат со ова прашање. Тоа дури добило и свое научно име – месијанска тајна. Зошто едно Евангелие би барало да се молчи за тоа кој е Исус?

Сепак, она што ќе ни стане јасно на ова патување низ Евангелието според Марко, е дека во оваа библиска книга не постои само тајна – туку и чудесно откровение. Ова со право може да се нарече мотив на криење и откривање што се провлекува низ целата оваа книга, иако на крајот сета таинственост неочекувано исчезнува и се заменува со моќното Исусово откровение.

Евангелието според Марко може да се подели на два посебни дела – всушност, на две половини. Текстот од првата, па речиси до крајот на осмата глава се занимава со клучното прашање: *Кој е Исус? Одговорот лежи во Неговите учења и чуда.* Тој секогаш одново го победува злото, им носи надеж на угнетените и убедливо ги изнесува вистините кои проникнуваат до самата срж на човековото постоење. Сево ова јасно му кажува на читателот дека Тој е Месија, Христос, Оној кого еврејскиот народ толку долго го чекал.

Меѓутоа, дури во средината на книгата, некој кој *не бил опседнат од демони,* правилно ќе заклучи кој е Тој, со што одговара на прашањето поставено во првата половина од книгата во врска со Христовиот идентитет. А таа личност е Петар, кој отворено изјавува: „Ти си Христос“ (Марко 8,29).

Втората половина од Евангелието според Марко, од стихот Марко 8,31 па сè до крајот на книгата, одговара на едно друго прашање: *Каде*

*оди Исус?* Одговорот е зачудувачки. Тој оди на крстот – најпрезрениот и најсрамен вид на смртна казна во римскиот свет. Тоа е толку неочекувана цел за Месија, кој, според мислењето на неговите следбеници, требало да го порази Рим и да го утврди Израел како моќен народ.

Исусовите ученици, склони кон тоа да прават груби грешки, не можеле да разберат што им кажува Тој. И како што продолжува наративот, тие сè поретко и поретко поставуваат прашања за таа болна тема, сè додека конечно целосно не замолчат пред оваа несакана вистина.

Работите станува сè помрачни како што Исус влегува сè подлабоко во судир со верските водачи, кои коваат заговор да го убијат. А учениците, кои сè уште се надеваат на славно царство, се целосно шокирани од Неговото апсење, судење и распнување, а сето тоа е сосема спротивно на нивните очекувања.

Меѓутоа, низ сето тоа Исус продолжува да испраќа јасна и доследна порака за тоа каде оди и што значи тоа дека ќе умре и повторно ќе воскресне. Лебот и чашата, употребени за време на Тајната вечера, ќе го претставуваат Неговото тело и крв (Марко 14,22-25), а Тој ќе стане откуп за мнозина (Марко 10,45).

Тоа не значи дека Исус отишол на крстот со стоичка смиреност. Во Гетсиманија, Тој жестоко се бори со таа одлука (Марко 14,32-42), а на крстот во очај извикува: „Боже мој! Боже мој! зошто ме остави?“ (Марко 15,34) Евангелието според Марко јасно го открива мрачното искуство со кое се соочил Христос – цената на нашето спасение. Меѓутоа, крстот не е крај на Неговото патување. По Своето воскресение, Тој планира да се сретне со учениците во Галилеја – и, како што знаеме, тогаш настанува христијанската црква.

Тоа е извонреден наратив, изнесен во концизен и динамичен стил, со малку коментари од самиот писател на Евангелието. Тој едноставно ја изнесува сторијата, а потоа дозволува зборовите и делата сами да зборуваат за животот и смртта на Исус од Назарет.

*Д-р Томас Р. Шеферд е виш научен соработник и предавач по Нов завет на Теолошкиот факултет при универзитетот Ендрјус. Тој и неговата сопруга Шери имаат две возрасни деца и шест внуци.*

Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица

Лекција 1
Од 29 јуни до 5 јули 2024

# ПОЧЕТОКОТ НА ЕВАНГЕЛИЕТО



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Дела 13,1-5,13; Дела 15,36-39; Марко 1,1-15; Исаија 40,3; Даниел 9,24-27.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „А потоа, откако Јован беше затворен, дојде Исус во Галилеја и ја проповедаше радосната вест за царството Божјо, и велеше: 'Времето се исполни и царството Божјо наближи; покајте се и верувајте во Евангелието'" (Марко 1,14.15).**

Кој го напишал Евангелието според Марко, и зошто е напишано?

Ниту едно евангелие не го споменува името на својот автор. Во Евангелието според Јован наоѓаме нешто најблиску до тоа, каде што се споменува ученикот „кого Исус го сакаше" (видете Јован 21,20.24).

Меѓутоа, од најрани времиња, секое од канонските евангелија се поврзувало со некој од апостолите (Матеј, Јован) или со нивните придружници. На пример, Евангелието според Лука се поврзува со Павле (видете Колошаните 4,14; 2. Тимотеј 4,11; Филимон 1,24), а Евангелието според Марко со Петар (видете 1. Петрово 5,13).

Иако авторот на Евангелието според Марко не го наведува своето име никаде во текстот, раната црковна традиција укажува дека тоа бил Јован Марко, некогашниот сопатник на Павле и Варнава (Дела 13,2.5), а подоцна и соработник на Петар (1. Петрово 5,13).

Нашиот прв чекор оваа седмица ќе биде да научиме нешто за Марко врз основа на наводите од Светото писмо, да го разгледаме неговиот ран неуспех и конечното враќање во службата. Потоа во нашето истражување ќе се осврнеме на воведниот дел на ова Евангелие, гледајќи однапред каде води таа сторија и навратувајќи се на прашањето зошто тој првично неуспешен, но потоа рехабилитиран мисионер напишал еден таков текст.

## НЕУСПЕШЕН МИСИОНЕР

**Прочитајте го текстот Дела 12,12. Како е претставен Марко во книгата Дела на апостолите?**

_______________________________________________

_______________________________________________

Може да се претпостави дека Јован Марко, кој по сè изгледа е автор на Евангелието според Марко, сè уште бил младич кога се случиле настаните опишани во текстот Дела 12, веројатно во средината на 40-тите години на првиот век. Тој е претставен во 12. стих како син на жена по име Марија. А таа очигледно била една од богатите привврзаници на црквата и во нејзиниот дом се одржал молитвен состанок, кој станал познат благодарение на текстот Дела 12. Сторијата за бегството на Петар од затвор и натамошните настани, а потоа и за смртта на Ирод, е полна со впечатливи, па дури и со духовити контрасти меѓу Петар и тој цар. Јован Марко, всушност, не игра никаква улога во наративот, но неговиот вовед во овој момент нè подготвува за неговото подоцнежно поврзување со Варнава и Савле.

**Прочитајте Дела 13,1-5.13. Како Јован Марко се поврзал со Савле и Варнава и каков бил исходот од таа соработка?**

_______________________________________________

Текстот Дела 13 го опишува првото мисионерско патување на Саул и Варнава, кое започнало околу 46 година од нашата ера. Јован Марко се спомнува дури во стих 5, а неговата улога тука е едноставно да биде помошник или слуга. Ништо друго не е кажано за младиот човек до стих 13, каде што накратко е забележано дека се вратил во Ерусалим.

Не се наведува никаква причина за неговото заминување, а отсуството на каков било опис на неговите чувства ѝ остава на имагинацијата да заклучи што го мотивирало неговото повлекување од тој мисионски потфат, кој несомнено бил полн со предизвици и опасности. Елена Г. Вајт забележува дека „Така Марко, совладан од страв и малодушност, се поколебал извесно време во својата намера со сето срце да му се посвети на Господовото дело. Ненавикнат на тешкотии, се обесхрабрил од постојаните опасности и од скудноста на патот“ (*Делата на апостолите,* стр. 169 оригинал). Накратко, работите станале премногу тешки за него и тој сакал да излезе од сето тоа.

**Кој од нас немал такви моменти кога сакал да се откаже од нешто или неуспешно се залетал во нешто, особено кога станува збор за нешто духовно и поврзано со нашето христијанско патување? Што сте научиле од таквите искуства?**

# ВТОРА ШАНСА

**Прочитајте Дела 15,36-39. Зошто Павле го одбил Јован Марко, а зошто Варнава му дал втора шанса?**

---

Причината за отфрлањето на овој млад човек од страна на Павле е дадена во Дела 15,38. Марко се повлекол од нив и не продолжил да работи во мисионството. Ставот на Павле, иако остар, сосема е разбирлив. Животот на еден мисионер, особено во античкиот свет, бил тежок и напорен (споредете со 2. Коринќаните 11,23-28). Павле зависел од неговите соработници мисионери за да го носат товарот на таквата работа полна со предизвици и под тешки услови. Од негова перспектива, некој што ги напуштил толку брзо не заслужувал место во мисионскиот тим кој се борел гради в гради со силите на злото.

Варнава не се сложил со тоа. Тој видел потенцијал во Марко и не сакал да се откаже од тој млад човек. Имало толку длабоко несогласување меѓу Павле и Варнава за Јован Марко што тие се разделиле. Павле го избрал Сила да оди со него, а Варнава го зел Марко.

Книгата Дела апостолски не објаснува зошто Варнава решил да го земе Марко со себе. Впрочем, во тој стих тие двајца се спомнуваат за последен пат во Дела на апостолите. Меѓутоа, интересно е што ова не е последен пат Марко да се споменува во Новиот завет.

**Прочитајте ги стиховите: Колошаните 4,10; 2. Тимотеј 4,11; Филимон 24 и 1. Петрово 5,13. Какви детали за враќањето на Марко во служба даваат овие стихови?**

---

Се чини дека кај Марко дошло до чудесна преобразба. Во овие стихови, Павле укажува на вредноста на Марко за него лично и за службата. Павле го смета за еден од своите соработници и сака Тимотеј да го донесе со себе. Во 1. Петрово послание е забележано дека и Петар бил во близок меѓусебен однос со Марко. Тие посланија на Павле и Петар веројатно биле напишани во раните 60-ти години на првиот век од нашата ера, околу 15 до 20 години по искуството на текстот од Дела 15 глава, Марко, по неговиот неуспех, очигледно закрепнал, речиси сигурно поради довербата што му ја укажал неговиот роднина Варнава.

**Размислете за моментите кога вие или некој ваш пријател сте доживеале неуспех и кога ви била дадена втора шанса. Како тоа искуство ве променило вас и оние што ви помогнале? Како сето тоа внело промена во вашата служба за другите?**

## ГЛАСНИК

**Прочитајте го текстот Марко 1,1-8. Кои се личностите споменати во овие стихови, и што кажуваат тие и што прават?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Во тие стихови имаме три главни личности: Исус Христос, кој се спомнува во стихот Марко 1,1, Бог Отецот (чие присуство се подразбира во стихот Марко 1,2) и Јован Крстител, гласникот и проповедник, кој станува главната тема на последниот дел од овој пасус.

Текстот Марко 1,2.3 содржи цитат од Стариот завет кој евангелистот го изнесува за да опише што ќе се случи во сторијата. Она што Марко го наведува тука, претставува спој на изрази од три стиха: 2. Мојсеева 23,20; Исаија 40,3 и Малахија 3,1.

**Прочитајте ги текстовите 2. Мојсеева 23,20; Исаија 40,3 и Малахија 3,1. Што е заедничко за овие текстови?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Стихот 2. Мојсеева 23,20 се однесува на Божјиот ангел кого Бог го испраќа пред Израел да ги однесе во Ханан. Текстот Исаија 40,3 зборува за тоа дека Бог се појавува во пустината, каде што е подготвен патот пред Него. Текстот Малахија 3,1 зборува за гласник кој оди пред Господа за да го подготви патот за Него. Сите три стиха зборуваат за патување.

Текстот од книгата на пророкот Исаија на многу начини е поврзан со службата на Јован Крстителот, а исто така се сосредоточува и на Патот Господов. Во Евангелието според Марко, Господ Исус е на патување. Наративот, кој брзо се одвива, ја нагласува идејата за тоа патување – патување што ќе Го одведе до крстот и Неговата смрт како жртва за нас.

Но мора да се случат уште многу работи пред да стигне до крстот. Патувањето допрва започнува, а Марко ќе ни каже сѐ за тоа.

Во согласност со цитатот од Стариот завет во стиховите Марко 1,2.3, Јован Крстител повикува на покајание, одвраќање од гревот и враќање кај Бога (Марко 1,4). Облечен како древниот пророк Илија (споредете со стихот 2. Царевите 1,8), тој во текстот Марко 1,7.8 зборува за Оној што ќе дојде по него и кој е поголем од него. Неговата изјава дека не е достоен да му ги одврзе врвките од сандалите на Оној што доаѓа, открива колку е возвишен Исус во очите на Јован.

# ИСУСОВОТО КРШТЕВАЊЕ

**Прочитајте го текстот Марко 1,9-13. Кој е присутен на Исусовото крштевање, и што се случува тука?**

___

___

Јован го крштава Исуса во реката Јордан, а кога излегол од водата, Тој го гледа небото ширум отворено и Светиот Дух како се спушта од небото над Него во вид на гулаб. Тој, исто така, го слуша Божјиот глас од небото како вели: „Ти си Мојот возљубен Син, Кој е по Мојата волја“ (Марко 1,11).

Овие настани укажуваат на важноста на Исусовото крштевање. Отецот, Синот и Светиот Дух се присутни и заедно го потврдуваат почетокот на Исусовата служба. Важноста на тој настан ќе најде свој одраз во сцената на крстот, прикажана во текстот Марко 15 глава. Многу од истите елементи на настанот ќе се повторат во таа пригода.

Духот го „изведе“ Исуса во пустината. Зборот „изведе“ доаѓа од грчкиот термин *ekballō,* кој вообичаено се користи во Евангелието според Марко за истерување на демони. Присуството на Духот овде ја илустрира силата на Светиот Дух во Исусовиот живот. Господ веќе го започнува патувањето во рамките на својата служба и веднаш се соочува со сатаната. Навестувањето на борбата во таа сцена се огледува во повикувањето на 40 дена на искушение, присуство на диви ѕверови и ангели кои му служат на Исуса.

Невообичаена карактеристика на воведната сцена во евангелието според Марко е тоа што Исус е претставен како личност која поседува и божествена и човечка природа. Од божествена страна: Тој е Христос, Месија (Марко 1,1), Господ кој бил најавен од гласник (Марко 1,2.3), помоќен од Јован (Марко 1,7), возљубен Син над кого се спушта Духот (Марко 1,10.11). Но од човечка страна го гледаме следново: Јован него го крштава (а не обратно, Марко 1,9), бил воден од Духот (Марко 1,12), искушуван од сатаната (Марко 1,13), престојувал меѓу ѕверови (Марко 1,13) и Му служеле ангели (Марко 1,13).

За што служат овие контрасти? Тие ни укажуваат на прекрасната реалност на Христос, кој е наш Господ и Спасител, наш Бог, а во исто време и човечко суштество, наш брат и наш пример. Како целосно да ја разбереме таа мисла? Ние, впрочем, и не можеме. Но ја прифаќаме со вера и се чудиме на она што ни го открива таа вистина за Божјата љубов кон човештвото.

**Што ни кажува за Божјата чудесна љубов тоа што Исус, иако Бог, ја зел на себе нашата човечка природа за да нè спаси?**

# ЕВАНГЕЛИЕ СПОРЕД ИСУС

**Прочитајте го текстот Марко 1,14.15. Кои се трите дела на евангелската порака што ја објавувал Исус?**

___

Марко овде ја сумира едноставната и директна порака на Исус. Нејзините три дела се илустрирани во следната табела:

| Категорија: | Содржина: |
|---|---|
| Временско пророштво | Времето се навршило. |
| Заветно ветување | Божјето царство е близу. |
| Повик на учеништво | Покајте се и верувајте во евангелието. |

Временското пророштво, на кое се повикува Исус, е пророштвото за 70 седмици од текстот Даниел 9,24-27. Тоа пророштво го наоѓа своето исполнување во Исусовото крштавање, кога бил помазан со Светиот Дух и кога ја започнал својата служба (Дела 10,38). Тоа неверојатно пророштво за 70 седмици е прикажано на следнава табела:




Во ова пророштво еден ден означува една година (4. Мојсеева 14,34; Езекиел 4,6). Пророштвото започнало во 457 пред н. е. со декрет издаден од страна на Артаксеркс, царот на Персија, со што било довршено делото на обнова на Ерусалим (видете Езра 7).

Шеесет и деветте пророчки седмици се протегаат до 27 од н. е., односно до времето кога Исус бил крстен и помазан со Светиот Дух на почетокот на неговата служба.

Неговото распнување се случило три и пол години подоцна.

Конечно, седумдесетте седмици завршиле во 34. год. од н. е., кога Стефан бил каменуван и евангелието почнало да им се проповеда на незнабошците, како и на Евреите.

**Кога последен пат сте го проучувале пророштвото за 70 седмици? Како може знаењето за тоа пророштво да придонесе за зајакнување на вашата вера, не само во Исуса туку и во веродостојноста на пророчката Реч?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте го поглавјето „Глас во пустината“ од книгата *Копнежот на вековите,* стр. 97-108 ориг., и поглавјето „Весници на Евангелието“ од книгата *Делата на апостолите*, стр. 166-176 ориг. од Елена Г. Вајт.

Колку восхитува фактот што текстот Откровение 14,6.7, веста на првиот ангел, е паралелна со Исусовата евангелска порака од текстот на Марко 1,15.

Првиот ангел во последните денови му ја носи пораката на вечното евангелие на овој свет за да се подготови за Второто доаѓање. Исто како и Исусова порака, евангелието на ангелот за последното време ги има истите три елементи, како што е илустрирано на табелата подолу:

| **Марко 1:** | **Категорија:** | **Откровение 14:** |
|---|---|---|
| Времето е навршено (Даниел 9) | Временско пророштво | Часот на судот (Данило 7, 8) |
| Царството е близу. | Заветно ветување | Вечно евангелие |
| Покајте се, верувајте. | Повик на учениство | Бојте се од Бога, дајте Му слава, поклонете Му се. |

Пораката на првиот ангел го најавува почетокот на предадвентниот суд, предвиден во пророштвото за 2300 дена од текстот Даниел 8,14, а кое започнало во 1844 година. Тој суд го носи Божјето царство на Неговиот прогонет народ (Даниел 7,22). Повикот на првиот ангел да се боиме од Бога, да го славиме и да го обожаваме претставува повик на учениство, упатен до овој свет во последните денови, кога ѕверовите од Откровение 13 ќе претстават еден лажен бог како оној од кого треба да се плашиме и кого треба да го славиме и обожаваме.

Како што Исусовата порака во текстот Марко 1 глава е тесно поврзана со пророштвата на Даниел и со почетокот на објавувањето на евангелието, така и пораката на првиот ангел е поврзана со книгата на пророкот Даниел на крајот од историјата на Земјата.

**ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР**

**1. Споредете ги и забележете ги сличностите и разликите меѓу Јован Крстителот и Исуса во текстот Марко 1,1-13. Кои посебни поуки ги извлекувате од начинот на кој тие се претставени?**

**2. Размислете за значењето на крштевањето. Прочитајте ги текстовите Римјаните 6,1-4 и Јован 3,1-8 и споредете ги со Исусовото крштавање во текстот Марко 1,9-13. Кои паралели и спротивности ги забележувате? Како тоа ви помага појасно да го разберете значењето на смислата на крштевањето?**

**3. Споредете го Исусовото евангелие во текстот Марко 1,14.15 и пораката на првиот ангел од текстот Откровение 14,6.7. Како разбирањето на тие пораки ви помага подобро да ја согледате вашата мисија за денешно време?**

**Лекција 2**
**6 - 12 јули 2024**

# ЕДЕН ДЕН ВО ИСУСОВАТА СЛУЖБА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Марко 1,16-45; Јован 1,29-42; Марко 5,41; Лука 6,12; 3. Мојсеева 13**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И Исус им рече: ’Врвете по Мене и Јас ќе направам да станете рибари на луѓе!‘“ (Марко 1,17).**

Секое евангелие на посебен начин го прикажува почетокот на Исусовата служба.

Матеј го прикажува Исуса како ги повикува учениците, а потоа ја држи Проповедта на гората.

Лука ја раскажува за Исусовата инаугуративна во сабота во синагогата во Назарет.

Јован се присетува на повикувањето на првите ученици и на свадбата во Кана, кога Исус го извел својот прв *знак.*

Евангелието според Марко зборува за повикувањето на четворица ученици, а потоа ја опишува саботата во Капернаум и она што следело потоа.

Таа „сабота со Исуса“, на почетокот на евангелието според Марко, му дава на читателот навестување кој е Исус. Во целиот дел што го проучуваме во текот на оваа седмица, забележани се многу малку зборови на Исус – краток повик да се биде ученик, заповед на демон, план да се посетат други области и да се излечи лепрозниот, со упатство да му се покаже на свештеникот да за да се исчисти. Нагласокот е ставен на дејствувањето, особено на лекувањето на луѓето. Писателот на ова Евангелие сака да го користи зборот *веднаш* за да го илустрира брзиот редослед на потезите во Исусовата служба.

## „ВРВЕТЕ ПО МЕНЕ“

**Прочитајте го текстот Марко 1,16-20. Кои биле луѓето што Исус ги повикал да бидат Негови ученици, и каков бил нивниот одговор?**

___

___

Текстот Марко 1 не бележи многу зборови на Исус. Меѓутоа, во стихот Марко 1,17 ги читаме Неговите зборови упатени до двајца рибари, Симон, кој подоцна ќе се вика „Петар“, и до неговиот брат Андреј. Тие двајца стоеле крај брегот на Галилејското Море и фрлале мрежи.

Не се спомнува никаков чамец ниту друга рибарска опрема, што сугерира дека тие двајца не биле баш во најдобра материјална положба. Во текстот Марко 1,19.20 гледаме дека Јаков и Јован се наоѓаат во чамец со нивниот татко и со слугите, што сугерира дека тие подобро стоеле финансиски од Петар и Андреј. Меѓутоа, Лука укажува дека Петар сепак имал чамец и дека Јаков и Јован, всушност, биле партнери на Петар и Андреј (видете Лука 5,1-11). Можно е во Евангелието според Марко да е нагласен контрастот меѓу овие два пара браќа, за да се илустрира тоа дека Исус ги повикувал да бидат ученици и оние со помалку и оние со повеќе ресурси.

Исусовиот повик до тие луѓе бил едноставен, директен и пророчки. Тој ги повикува да Го следат, односно да станат Негови ученици и спомнува дека, ако одговорат на Неговиот повик, Тој ќе ги направи ловци на луѓе.

**Размислете зошто тие луѓе веднаш (Марко 1,16-20) оставиле сè и тргнале по Исуса.**

___

Евангелието според Јован дополнително ја комплетира таа слика (видете Јован 1,29-42). Очигледно, тие браќа биле следбеници на Јован Крстител и ја слушнале објавата дека Исус е „Јагнето Божјо кое ги зеде гревовите на светот“ (Јован 1,29). Тие го запознале Исуса и поминале извесно време со Него покрај реката Јордан. Според тоа, нивното прифаќање на Исусовиот повик за служба не било некаква лекомисленост ниту авантуризам. Тие добро промислиле околу тоа.

Но, зошто Марко не наведува повеќе детали за тоа? Веројатно за да ја нагласи Исусовата моќ. Тој повикува, рибарите спремно ќе се оѕвијат, и нивниот живот, како ни самиот овој свет, никогаш повеќе нема да бидат исти.

**Од што сте повикани да се откажете за да го следите Исуса? (Размислете за импликациите на својот одговор, особено ако не можете да се сетите на ништо.)**

## НЕЗАБОРАВНО БОГОСЛУЖЕНИЕ

**Прочитајте го текстот Марко 1,21-28. Кој незаборавен настан се одиграл во синагогата во Капернаум, и кои духовни вистини можеме да ги преземеме од тој извештај?**

___

Повеќето христијани имале неколку незаборавни моменти во нивното христијанско одење: одлука да го следат Христа, денот на нивното крштавање, некоја моќна проповед за време на која длабоко го почувствувале Божјото присуство. Некои од тие моменти не се само незаборавни, туку имаат и моќ да ни го променат животот.

И ова искуство во Капернаум таа сабота, опишано во текстот на Марко 1, можело да биде такво за некои луѓе. „Зашто ги учеше како Оној, Кој има власт, а не како книжниците" (Марко 1,22). Додека Исус поучувал, еден опседнат човек, несомнено под влијание на силата на Неговите зборови, извика: „Ах! Што имаме ние со Тебе, Исусе Назарејче? Дали дојде да нè погубиш? Знам Кој си Ти: Божји Светец!" (Марко 1,24), и Исус го истерал демонот од него.

**Размислете за импликациите на тие зборови што ги изговорил демонот.**

___

Прво, демонот го препознава Исуса како Оној кој е „Божји светец". Тој признава дека Исус е Божјиот свет пратеник, спротивно на нечистата, несвета сатанска војска. Човек, во контекст на богослужението, би очекувал да го види само она што е свето, а не нешто несвето и нечисто. Оттука, во оваа сторија можеме да забележиме остра спротивност меѓу силите на доброто и силите на злото. Тука можеме да ја видиме реалноста на големата борба. Луѓето сè уште не знаеле кој е Исус, но демонот несомнено знаел и јавно го признал тоа.

Потоа, разбирливо е зошто му заповедал на демонот да излезе од човекот, но зошто заповедта: „Молкни"? Почнувајќи од овде, во Евангелието според Марко се јавува еден интересен мотив – Исусовиот повик на молчење во поглед на тоа кој е Тој. Научниците ова го нарекуваат „месијанска тајна".

Тој Исусов повик на молчење има смисла, со оглед на политичкиот призвук на месијанските очекувања во Негово време. Ризично било да се биде Месија. Сепак, тие повици за молчење биле помешани со непогрешливи откритија за тоа кој е Исус. Но она што станало особено јасно со текот на времето бил фактот дека Исусовиот идентитетот не може да се скрие, и вистината за тоа кој е Тој станала средиште на евангелската порака. На народот му било потребно не само да дознае кој е Исус, туку и да се определи како да реагира на Неговото доаѓање и да сфати какво значење има тоа за нив.

**Додека настојуваме да им сведочиме на другите, во кои ситуации би било мудро да не им кажеме баш сè што веруваме во поглед на „сегашната вистина"?**

## ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА САБОТНАТА СЛУЖБА

**Прочитајте го текстот Марко 1,29-34. Како Исус му помогнал на семејството на Петар и кои духовни поуки можеме да ги извлечеме од тој извештај?**

___

По извонредната служба во синагогата, Исус се повлекува со својата мала група ученици (Петар, Андреј, Јаков и Јован) во домот на Петар, очигледно со намера остатокот од саботниот ден да го поминат во дружење и заеднички ручек.

Но забележете ја грижата што се надвила над таа сцена – бабата на Петар се разболела и добила треска, што во тоа време значело дека можеби ќе закрепне, а можеби и ќе умре. Но Исус, откако бил известен за таа болест, ја фатил за рака бабата на Петар и ја подигнал. А потоа таа веднаш почнува да им служи. Колку моќен пример за начелото дека оние што Исус ќе ги исцели и спаси треба, за возврат, да им служат на другите!

Во Евангелието според Марко често се случува Исус да исцели болни луѓе така што ги допира (видете Марко 1,41; Марко 5,41), а сепак, во други случаи, допирот не се споменува (видете Марко 2,1 -12; Марко 3,1-6; Марко 5,7-13).

Но Исусовата служба тој ден сѐ уште не била завршена. По зајдисонце многумина дошле во домот на Петар очекувајќи исцелување, несомнено поттикнати од она што го виделе или го слушнале во синагогата тој ден. Фактот што писателот на ова Евангелие не нагласува дека луѓето дошле подоцна затоа што чекале да заврши саботата, укажува на тоа дека тој очекувал од своите читатели да знаат што претставува саботата. Оваа карактеристика на евангелието според Марко е во согласност со претпоставката дека неговите читатели ја почитувале саботата.

Марко вели дека целиот град се собрал кај портата таа вечер (Марко 1,33). На Исуса му требало доста време за да им помогне на сите тие луѓе.

„Постојано доаѓале и си заминувале, зашто никој не знаел дали утрешниот ден ќе го затече Исцелителот меѓу нив. Никогаш порано Капернаум не бил сведок на таков ден. Воздухот бил исполнет со гласови на победа и со извици на ослободување. Спасителот бил радосен во радоста што ја разбудил. Додека бил сведок на страдањата на тие што доаѓале кај него, неговото срце било поттикнато со сочувство и се радувал што можел со својата сила да им го поврати здравјето и среќата.

Исус не престанал да работи сѐ додека и последниот страдалник не бил излекуван. Ноќта веќе поодминала кога мноштвото се повлекло и мир се спуштил врз домот на Симона. Долгиот возбудлив ден поминал и Исус побарал мир. Меѓутоа, додека градот уште бил во сон, Спасителот ‘изутрината мошне рано стана и излезе, и отиде на осамено место и таму се молеше на Бога’“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 259 ориг.).

## ТАЈНАТА НА ИСУСОВАТА СЛУЖБА

**Прочитајте го текстот Марко 1,35-39. Кои важни поуки можат да се извлечат од она што го направил Исус овде?**

___

___

Исус станал пред зори и отишол на тивко, осамено место да се моли. Стихот Марко 1,35 ја нагласува молитвата како фокус на Исусовото дејствување. Сите други глаголи во таа реченица се во свршен вид – Тој „стана“, „излезе“ и „отиде“ (во грчкиот јазик сите се во аорист, што укажува на довршеност на дејството). Меѓутоа, глаголот „се молеше“ е во несвршена форма, што се користи за означување, особено во овој случај, процес што трае. *Тој се молел и продолжувал да се моли.* Текстот исто така нагласува колку било рано кога Исус излегол надвор, што укажува дека неговото време за молитва насамо траело доста долго.

Во сите евангелија го среќаваме Исуса како човек од молитва (видете Матеј 14,23; Марко 6,46; Јован 17). Тоа, очигледно, била една од клучните тајни, кога станува збор за силата што се пројавувала за време на Неговата служба.

**Прочитајте го текстот Лука 6,12. Што нѐ учи ова за молитвениот живот на Исус?**

___

Многу христијани одвојуваат за себе посебно време за молитва. Тоа е добар и правилен обичај, но и тој може да се претвори и во рутина, во нешто што се прави без многу размислување. Еден начин да се разбие воспоставениот образец е повремено да се менува времето за молитва или да се молиме малку подолго од вообичаеното. Поентата не е да се ограничиме себеси на некаква формула која никогаш не се менува.

Петар и неговите пријатели не му се придружиле на Исуса на Неговото место за молитва. Сепак, тие веројатно знаеле за тоа место, бидејќи на крајот таму и го нашле. Нивната забелешка дека сите го бараат Исуса, подразбирало дека Тој требал да продолжи со возбудливото искуство од претходниот ден, со уште повеќе исцелувања и поучувања. Но, за чудо, Исус не се согласува со тоа и им го свртува вниманието кон пошироко поле на служба во други области: „И им одговори: ‘Да одиме: во соседните села, да проповедам и таму, зашто затоа и излегов’“ (Марко 1,38).

**Ако сам Исус имал потреба да поминува толку многу време во молитва, што можеме да кажеме за нас? Колку време ние треба да поминуваме во молитва? Што ни кажува Исусовиот пример за тоа?**

## УМЕЕТЕ ЛИ ДА ЧУВАТЕ ТАЈНА?

**Прочитајте го текстот Марко 1,40-45. Што нѐ учи ова во врска со Исуса и Неговиот однос спрема луѓето на маргините на општеството?**

---

Лепрата или губата опишана во овој пасус, како и во целиот Стар завет, не се однесува само на она што денес е познато како Хансенова болест (лепра во вистинска смисла на зборот). Тој библиски израз би бил подобро преведен како „страшна кожна болест“, а можел да се однесува и на други кожни болести. Хансеновата болес стигнала до древниот Блиски Исток околу третиот век од нашата ера (видете: Дејвид П. Рајт и Ричард Н. Џонс, „Лепра“, *The Anchor Bible Dictionary*, том 4 [Њу Јорк: Doubleday, 1992], стр. 277-282). Според тоа, лепрозниот споменат во овој пасус навистина можел да има Хансенова болест, иако не знаеме со сигурност од што страдал, туку само дека се работи за нешто лошо.

Меѓутоа, овој лепрозен ја положил својата вера во Исуса и Неговата моќ да го очисти. Според текстот 3. Мојсеева 13, тој бил ритуално нечист и морал да избегнува контакт со другите (видете 3. Мојсеева 13,45.46).

Исус, од своја страна, се сожалил на тој човек и го допрел. „И му се смили, ја протегна раката и го допре и му рече: „Сакам! Биди чист!” (Марко 1,41). Оваа постапка требало да го направи Исуса нечист до вечерта, кога се очекувало да се искапе за да биде повторно ритуално чист (споредете со 3. Мојсеева 13-15). Но, Марко јасно тврди дека Исусовиот допир го очистил болниот од неговата лепра. Според тоа, Исус не станал нечист кога го допрел.

Исус потоа го испраќа тој човек кај свештеникот, упатувајќи го да ја принесе жртвата што ја пропишал Мојсеј за такви случаи во текстот 3. Мојсеева 14. Низ целото Евангелие според Марко, Исус се поставува како бранител и застапник на она за што учел Мојсеј (видете Марко 7,10; Марко 10,3.4; Марко 12,26.29-31). Таквиот став е во остра спротивност со ставот на верските водачи, кои во 7., 10. и 12. глава од евангелието според Марко ја извртуваат првобитната смисла на учењата дадени преку Мојсеј. Тие детали ја објаснуваат Исусовата заповед во Марко 1,44, со која тој се обидува да го замолчи овој човек. Неговото кажување за тоа како Исус го излекувал, можело да предизвика пребрза одлука на свештениците кои имале предрасуди кон Исуса.

Меѓутоа, очистениот лепрозен очигледно не го разбрал тоа и не ја послушал Исусовата заповед, туку ја раширил веста надалеку, па затоа Исус не можел отворено да влезе во градовите за да ја извршува својата служба.

**Зошто мораме да се грижиме да не правиме ништо што би можело да го попречи ширењето на евангелието, колку и да се добри нашите намери?**

# ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Копнежот на вековите* од Елена Г. Вајт, прочитајте ги поглавјата со наслов „Во Капернаум“ и „Ако сакаш, можеш да ме очистиш“, стр. 252-266 оригинал.

Каква слика на Исус ни прикажува 1. глава од Евангелието според Марко? Исус има овластување да ги повика учениците и тие да одговорат. Тој е свет, наспроти нечистите духови под власта на сатаната. Голема битка се одвива меѓу доброто и злото, при што Исус покажува дека има поголема моќ од демоните. Исус има сочувство кон болните и им помага, допирајќи ги дури и оние што веројатно никој друг не би го сторил тоа.

„Во синагогата Исус зборувал за царството што дошол да го основе и за својата задача да ги ослободи робовите на сатаната. Бил прекинат со крик на ужас. Еден умоболен истрчал меѓу луѓето извикнувајќи: 'Што имаме ние со тебе, Исусе Назареќанецу? Дојде ли да нè погубиш? Знам кој си ти, Божји светец' (Марко 1,24).

Настанал општ метеж и забуна. Народот го одвратил вниманието од Христа и од неговите зборови. Тоа била целта на сатаната заради која ја довел својата жртва во синагогата. Меѓутоа, Исус го укорил демонот, велејќи: 'Молкни и излези од него. И нечистиот дух го стресе, извика со силен глас и излезе од него'... Оној што го победил сатаната во пустината на искушението, повторно се нашол лице в лице со својот непријател. Лошиот дух ја покажал сета сила за да ја задржи власта над својата жртва. Да се загуби почвата значело да му се препушти победата на Исуса. Се чинело дека измачуваниот човек ќе мора да го загуби животот во борбата со непријателот кој го уништил неговиот мажевен период. Меѓутоа, Спасителот проговорил со авторитет и го ослободил заробеникот“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 255, 256 оригинал).

Во меѓувреме, нашиот Господ ревносно ја извршувал својата служба, патувајќи од место до место, речиси непрестајно во контакт со многу луѓе. Како Тој успевал да одржи смирен и стабилен пристап кон службата и луѓето? Несомнено, тој можел благодарение на своето секојдневно искуство на молитва.

Размислете за тоа што би функционирало најдобро за вас кога станува збор за времето за молитва и проучување на Светото писмо. Најдете го она што ви одговара и одвојте го тоа време за да развиете смирен дух, воден од Божјиот Дух и Неговата Реч.

**ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР**

**1. Разговарајте во класата за прашањето на молитвата и за тоа зошто таа е толку важна во христијанскиот живот. Какви сомнежи имаат луѓето за смислата и ефективноста на молитвата?**

**2. Разговарајте во класата кога би било најдобро да не зборуваме премногу за нашата вера. Кога е разумно да постапиме така, и како, во тој случај, да не го компромитираме нашето сведочење?**

**3. Кои се „лепрозните“ во вашата култура денес? Како може вашата црква да досегне до овие поединци и да ги „допре“ за да им го пренесе евангелието?**

**Лекција 3**
**13 – 19 јули 2024**

# ПОЛЕМИКИ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Марко 2,1-3,6; Михеј 6,6-8; 1. Самоилова 21,1-6; Марко 3,20-35; Лука 12,53; Лука 14,26.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И им рече: ’Саботата е воспоставена заради човекот, а не човекот заради саботата. Така, Човечкиот Син е Господар и на саботата‘“ (Марко 2,27.28).**

Текстот Марко 2,1-3,6 содржи пет стории кои ја илустрираат спротивноста меѓу Исусовото учење и учењата на верските водачи. Тие стории се претставени според посебен образец, каде што секоја наредна парабола, базирана на тематски паралели, се надоврзува на претходната. И тогаш последната сторија прави круг и се надоврзува на првата.

Секоја од тие стории прикажува одредени аспекти на Исусовиот идентитет, што е илустрирано со изјавите во стиховите Марко 2,10.17.20.28. Во проучувањата предвидени за недела, понеделник и вторник, ќе навлеземе подлабоко во значењето на тие извештаи и на Христовите изјави во нив.

Текстот Марко 3,20-35 ќе биде предмет на нашето проучување во среда и четврток.

Она што исто така ќе го видиме е пример на техниката на писателот на ова евангелие, наречена „сендвич-стории“. Овој наративен образец се појавува најмалку шест пати во Евангелието според Марко. Во секој од овие случаи во фокусот се наоѓа некој важен аспект од Исусовата природа, Неговата улога како Месија или природата на учеништвото.

Оваа седмица ќе прочитаме некои извештаи за Исуса и ќе разгледаме што можеме да научиме од нив.

## ИСЦЕЛУВАЊЕ НА ФАТЕНИОТ ЧОВЕК

**Прочитајте го текстот Марко 2,1-12. Што очекувал тој парализиран човек кога го донеле кај Исуса, и што примил?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Човекот бил парализиран, така што четворица негови пријатели морале да го однесат до Исуса. Откако го пробиле кровот и го спуштиле пред Исуса, во Марко 2,5 се вели дека Исус ја видел нивната вера. Како може верата да биде видлива? Како и љубовта, таа станува видлива преку делата, а упорноста на пријателите на овој човек јасно го илустрира тоа.

Потребата на овој човек очигледно била од физичка природа. Меѓутоа, кога се нашол во присуство на Исус, првите зборови што ги кажува Исус се однесуваат на простување на гревовите. Самиот човек не кажува ниту збор во текот на целиот настан. Наместо тоа, верските водачи се тие кои протестираат (во нивните мисли) за она што Исус штотуку го рекол. Тие ги доживуваат Неговите зборови како богохулење, клеветење на Бога и узурпирање на прерогативи кои му припаѓаат само на Бога.

Исус се соочува со нивните приговори на нивен терен, користејќи типично рабински стил на аргументирање наречен *„од помало кон поголемо“*. Едно е да се *каже* дека некому гревовите му се простени, а друго е да се направи парализиран човек да прооди. Ако Исус можел со Божја сила да направи тој човек да прооди, тогаш Неговото тврдење дека простува гревови ја добива својата потврда.

**Прочитајте го текстот Михеј 6,6-8. На кој начин тој текст го објаснува она што се случило меѓу Исуса и овие водачи?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Овие верски водачи го изгубиле од вид она што навистина е важно: правдата, милоста и понизно одење пред Бога. И така, опседнати со одбраната на сопственото разбирање за Бога, тие биле слепи за Божјото дејствување што се одвивало директно пред нивните очи. Нема никакви показатели дека тие го промениле своето мислење за Исуса, иако Тој им пружил доволно докази дека доаѓа од Бога. Зашто, не само што им ставил до знаење дека може да ги чита нивните мисли (што само по себе не е занемарлив подвиг), туку и парализираниот човек го исцелил во нивно присуство на начин што тие не можеле да го побијат.

**Како можеме да ја избегнеме истата стапица во која западнале овие луѓе - да бидеме толку опседнати со верските форми, да го изгубиме од вид она што е навистина важно во вистинската религија (видете Јаков 1,27)?**

## ПОВИКУВАЊЕТО НА ЛЕВИЈ И ПРАШАЊЕТО ЗА ПОСТОТ

**Прочитајте го текстот Марко 2,13-22. Кој бил Левиј, синот на Алфеј, и зошто можело да се даде приговор тој да стане Исусов ученик?**

---

Даночниците (цариниците) во времето на Исус биле државни службеници под некоја локална, или директно под римска власт. Тие биле непопуларни кај еврејскиот народ затоа што често земале повеќе отколку што се барало од нив, и така се богателе на сметка на нивните сонародници. Во еден еврејски коментар на верски закони (*Mishna tractate Tohoroth)* пишува: „Ако оние што собираат данок влезат во куќа, сите што се внатре во неа стануваат нечисти...“

Според тоа, не е чудно што книжниците и фарисеите прашале со неодобрување: „Зошто Тој со цариници и грешници јаде и пие?”

Како одговорил Исус на нивното прашање? Тој не го отфрла, туку го превртува наопаку, истакнувајќи дека на болни, а не на здрави луѓе на кои им треба лекар. Со ова, Тој ја презема титулата духовен лекар, оној кој може да исцели душа болна од гревот. А зар лекарот не треба да оди таму каде што се болните?

Текстот Марко 2,18-22 започнува нова тема. Таа е централна во овие пет стории кои се занимаваат со полемиката меѓу Исуса и верските водачи. Додека во претходниот дел станува збор за гозба што ја подготвил Левиј, следната сторија се однесува на прашањето за постот. Во неа се поставува прашањето зошто Исусовите ученици не постат како учениците на фарисеите и на Јован Крстител. Исус одговара со илустрација или парабола во која го споредува своето присуство со свадбена свеченост. Би било крајно необично сите гости на некоја свадба да постат. Меѓутоа, Исус предвидува дека ќе дојде денот кога младоженецот ќе биде одведен, јасна алузија на крстот. Тогаш ќе има доволно време за пост.

Исус продолжува со две илустрации кои ја нагласуваат спротивноста меѓу Неговите учења и учењата на верските водачи – параболата за нова крпа на стара облека и за ново вино во стари мевови. Колку интересен начин на кој се споредуваат Христовите учења и учењата на верските водачи. Тоа покажува колку верските учители застраниле од вистинските патишта. Дури и вистинската религија може да се претвори во темнина ако луѓето не внимаваат.

**Кои се оние на кои денес би можело да се гледа како што се гледало на даночниците во времето на Исус? Како можеме да изградиме урамнотежено мислење за нив?**

## ГОСПОДАР НА САБОТАТА

Во текстот Марко 2,23.24, фарисеите ги обвинуваат учениците за кршење на саботата. Според еврејската традиција, во сабота биле забранети 39 видови на работа, што, според мислењето на фарисеите, го опфаќало и она што го работеле учениците.

**Прочитајте го текстот Марко 2,23-28. Како Исус се спротивставува на обвинувањата што ги изнесуваат фарисеите?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Исус одговара со сторијата за тоа како Давид јадел посветени лебови (1. Самоилова 21,1-6). Посветените лебови биле отстранувани во сабота, така што Давид веројатно бил во итно бегство што се одгирало во сабота. А ако било оправдано тоа што Давид и неговите луѓе јаделе посветени лебови, тврди Исус, тогаш е оправдано и тоа што Неговите ученици кинеле класје за да јадат.

Исус понатаму спомнува дека саботата е направена за доброто на човештвото, а не обратно, и дека основата за тоа Негово тврдење е токму таа што Тој е Господар на саботата.

**Прочитајте го текстот Марко 3,1-6. Како тој наратив го илустрира Исусовиот заклучок дека саботата е создадена поради човекот?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Исус повторно доаѓа во судир со верските водачи во врска со саботата. (Меѓутоа, забележете дека самиот саботен ден никогаш не бил доведен во прашање.) Тие планираат да го обвинат Исуса ако исцелува во сабота. А Исус, пак, не се колеба да се соочи со нив. Тој прави разлика меѓу тоа да се прави добро и да се прави зло, меѓу спасувањето и одземањето живот. Одговорот на Неговото прашање е очигледен – правењето добро и спасувањето животи се многу посоодветни како саботни активности.

Исус продолжува да го лекува човекот, а тоа ги налутило Неговите противници, кои веднаш почнуваат да планираат да го убијат. Иронијата на оваа сторија е дека оние кои гледаат да го фатат Исуса како ја прекршува саботата, всушност самите ја кршат саботата со заговор против Него токму во тој ден.

**Кои принципи во врска со држењето на саботата можете да ги преземете од тие извештаи, и со какви предизвици се соочуваме ние, во ова модерно време, кога станува збор за држењето на саботата?**

## СЕНДВИЧ-СТОРИЈА (1 ДЕЛ)

**Прочитајте го текстот Марко 3,20-35. Каква врска гледате меѓу двете испреплетени стории во овој исечок?**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Овој исечок ја претставува првата „сендвич-сторија“ во Евангелието според Марко – една сторија започнува, а потоа се прекинува со друга, за да биде завршена дури подоцна.

Надворешната сторија е во врска со Исусовите роднини кои решиле да ја преземат грижата за Него, бидејќи мислат дека Тој го изгубил умот (Марко 3,21). Внатрешната сторија е за учителите на законот од Ерусалим, кои го обвинуваат Исуса дека е во сојуз со ѓаволот. (Денешната лекција се фокусира на внатрешната сторија што ја наоѓаме во текстот Марко 3,22-30)

Во стихот Марко 3,22 учителите на законот изнесуваат обвинување дека Исусовата исцелувачка моќ доаѓа од ѓаволот. Исус најпрво одговара така што им поставува општо прашање: „Како може сатаната да го истерува сатаната?“ Не би имало смисла сатаната да работи против себе. Потоа Тој продолжува да зборува за поделба внатре во царството, домот и на самиот сатана, укажувајќи дека таквата поделба би била апсурдна и фатална за нивниот успех. А тогаш Господ ја менува темата и зборува за врзување на силен човек за да му го ограбат домот. Во овој последен пример, Исус е „крадецот“ кој влегува во сатанскиот дом, го врзува кнезот на темнината и ги ослободува неговите заробеници.

**Прочитајте Марко 3,28-30. Што е непростлив грев и што значи тој?**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Непростливиот грев е грев против Светиот Дух, при што делата на Духот се прогласуваат за ѓаволски дела. Забележете дека во стихот Марко 3,30, како причина за Исусовото тврдење од текстот Марко 3,28. 29, се наведува дека учителите на законот говореле дека во Него има нечист дух, додека во Него всушност бил Светиот Дух. Ако дејствувањето на Светиот Дух го нарекувате дело на ѓаволот, тогаш нема да го слушате Духот, затоа што никој со здрав разум не би го следел ѓаволското водство.

**Зошто стравот дека можеби сте направиле „непростлив грев“ открива дека, всушност, не сте го направиле? Зошто и самиот тој страв е доказ дека не сте го направиле тоа?**

## СЕНДВИЧ-СТОРИЈА (2 ДЕЛ)

**Прочитајте го текстот Марко 3,20.21. Кое искуство го натерало Исусовото семејство да помисли дека Тој не бил при Себеси?**

---

Обвинението за ментална нестабилност е доста сериозно. Обично до неа се доаѓа во ситуации кога едно лице претставува закана за сопствената безбедност. Исусовото семејство го помислило истото за Него, бидејќи бил толку зафатен што немал време да застане дури ни да јаде. Тие решаваат сами да ја преземат грижата за Него и токму тогаш се прекинува надворешната сендвич-сторија и се вметнува настанот со учителите на законот, кои го обвинуваат Исуса дека е во сојуз со ѓаволот.

Во тој „сендвич“ постои необична паралела меѓу надворешната и внатрешната сторија. Се чини дека мислењето што Исусовото семејство го има за Него е паралелно со мислењето на учителите на законот. Семејството вели дека тој е безумен, а учителите на законот велат дека се здружил со ѓаволот.

**Прочитајте го текстот Марко 3,31-35. Што сака семејството на Исус, и како Тој одговара на тоа?**

---

Таа сцена делува малку необична. Кога вашата мајка или други членови на семејството би дошле да ве видат, зар не би требало да се сретнете со нив? Проблемот бил во тоа што Исусовото семејство тогаш не постапувало во согласност со Божјата волја. Исус го препознал овој факт и затоа Тој го редефинира семејството во овој пасус. Оние што ја извршуваат Божјата волја се Негови браќа, сестри и мајка. Тој е Божји Син, а оние што се усогласуваат со Божјата волја стануваат Негово семејство.

Овие две сендвич-стории, набљудувани заедно, содржат длабока иронија. Во внатрешната сторија, Исус вели дека домот поделен сам против себе не може да опстане. На прв поглед се чини дека во надворешната сторија Исусовиот дом и неговото семејство се поделени сами против себе! Меѓутоа, Исус го решава тоа прашање на тој начин што го редефинира семејството. Негово вистинско семејство се оние кои ја вршат Божјата волја заедно со Него (видете: Лука 12,53; Лука 14,26).

**Многупати низ историјата христијаните биле отуѓени од сопствените роднини. Тоа е тешко искуство. Овој пасус од Евангелието според Марко открива дека и сам Исус поминал низ иста таква мака. Тој разбира како изгледа тоа и може да ги утеши оние кои страдаат од таквата, честопати многу болна, изолација.**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Копнежот на вековите* од Елена Г. Вајт прочитајте ги поглавјата со наслов „Левит-Матеј“, стр. 272-280 (оригинал) и „Сабота“, стр. 281-289.

„Кога го прашале: ‘Дозволено ли е во сабота да се лекува?’ Исус одговорил: ’Има ли некој меѓу вас кој не би ја прифатил и не би ја извадил својата единствена овца кога таа би паднала во јама во сабота? А колку повеќе вреди човекот од овцата? Значи, во сабота е дозволено да се прави добро‘ (Матеј 12,10-12).

Шпионите не се осмелувале да му одговорат на Христа во присуство на мноштвото од страв да не упаднат во тешкотии. Знаеле дека Тој ја зборува вистината. Побргу би дозволиле човек да страда отколку да ги кршат своите преданија, додека животното би го ослободиле поради штетата што би ја претрпел сопственикот ако би било занемарено. На тој начин за немото животно покажувале повеќе грижа отколку за човекот кој е создаден според Божјиот лик. Ова го прикажува дејствувањето на сите лажни религии. Тие потекнуваат од човечкиот копнеж тој да се издигне над Бога, но конечниот резултат е спуштање на човекот под животното. Секоја религија што се бори против Божјето владеење го лишува човекот од славата што ја имал при создавањето и која во Христа повторно ќе му се врати. Секоја лажна религија своите следбеници ги учи немарно да се однесуваат кон човечките потреби, страдања и права. Евангелието му дава голема вредност на човечкиот род откупен со Христовата крв и ги учи на нежно уважување на човековите желби и страдања. Господ кажува: ‘Ќе сторам човекот да вреди повеќе од суво злато, повеќе од злато офирско’ (Исаија 13,12)“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 286, 287 оригинал).

**ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР**

1. **Кои стратегии или обичаи ви помагаат вам и на вашата локална црква да останете осетливи спрема луѓето кои страдаат во тишина, како фатениот човек во текстот Марко 2 глава?**
2. **Размислете колку заслепени од омразата, традицијата, догмите и од религијата воопшто, станале верските водачи во нивното отфрлање на Исуса, кога дури ни Неговите чуда, кои требало да им ги отворат очите, не успеале да го сторат тоа. Како ние, како народ, треба да се грижиме и нам да не ни се случи нешто слично?**
3. **Како би можела вашата локална црква да стане „семејство“ за оние кои се отфрлени од нивните крвни роднини поради нивната вера?**
4. **Размислете уште малку за „непростливиот грев“. Разговарајте во класата што значи тоа и како можеме да бидеме сигурни дека не сме го направиле.**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Лекција 4**
**20 – 26 јули 2024**

# ПАРАБОЛИТЕ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Марко 4,1-34; Јаков 1:,1; Исаија 6,1-13; Псалм 104,12; Даниел 4,10-12.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И им рече: ’Внимавајте што слушате! Со каква мера мерите, со таква ќе ви се мери, и ќе ви се придаде вам, кои слушате. Зашто кој има, ќе му се даде; а кој нема, ќе му се одземе и она што го има‘“ (Марко 4,24.25).**

Во лекцијата за оваа седмица ќе се занимаваме со параболите од 4. глава од Евангелието според Марко. Од сите синоптички евангелија (Матеј, Марко и Лука), Марковото содржи најмалку параболи.

Научниците повеќе години се расправаат за смислата и толкувањето на Исусовите параболи – како тие треба да се толкуваат, кое е нивното значење, зошто Исус ги користел, каква поука требало да пренесат и колку буквално треба да ги сфатиме, односно дали се чисто алегориски итн.

Јасно е дека во оваа лекција нема да ги решиме сите тие сомнежи, но ќе ги разгледаме и, со Божја милост, ќе дојдеме до разбирање за пораката што Исус сакал да ни ја упати преку нив.

Четвртата глава од Марковото евангелие содржи само пет параболи – за сејачот, за светилникот, за мерата според која мериме, за растењето на семето и за синаповото зрно. Поголемиот дел од оваа глава се занимава со параболата за сејачот. Таа е раскажана прва, а потоа се наведува причината за кажувањето во параболи, а потоа се дава и нејзиното толкување. Тој образец од три чекори ќе биде во фокусот на нашето проучување во недела, понеделник и вторник. Останатите параболи ќе ги проучуваме во среда и четврток.

## ПАРАБОЛАТА ЗА СЕЈАЧОТ

**Прочитајте го текстот Марко 4,1-9. Како изгледаат тие различни видови почва и што се случува со семето кога ќе падне на нив?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Кога ги читаат Неговите параболи во Евангелијата, луѓето честопати сакаат брзо да преминат на објаснувањето што го дава Исус. Впрочем, зар смислата на тие приказни не е во тоа да поучат за некоја духовна вистина важна за христијанскиот живот? Да, но понекогаш, освен кратки коментари како „Царството Божјо е слично како“, или „Кој има уши да слуша, нека слуша“, Исус не дава друго објаснување за некоја парабола.

Затоа е добро да запреме и едноставно да ја анализираме самата парабола, за да разбереме на што нè упатуваат различните обележја на нејзиниот наратив. Кога на овој начин пристапуваме кон параболата за сејачот, се јавуваат различни идеи. Семето е исто во секој случај, но паѓа на четири различни видови почва. Значи, видот на почвата во голема мера влијае на тоа што ќе се случи со семето. Наместо една непрекината сторија, параболата всушност содржи четири поединечни, заокружени приказни. А времето потребно за секоја од нив да се изнесе, се продолжува со секоја следна сторија.

Семето што паѓа покрај патот, птиците веднаш го колва. „И кога сееше, едно зрно падна покрај патот, и дојдоа птици и го исколваа“ (Марко 4,4).

Семето што паѓа на каменита почва може да се одржи неколку дена или седмици пред да пропадне, на пример, затоа што сонцето ќе го спржи.

Семето што ќе падне на трнлива почва може да се одржи уште подолго, пред да го достигне својот неславен крај и да биде задушено од трње.

Но семето што паѓа на добра почва, тоа трае најдолго од сите, веројатно целата вегетативна сезона, што е вообичаен образец во процесот на созревање на посевите културите.

Трите параболи зборуваат за неуспех, а само последната зборува за успехот – добар, изобилен принос на жито. Должината на самите параболи, сè подолгиот временски период што секоја од нив го опфаќа, како и фактот дека само една од нив зборува за успех – сето тоа укажува на ризикот од неуспех, но и на обилниот род во случај на успех.

Се чини дека оваа парабола ни го свртува вниманието на цената на ученииштвото и ризиците поврзани со него, но и на богатата награда што ги очекува Исусовите следбеници.

**Кои други духовни поуки можеме да ги најдеме во природата?**

# ИСУСОВОТО ТОЛКУВАЊЕ

Исус завршил со кажувањето на таа парабола, без да даде никакво објаснување на почетокот. А според текстот (Марко 4,1), „многу народ“ го слушал Неговото раскажување. Дури подоцна, пред многу помала група (Марко 4,10), објаснил што значи таа парабола.

**Прочитајте го текстот Марко 4,13-20. Како Исус ја протолкувал параболата за сејачот?**

---

Исус ја толкува параболата на тој начин што ги препознава елементите надвор од приказната кои се претставени со извесен број детали во самата приказна. Неговото толкување укажува дека таа приказна е всушност широка алегорија која упатува на реалниот свет, без нужно да се осврнува на секој поединечен детаљ.

Исус го нарекува семето „слово“ („реч“ или „збор“; заб. на прев.). Тој збор се однесува на Божјата реч, особено кога ја проповеда Исус. Во стихот Јаков 1,21 се вели: „Затоа отфрлете од себе: секаква нечистота, и последниот остаток на злобата, и примете го со кротост во вас насаденото Слово, кое може да ги спаси вашите души.“

Различните почви се различни типови на слушатели. Според Исусовото толкување, сите го слушаат Словото. Односно, семето било посеано на сите видови почви. Но, приемот е различен. Изгазената почва на патот е тврда, а птиците успеваат да го зграпчат семето. Исус го поврзува ова со тоа што сатаната ја прикрива вистината. Камената почва е плитка. Исус ја поврзува со луѓе чие посветување е површно. Тие не ја пресметале цената на учеништвото. Почвата обрасната со трње и плевел, го задушува семето посеано на неа. Исус објаснува дека тоа ги означува животните грижи и стремежот по богатство, кои го задушуваат Словото. А добрата земја ги означува луѓето кои го слушаат Словото и го примаат, така што тоа во нив созрева и дава изобилен род.

Најдолгите објаснувања се однесуваат на камената и трнлива почва. Опишувајќи ги слушателите обележани со камена почва, Исус укажува на некои меѓусебно спротивставени елементи – тие го примаат Словото со радост, но нивното ученишство е краткотрајно. Кога ќе настапи прогонството, тие отпаѓаат. Од друга страна, слушателите опишани со почва обрасната со плевел, се сосема спротивни. Тие не отпаѓаат поради лошите, туку токму поради добрите времиња – нивниот фокус е на работите од овој свет наместо на Божјето царство. Нивните грижи и интереси се фокусираат на она што го нуди овој свет.

**Размислете за својот живот. Дали тоа покажува дека некои карактеристики на изгазената патека, камената или трнливата земја се вовлекуваат во вашето искуство? Тоа може да се случи многу понезабележливо отколку што мислите. Кои одлуки можете да ги донесете за да се промените, доколку е тоа потребно.**

## ПРИЧИНАТА ЗА ЗБОРУВАЊЕ ВО ПАРАБОЛИ

**Прочитајте Марко 4,10-12. Зошто Исус поучувал во параболи?**

____________________________________________________________

Со површно читање на тие стихови се стекнува впечаток дека Исус поучувал во параболи за да ги држи во темнина оние што се надвор од Неговиот најтесен круг. Меѓутоа, таквото гледиште не се совпаѓа со Исусовите постапки опишани на други места во Евангелието според Марко. Во стиховите Марко 3,5.6, Исус жали поради закоравените срца на верските водачи. Во текстот Марко 3,22-30, Тој сериозно ги зема предвид аргументите на учителите на законот и детално им објаснува во што грешат. Во Марко 12,1-12, верските водачи сфаќаат дека параболата за лозарите се однесува на нив. Тоа е, всушност, предупредување каде ги води нивниот заговор против Него и какви страшни последици ќе следат. Кога не би бил заинтересиран за нив, Тој не би ги предупредувал во врска со тоа. Затоа, Исусовите зборови забележани овде, во 4. глава, треба да се разгледаат повнимателно за да сфатиме за што всушност се работи. Исус го парафразира текстот од Исаија 6,9.10.

**Прочитајте Исаија 6,1-13. Што му се случило тука на пророкот Исаија и која порака му била дадена да му ја пренесе на израелскиот народ?**

____________________________________________________________

Исаија добива визија за Бога во Неговиот храм и е обземен од чувството за Божјата слава и сопствената нечистота. Но, Бог го чисти и го испраќа до луѓето со шокантна порака. Како и кај Марко, се добива впечаток дека отстапува од остатокот од Книгата на Исаија, која содржи многу утешни пораки за Божјиот народ.

Пораката во текстот Исаија 6 имала за цел да ги шокира луѓето за да ги разбуди и да ги наведе да се одвратат од нивните зли патишта. Во Евангелието според Марко го наоѓаме клучот за разбирање на Исусовите зборови во стихот Марко 3,35. За да ги разбере Исусовите зборови и учења, човек мора да ја извршува Божјата волја (Марко 3,35). Тоа го воведува таквиот човек во Исусовото семејство. Меѓутоа, оние кои веќе заклучиле дека Исус е *опседнат* од ѓаволот, нема да сакаат да Го слушаат.

Смислата на Исусовото цитирање на зборовите од текстот Исаија 6 глава, не е да каже дека Бог ги држи луѓето надвор од некој свој тесен круг, туку дека нивните сопствени, однапред создадени идеи и тврдоста на срцето ги спречуваат да ја прифатат спасоносната вистина.

**Таа вистина претставува сеопфатна рамка на параболата за сејачот. Секој избира каков вид почва ќе биде. Секој за себе одлучува дали ќе му се предаде на Исуса или не. На крајот на краиштата, изборот е на секој од нас.**

# СВЕТИЛКАТА И МЕРАТА СО КОЈА МЕРИМЕ

**Прочитајте го текстот Марко 4,21-23. Што посебно нагласува Исус во оваа парабола за светилката?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Куќите во тој дел од светот во Исусово време се разликувале по големина и градба, што зависело од локацијата и материјалниот статус. Бил следен грчкиот образец на градење, така што куќите биле ѕидани околу внатрешниот двор, но со различни нивоа на префинетост. А можеби Исус зборувал и за помалите куќи на селаните. Во секој случај, без разлика дали станувало збор за голема или мала куќа, во прашање е ист принцип: еден ден вистината за Исуса ќе биде откриена.

Во текстот Марко 4,21 Исус поставува две прашања. На првото прашање се очекува негативен одговор: „Затоа ли се внесува светилка за да се стави под вршник или под легло?“, додека на второто прашање треба да биде позитивен одговорот: „...а не за да се стави на светилникот?“ Според тоа, Исус тука изнесува едно апсурдно, речиси шеговито сценарио, за да ја нагласи својата мисла. Светилките мора да осветлуваат, или ја изгубат својата намена. Стихот Марко 4,22 ја објаснува оваа парабола со напомена дека сите тајни еден ден ќе станат јавни. Секој на кој му бил хакиран компјутерот или електронската пошта знае што значи тоа кога тајните стануваат јавни! Но она за што Исус зборува овде е евангелието.

**Прочитајте го текстот Марко 4,24.25. На која поука ни го свртува Исус вниманието со параболата за мерата со која се мериме?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Во многу области во светот свежите производи се продаваат на пазарите. Продавачите обично имаат некој уред за мерење на нивната стока. Вообичаена практика на таквите продавачи е да додаваат уште неколку производи на купената стока, со што купувачите имаат чувство дека кон нив се постапува чесно. Според тоа, Исус го привлекува вниманието на тоа како добрите продавачи се однесуваат кон купувачите, за да ја нагласи идејата за отвореност кон вистината. Ако некој е отворен и ја следи светлината, ќе добие уште поголема светлина. Но, ако ја одбие, ќе му се одземе и она малку што го има.

**Како подобро да го разбереме принципот дека ќе ни се мери со мерката со која и самите мериме? Размислете што значи ова кога станува збор за тоа како се однесувате спрема другите во секоја околност.**

## ПАРАБОЛИТЕ ЗА РАСТЕЊЕ НА СЕМЕТО

**Прочитајте Марко 4,26-29. Кој е главниот фокус на оваа парабола?**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Поголемиот дел од евангелието според Марко има свои паралели во евангелието според Матеј или Лука, или и во двете. Меѓутоа, тоа не е случај со оваа парабола. Таа е единствена за Евангелието според Марко. Фокусот на таа кратка парабола е на процесот на растење. Исус навестува дека Божјето царство функционира на таков начин. Луѓето играат улога во тоа, но вистинското растење е Божјо дело. И тоа не е бесконечен процес. Приказната завршува нагло, со созревање на семето. Токму така, со второто Христово доаѓање, историјата на нашиот свет нагло ќе заврши.

**Прочитајте го текстот Марко 4,30-32. Што е посебно нагласено во параболата за синаповото семе?**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Оваа парабола нагласува како нешто сосема ситно може да прерасне во нешто исклучително крупно. Синаповото семе обично има дијаметар од 1 до 2 милиметри. Растението опишано овде е веројатно црниот синап (Brassica nigra) со ситни семиња (над 700 семиња во еден грам). Иако тоа не е најситното семе на светот, сепак е доста ситно, особено ако се спореди со билката што ја произведува и која може да порасне и до три метри во височина. Исус забележува дека дури и птиците ги градат гнездата на синаповото дрво. Таа последна забелешка претставува алузија на стихот Псалм 104,12, како и на текстот Даниел 4,10-12. Псалмот 104 зборува за Божјата сила која се покажала за време на создавањето на светот, а Даниел 4 го претставува Навуходоносора како големо дрво под кое целиот свет наоѓа храна и засолниште.

Смислата на Исусовите зборови е дека Божјето царство, кое започнало како нешто мошне ситно, ќе стане големо и многу импресивно. Луѓето во времето на Исус можеби од висина гледале на тој правлив патувачки проповедник од Галилеја со неговата група ученици, но времето покажало дека Неговото царство на благодатта продолжило да се шири низ целиот свет.

**„И ова Евангелие за Царството ќе биде проповедано по целиот свет, за сведоштво на сите народи, и тогаш ќе дојде свршетокот“ (Матеј 24,14). Земете предвид како изгледала „црквата“ во мигот кога Исус го изнел тоа предвидување. Зошто ова предвидување е толку извонредно и толку охрабрувачко за нашата вера?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Христовите параболи од Елен*а Г. Вајт прочитајте ја главата со наслов „Илезе сејач да сее“, стр. 33-61 оригинал.

„Вистинската светост подразбира целосна преданост во службата на Бога. Тоа е услов за вистинско христијанско живеење. Христос бара неограничено посветување, лична служба. Тој го бара срцето, умот, душата, силата. Не смее да се негува себичност. Оној што живее за себе, не е христијанин.

Љубовта мора да биде начело на нашето дејствување. Таа е темелно начело на Божјето владеење на небото и на земјата, а мора да стане темел и на христијанскиот карактер. Само љубовта може христијанинот да го одржи непоколеблив. Единствено таа може да го оспособи да им се противстави на неволјите и искушенијата.

Љубовта се покажува низ жртва. Планот за откуп бил заснован на жртва - на жртва толку широка, длабока и висока, немерлива. Христос дал сè за нас и сите што го прифаќаат него ќе бидат подготвени да жртвуваат сè за својот Откупител. Неговата слава и чест тие ќе ја стават на прво место“ (Е. Г. Вајт, *Христовите параболи*, стр. 48, 49 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **„Љубовта мора да биде принцип на дејствување“. Љубовта е основниот принцип на Божјото владеење на небото и на Земјата.“ Како крстот ни ја открива оваа неверојатна вистина? Како можеме да покажеме таква љубов во нашиот живот? Зошто мора да ја покажуваме?**
2. **Како би одговориле на некој што инсистира на тоа Исус да зборува во параболи за да ги задржи во темнина сите оние кои не биле дел од Неговиот најтесен круг? Зошто Исус, кој умрел за секое човечко суштество (видете 1. Јованово 2,2), намерно би ги држел луѓето во темнина за чие спасение умрел на крстот?**
3. **Свеќата треба да стои на свеќникот, а не под садот (Марко 4,21). Применете го тој принцип на дејствување на вашата црква во локалната заедница. Како можете да ја подигнете светилката уште повисоко?**
4. **Размислете за параболата за растењето на семето (Марко 4,26-29). Каква улога имаат луѓето во помагањето на семето на евангелието да порасне, и каква улога игра Бог во тоа? Иако и ние очигледно имаме одредена улога во сето ова, како сепак можеме да бидеме свесни дека сме целосно зависни од Бога? Дали овој став на целосна зависност од Бога е дел од она што ние треба да го преземеме за да растеме?**

**Лекција 5**
**Од 27 јули до 2 август 2024**

# ЧУДАТА ОКОЛУ ЕЗЕРОТО



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Марко 4,35-41; Псалми 104,1-9; Марко 5,1-43; 4. Мојсеева 27,7.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Но не му одобри, туку му рече: ’Оди дома при своите, и раскажи им што ти направи Господ и како ти се смилува!‘“ (Марко 5,19)**

Исусовата служба во голема мера била сосредоточена на Галилеја, особено на областа околу Галилејското Море, езеро долго околу 21 километар и широко 13 километри. Тоа е најголемиот воден слив во областа и претставувал средиште на животот за луѓето што живееле во негова близина.

Четвртата глава од Евангелието според Марко завршува со патувањето на Исус и Неговите ученици преку Галилејското Море. Се појавува бура која Исус ја смирува на тој начин што ќе им проговори на ветрот и брановите. Шестата глава завршува со слична сцена, но овој пат Исус оди по водата кон своите ученици кои се во чамецот. Помеѓу тие две сцени на водата, опишани се бројни чуда што Исус ги направил на копно, како и првите мисионски активности на Неговите ученици. Тие наративи се предмет на нашето проучување за оваа седмица.

Сеопфатно обележје на овие драматични извештаи е тоа што му овозможуваат на читателот да види кој е Исус. Тоа е Оној што може да ја смири бурата, да го исцели човекот опседнат од демони, да ја излечи жената што само ја допрела Неговата облека, да воскресне мртво девојче, да проповеда во својот роден град, да ги испрати Своите ученици во мисија, да нахрани 5.000 луѓе само со неколку лебови и риби и да оди по вода – сето тоа се неверојатни прикази на сила, кои постепено ги водат учениците до спознанието дека Тој е Божјиот Син.

# СМИРУВАЊЕ НА БУРАТА

**Прочитајте Марко 4,35-41. Што се случува во таа сторија, и какви поуки можеме да извлечеме од неа за тоа кој е Исус?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

На почетокот на 4. глава Исус влегува во чамецот за да го поучи мноштвото што се собрала на брегот. Во текстот на Марко 4,10-12, се чини дека Тој излегол од чамецот и разговарал со учениците насамо. А сега, по долгиот ден на поучување, учениците го земаат Исуса во чамецот „како што беше“, со други зборови, многу уморен. Тој веднаш заспива на простирката што се наоѓала на крмата од чамецот. Наскоро на езерото се појавува голема бура и, бидејќи чамецот е во опасност да потоне, учениците го будат Исуса. На драматичен начин, Исус им заповеда на ветрот и на брановите да се смират. Во истиот момент над езерото се спушта голема тишина. Сосема разбирливо, учениците биле преплашени пред оваа појава на божествената моќ.

**Прочитајте Псалм 104,1-9. Како сликата на Јахве, што ја наоѓаме тука, може да се спореди со Христа кој ја смирува бурата?**

____________________________________________________________

Сторијата од текстот Марко 4,35-41 се вклопува во типичниот библиски образец на „теофанија“ – појавувањето на Бога или на еден од Неговите ангели. Таквите настани имаат пет заеднички карактеристики: (1) појавување на божествената сила, (2) човечки страв, (3) заповед, „Не бој се“, (4) зборовите на откровението зошто се појавил Бог или ангел, 5) човечкиот одговор на тоа откровение. Четири од тие пет карактеристики се присутни во оваа сторија: смирувањето на бурата претставува појавување на божествената моќ, а стравот на учениците е типичен човечки страв. Прашањето: „Зошто се плашите толку?“ одговара на заповедта „Не бој се“. Прашањето на учениците: „Кој е овој?“ е човечки одговор. Она што недостасува се зборовите на откровението. И токму тој елемент што недостасува е дел од мотивот на „скривање и откривање“ што се провлекува низ целото Евангелие, и преку кој вистината за Исуса ќе излезе на виделина. Прашањето што го поставуваат учениците: „Кој е Овој, што и ветерот и морето Му се покоруваат?“, едноставно го мами читателот да одговори и со тоа да ги дополни зборовите на откровението што недостасуваат: Тој е Божјиот Син, Господ лично.

**Размислете за Божјата сила. Како можете да научите да се потпирате на таа сила и да се надевате во неа во сите аспекти од вашиот живот?**

## МОЖЕТЕ ЛИ ДА ГО СЛУШНЕТЕ ШЕПОТОТ СРЕДЕ ВИКАЊЕТО?

**Прочитајте Марко 5,1-20. Што можеме да научиме од тој извонреден извештај кога станува збор за големата битка и, повторно, за Исусовата сила?**

---

Ако претходната ноќ на езерото била незаборавна, доаѓањето во гадаринските краишта следното утро било, во најмала рака, подеднакво импресивно. Минатото на тој опседнат човек е изложено до најпотресни детали. Одвојувајќи се од сите стеги, живеел по гробови и се удирал со камења. „Никој не можеше да го скроти“ (Марко 5,4) – а тогаш го сретнал Исуса.

Човекот побрзал кон Исуса. Во таа пригода не се спомнуваат учениците (најверојатно избегале). Кога се приближил до Исуса, човекот Му се поклонил. Зборот „поклони“ е превод на грчкиот глагол *проскинео̄,* кој вообичаено се користи за „богослужение“. Со голема веројатност, овој човек видел дека Исус е некој што може да му помогне. Но, кога ја отворил устата, демоните извикале од него, обраќајќи му се на Исуса, кој сепак, дури и среде тие демонски врисоци, успеал да го слушне прошепотениот повик за помош на човекот. Кога побарале да бидат ослободени за да влезат во стадото свињи, Исус им дозволил. Тогаш целото стадо, околу две илјади грла, се спуштиле надолу по насипот и се удавиле во водата. Тоа била вистинска финансиска катастрофа за нивните сопственици.

Она што зачудува е тоа што демоните точно знаеле кој е Исус, а биле свесни и за нивната немоќ пред Него, поради што двапати го „молеа“ (Марко 5,10.12) да го направи она што тие го бараат. Очигледно, тие знаеле за Неговата надмоќ над нив.

Оваа сторија има две главни обележја. Прво, таа е полна со она што, според старозаветниот закон, се сметало за скверНавено или церемонијално нечисто. Гробовите и телата на мртвите биле нечисти (4. Мојсеева 19,11.16 ). Крвавењето го направило човекот нечист (3. Мојсеева 15 глава). Свињите биле нечисти (3. Мојсеева 11,7).

А нејзиното второ обележје, покрај таа литанија за нечистота, е жестокиот судир меѓу силите на доброто и силите на злото, во кој час преовладува едната час другата страна. Исус ги истерува демоните (два поена за Исуса), а демоните ги убиваат свињите (два поена за сатаната). Жителите од тој крај го молат Исуса да си оди (два поена за сатаната), но Исус го испраќа исцелениот човек како свој сведок (три поени за Исуса). Во извесна смисла, тоа бил човек од кого најмалку можело да се очекува да стане мисионер, но тој очевидно имал да сподели една неверојатна приказна со другите.

**Каква надеж можете да извлечете од таа сторија, кога станува збор за Исусовата моќ да ви помогне во сè со што и да се борите?**

## НА РОЛЕРКОСТЕР* СО ИСУСА

**Прочитајте Марко 5,21-24. Што особено паѓа в очи во врска со Јаир?**

---

Верските водачи како Јаир главно не биле во пријателски односи со Исуса (видете Марко 1,22; Марко 3,2.6; Лука 13,14). Според тоа, во овој момент тој најверојатно е очаен. Неговиот очај може да се види и по тоа што паѓа на колена пред Исуса. И неговото преколнување е разбирливо за секој родител – неговата ќерка е на умирање. Но, тој верува дека Исус може да ѝ помогне. И, без збор, Исус заминува со овој татко во неговиот дом.

**Прочитајте го текстот Марко 5,25-34. Што го прекинува тоа патување до Јаировата куќа?**

---

Сторијата одеднаш се префрла на друга сцена, која исто така предизвикува сожалување – на жена која боледува веќе дванаесет тажни години. Таа сторија за Јаир и за оваа жена е втората сендвич-сторија во Евангелието според Марко (видете Марко 3,20-35, за која зборувавме во 3-та лекција). Во оваа сторија, два сосема спротивни ликови, Јаир и жената, му се обраќаат на Исуса за помош.

Жената му пристапува на Исуса одзади и ја допира Неговата облека. И во истиот миг ќе оздрави. А Исус застанува и прашува: „Кој се допре до Мојата облека?“

Во тој момент жената, која била толку болна, одеднаш се почувствувала добро. Но сега се плашела дека Исус се налутил поради тоа што се случило. Нејзините чувства брзо се менувале, како во некое диво возење. Но Исус сакал да го излечи не само нејзиното тело туку и душата.

А потоа се вратил кај Јаир (видете Марко 5,35-43). Чувствата на старешината на синагогата исто така се менувале со дива брзина. Исус никому не му дозволил да оди со Него и со родителите на девојчето, освен на Петар, Јаков и Јован. Тој изјавил дека таа не е умрена, туку дека спие. Ги истерал сите што плачеле и пиштеле и влегол во собата во која лежело мртвото девојче. Земајќи го за рака, тој рекол: „Талита кум“, што Марко го преведува како: „Девојче, јас ти велам, стани.“ Всушност, зборот „талита“ значи „јагне“, а тоа било израз што го користеле жителите со кој ги повикувале своите деца нагалено. Заповедта тоа да се чува во тајност е дел од мотивот на криење и откривање, кој се провлекува низ евангелието според Марко, укажувајќи на тоа кој е Исус и на фактот дека Тој, на крајот на краиштата, не може да остане скриен.

* Ролеркостер е вид на уред што наликува на воз кој со голема брзина се движи по шини, со нагли скокови, падови и вртења.

## ОТФРЛАЊЕ И ПРИМАЊЕ

**Прочитајте го текстот Марко 6,1-6. Зошто луѓето од Неговиот роден град го отфрлиле Исуса?**

____________________________________________________________

Обично, кога некој од мало место станува популарен, луѓето од нивниот роден крај уживаат во тоа ново внимание што е свртено кон нив. Но не и луѓето од Назарет. Тие биле изненадени и навредени од успехот на Исус како учител и исцелител. Изгледа дека им било тешко да го прифатат неговото преминување од градежен работник во учител. Можеби се појавило и извесно непријателство затоа што Тој ги извршил повеќето од Неговите чуда во Капернаум (видете Лука 4,23). А тој веќе имал несогласувања и со своето семејство (Марко 3,31-35).

**Прочитајте Марко 6,7-30. Во која смисла мисијата на дванаесеттемина апостоли е во целосна спротивност во однос на погубувањето на Јован Крстителот?**

____________________________________________________________

Тоа е третата сендвич-сторија во Евангелието според Марко (видете ја лекцијата бр. 3). Мисијата на дванаесетте апостоли, која се состоела во ширење на пораката за Исус на сите страни, е во остра спротивност со затворањето и замолчувањето на Крстителот. На учениците им било кажано да тргнат на пат без торби и да се потпрат на другите за поддршка. Таа стратегија, всушност, ги прави мисионерите зависни од луѓето на кои им служат, што им помага да се поврзат со оние на кои им е потребна нивната порака.

Меѓутоа, Крстителот немал таков однос со Ирода и неговото семејство. Смртта на Јован е опишана до неверојатни детали за тоа како сплеткарката Иродијада ја искористила неодлучноста и страста на Ирод. Ќерката на Иродијада се надоврзала на тој скандалозен план со гротескно барање главата на Јован Крстител да ѝ се донесе на чинија.

Замолчувањето на продорниот глас на Крстителот се случи во исто време кога дванаесетте апостоли го објавувале повикот на покајание, токму како што и Јован го правел тоа. Од друга страна, смртта на Јован ја навестувала Исусовата смрт. Јован бил погубен, погребан и за него се зборувало дека воскреснал од мртвите (Марко 6,14-16.29), исто како што се случило и со Исуса (Марко 15 и 16). Овие паралелни приказни укажуваат на кризата што ги очекувала Исуса и Неговите следбеници.

**Дали некогаш сте биле отфрлени како што бил Исус, или сте минале низ некоја тешко разбирлива криза? Што сте научиле од тоа искуство, а можело да ви помогне следниот пат кога ќе ви се случи нешто слично?**

# ПОИНАКОВ МЕСИЈА

**Прочитајте го текстот Марко 6,34-52. Со каков проблем се соочиле Исус и Неговите ученици, и како истиот бил решен?**

---

Откако се вратиле од својата мисија, учениците тргнуваат со Исуса кон оддалечена област на источниот брег на Галилејското Море за да се одморат. Меѓутоа, пред нив во таа област пристигнува голема група од 5.000 луѓе. Гледајќи дека се како овци без овчар, Исус ги поучува по цел ден.

Вечерта, учениците Му предлагаат да го распушти народот за да побара нешто за јадење, но Исус им рекол да го нахранат мноштвото. Дијалогот што следи (Марко 6,35-38) покажува дека учениците размислуваат за решението на тој проблем на човечки начин. Меѓутоа, Исус го решава проблемот така што тоа огромно мноштво ќе го нахрани на чудесен начин – само со пет леба и две риби.

Околностите на оваа сторија се совпаѓаат со популарното сфаќање на Месија во времето на Исус. Од Месија се очекувало да го избави Израел од неговите непријатели и да донесе праведност и мир. А присуството на голем број мажи во ненаселено место носело со себе призвук на можен воен бунт (споредете со Јован 6,14.15; Дела 21,38).

Овој впечаток е дополнително нагласен со забелешката дека Исус гледал на овие луѓе како „овци без пастир“, што е делумен цитат од 4. Мојсеева 27,17, каде Мојсеј бара од Бога да постави водач што ќе го наследи. Овие воспоставени изрази во врска со пастирот на Божјиот народ се појавуваат и на други места во Стариот завет, главно како алузија на то дека на Израел му недостасува водач или цар (споредете со: 1. Царевите 22,17; 2. Летописи 18,16; Езекиел 34,5.6).

Меѓутоа, Исус не ги исполнува нивните погрешни очекувања, туку ги испраќа своите ученици на другата страна и го распушта народот. И наместо да почне бунт против Рим, што прави Тој? Тој се повлекува на гората за да се моли – спротивно на сите очекувања на народот.

За разлика од популарното сфаќање на Месија како цар кој го ослободува Израел, Тој доаѓа да ги ослободи луѓето од ропството на гревот. Неговото одење по водата им открива на учениците дека Тој е навистина Господар на природата, но Тој не дошол да владее, туку да го даде својот живот како откуп за мнозина (Марко 10,45).

**Што ни кажува оваа сторија за важноста на правилното разбирање на пророштвата? Ако погрешното разбирање на првото Христово доаѓање многумина одвело во пропаст, колку повеќе штета би можеле да нанесат погрешните сфаќања во врска со Неговото второ доаѓање?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Копнежот на вековите* од Елена Г. Вајт, прочитајте ги поглавјата со наслов „Молчи, престани“ и „Допир со вера“, стр. 333-348 оригинал.

„Само оние што ги воспитува Бог мора да откријат живот што не е во сообразност со светот, со неговите обичаи и постапки; и секој треба да има лично искуство во стекнувањето на знаење за Божјата волја. Ние мораме лично да го чуеме како му зборува на срцето. Кога ќе стивне секој друг глас и кога во мир чекаме пред него, тишината на душата Божјиот глас го прави поразбирлив. Тој ни заповеда: ’Престанете и познајте дека јас сум Бог‘ (Псалм 46,10). Само тука може да се најде вистински спокој. Тоа е најуспешна подготовка за сите оние што работат за Бога. Среде раздвиженото мноштво и напорот на силното животно дејствување, душата што се освежила на овој начин ќе биде опкружена со атмосфера на светлина и мир. Животот ќе дише со мирис и ќе ја открива божествената сила што ќе допре до човечките срца“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 363 оригинал).

„Нивните незадоволни срца се прашувале зар Исус не е во состојба, ако веќе може да стори толку чудесни дела што ги гледале со свои очи, да му даде здравје, сила и богатство на целокупниот свој народ, да го ослободи од неговите угнетувачи и да го издигне со моќ и чест? Фактот што Тој тврдел оти е испратен од Бога, а сепак одбивал да биде Израелов цар, била тајна што не можеле да ја доловат. Неговото одбивање погрешно е протолкувано. Мнозина заклучиле дека Тој не се осмелувал да го бара своето право затоа што и самиот се сомневал во божествената природа на својата мисија. На тој начин своите срца му ги отвориле на неверството и семето што го посеал сатаната донело своевиден род - погрешно сфаќање и отпад“ (*Копнежот на вековите*, стр. 385 оригинал).

**ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР**

1. **Ако некој ве праша: Од што ве ослободил Исус? – што би му одговориле?**
2. **Разговарајте за тоа зошто Бог понекогаш дозволува добар човек, како Јован Крстителот, да биде фрлен во затвор и погубен. Каква утеха и надеж можеме да најдеме, и покрај сите тешки работи што се случуваат?**
3. **Кои поуки во извештајот за хранењето на 5.000 луѓе се наоѓаат за црковната заедница која располага со малку ресурси?**
4. **Споредете ги сфаќањата за Исус кои се популарни денес со сликата за Него што ја наоѓаме во 5 и 6 глава од Евангелието според Марко. Односно, што е со оние кои го користат Исуса за да стекнат политичка моќ и да владеат над другите?**

*Ви препорачуваме во саботата да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Лекција 6**
**3 - 9 август 2024**

# ОДНАДВОР И ОДНАТРЕ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Марко 7; Исаија 29,13; 2. Мојсеева 20,12; Марко 8,11-21.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Нема ништо, вон човекот, што би можело да го направи нечист кога ќе влезе во него; туку она што излегува од човекот, тоа го прави нечист“ (Марко 7,15).**

Лекцијата за оваа седмица се занимава со седмата и првата половина од осмата глава од Евангелието според Марко. На почетокот на 7. глава, Исус ја разгорува расправата со своето отфрлање на верските обичаи. Меѓутоа, Тој го прави тоа на начин кој во голема мера поддржува нешто што е длабоко значајно за христијанскиот живот денес.

Исус потоа поставува загатка што ја отвора вратата за вистинско разбирање на прашањето што е, всушност, вера.

Потоа Тој оди во Тир и Сидон и тука се сретнува со извесна жена, која ќе се покаже дека е единствената личност во евангелијата што од разговорот со Исуса излегла како победник. Неговата средба со неа е крајно необична. Под главниот тек на самиот наратив постојат неколку навестувања што жената ги проникнала, а Исус, поради нејзината вера, го исполнил нејзиното барање.

Седмата глава од евангелието според Марко, по уште едно исцелување, ја открива важната вистина дека чудата, колку и да се впечатливи, сами по себе не се секогаш доволни за срцата да се отворат за вистината. На крајот на краиштата, од каква полза биле чудата за верските водачи, решени да го отфрлат Исуса?

Во 8. глава ќе ја разгледаме важноста на лебот како симбол на учење и традиција. Овие наративи содржат важни поуки за значењето и практичните аспекти на верскиот живот.

## ЧОВЕЧКИТЕ ОБИЧАИ НАПРОТИ БОЖЈИТЕ ЗАПОВЕДИ

**Прочитајте Марко 7,1-13. Кои значајни вистини се изложени тука?**

___

Лесно може да се замисли како децата го проучуваат овој пасус во саботната школа, а потоа одат дома и им кажуваат на своите мајки дека повеќе не треба да ги мијат рацете пред јадење, затоа што Исус рекол така. Меѓутоа, овој наратив не се однесува на хигиената.

Во времето на Исус, на многу луѓе во таа земја им била особено важна ритуалната чистота. Иако првично, во Стариот завет, овие правила се однесувале само на свештениците (2. Мојсеева 30,17-21), во меѓузаветниот период, идејата за миење раце за да се зачува ритуалната чистота, била проширена и на обичните луѓе. И токму во согласност со ова сфаќање, верските водачи доаѓаат кај Исуса за да се пожалат на Неговите ученици.

Меѓутоа, Исус не одговара директно на прашањето што Му го поставиле. Наместо тоа, одговорот, со кој Тој ги брани своите ученици, ги упатува слушателите во две насоки. Прво, Тој ги цитира суровите зборови на пророкот Исаија, кој го прекорува народот дека го почитуваат Бога само со зборови, додека нивното срце е далеку од Него (Исаија 29, 13). А потоа, надоврзувајќи се на тој цитат, искажува осуда над нивниот обичај да ги заменат божествените заповеди со човечки преданија.

Во вториот дел од својот одговор, Господ преку практичен пример покажува за што зборувал пророкот Исаија. Тој ја цитира Божјата заповед дека треба да се почитуваат родителите (2. Мојсеева 20,12), односно да се грижат за нив кога ќе остарат. А потоа го спротивставува на верскиот обичај, според кој човек можел да му посвети нешто на Бога (прилог, *корбан*), а сепак да го користи за себе, наместо со тоа да им помогне на своите постари родители кои трпат скудност. Можеме само да ја замислиме таа средба: „Жал ми е, татко. Со задоволство би ти помогнал, но тие пари ги наменив за храмот“.

Токму таквото лицемерство Исус бескомпромисно го напаѓа. Фарисеите ги ставиле човечките обичаи над Божјата реч и со тоа сториле грев.

Тогаш, кој бил одговорот на прашањето на фарисеите? Исусовиот одговор навестува дека Тој не го смета за убедливо нивното инсистирање на тоа дека ритуалното миење на рацете е задолжително според Божјата волја. Напротив, Неговиот одговор јасно дава приоритет на барањата на Законот во однос на човечките обичаи. (Видете исто така: Марко 1,44; Марко 7,10.11; Марко 10,3-8; Марко 12,26.29-31)

**Дали имаме некакви „обичаи“ кои би можеле да бидат во спротивност со начелата на Божјиот закон? Ако имаме, кои би можеле да бидат тие обичаи?**

## ЧИСТИ РАЦЕ ИЛИ ЧИСТО СРЦЕ?

**Прочитајте го текстот Марко 7,14-19. Што сакал да каже Исус со загатката што ја задал во Марко 7,15?**

---

Исусовите зборови во тие стихови претставуваат загатка за многумина, особено кога го разгледуваат нивниот однос спрема учењето од текстот 3. Мојсеева 11 глава во врска со чистата и нечистата храна. Дали Исус сега ги укинува тие разлики? Дали адвентистичката црква греши кога учи дека нејзините членови кои јадат месо треба да ги користат само оние од списокот на чисти животни?

Прво, би било чудно ако во текстот Марко 7,14-19 Исус одеднаш ги отфрли упатствата на Мојсеј, веднаш откако го поддржал Мојсеја во однос на традицијата во текстот Марко 7,6-13. Второ, самиот обичај што фарисеите го застапувале тука, не е заснован на старозаветните учења, но, за разлика од него, законите во врска со храната се засновани. И трето, она што се мисли во стихот Марко 7,19, кога се вели дека Исус ја чисти секоја храна, не е дека законите во врска со храната се укинати, туку дека обичајот кој се однесува на скврнавењето на храната со допир, а кој фарисеите го воспоставиле, всушност е неважечки. Тоа е, на пример, лажното тврдење дека ако може некој да се стане нечист со доаѓање во допир со незнабошците, тогаш исто така може да стане нечист и со допирање на храната што тие ја допреле.

**Прочитајте го текстот Марко 7,20-23. Според Исусовите зборови, што го прави човекот нечист?**

---

Во стихот Марко 7,19 Исус споменува дека храната не оди во срцето, туку во стомакот, од каде што поминува во дигестивниот тракт. Од друга страна, во текстот Марко 7,21-23, Тој забележува дека злото потекнува од срцето, од центарот на личноста на човекот. Во таа пригода, Исус наведува низа пороци кои започнуваат со лоши мисли, а завршуваат со лоши дела.

Кога на таа листа со пороци ќе го додадеме кршењето на петтата заповед, која се споменува во Марко 7,10, гледаме дека секоја заповед од втората плоча на Декалогот е тука. Освен тоа, во текстот Марко 7,7, Исус зборува за напразното богослужение, за кршењето на она што се наоѓа во самата суштина на првите четири заповеди од Декалогот. Значи, во тој пасус, гледан како целина, Исус стои како бранител на Божјиот закон.

**Можеби вашата теологија е исправна, но кој го поседува вашето срце - во целост и без остаток?**

# ТРОШКИ ЗА КУЧИЊАТА

**Прочитајте Марко 7,24-30. Кои важни поуки се наоѓаат во таа сторија?**

_______________________________________________________________

_______________________________________________________________

Веднаш по вчерашното проучување полно со предизвик, сторијата во овој пасус повторно покренува некои збунувачки прашања. Зошто Исус толку остро ѝ одговара на оваа жена, практично нарекувајќи ја куче?

Тој не го објаснува тоа отворено, но две карактеристики на Неговиот одговор на оваа жена сугерираат што Тој навистина сака да каже. Во Марко 7,27, Исус вели дека „прво" треба да се нахранат децата. А кога има нешто што е „прво", сосема е логично да има и нешто што е „второ". Друга карактеристика е тоа што Исус го користи деминутивот (смалена форма) на зборот *куче*, не во смисла на „кученце", туку, во овој контекст, куче на кое му е дозволено да престојува во куќата, за разлика од уличните кучиња. Жената, во својот разговор со Исуса, се фаќа за овие две навестувања, кои ни помагаат да го објасниме нејзиниот одговор.

А нејзиниот одговор е многу остроумен. Таа вели: „Да, Господи; но и кучињата под трпезата јадат од трошките на децата" (Марко 7,28).

Како оваа жена успеала да смисли таков одговор за да му одговори на Исуса? Несомнено, љубовта кон нејзината ќерка ја поттикнала да продолжи. Но и самиот Исус ја охрабрил. Тој рекол „прво", укажувајќи дека може да има и „второ". Освен тоа, тој навестил дека таа е како „кучињата под трпезата". И токму како што кучето се наоѓа во куќата под трпезата, така и таа клечела пред Исусовите нозе и го молела да ѝ помогне на нејзината ќерка. Затоа се повикала на правото што го имаат кучињата на храната што паѓала на подот.

Одговорот на жената ја открива нејзината вера. Тоа што моќното чудо сторено од далечина за исцелување на нејзината ќерка таа го нарекла „трошка", едновремено подразбира и дека Исусовата моќ е исклучително голема (зашто, ако таквото чудо е „трошка", каков би бил целиот леб?), и дека исполнувањето на нејзиното барање за Него претставува нешто ситно. Исус бил трогнат и го исполнил нејзиното барање.

„Со своето постапување кон неа покажал дека таа, која е сметана за отфрлена од Израел, не е повеќе туѓинка, туку дете на Божјето семејство" (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 401 оригинал).

**Зошто предрасудите кон припадниците на другите раси и народи се во целосна спротивност со Исусовото учење? Како можеме да бараме да бидеме очистени од тоа зло?**

## ВРЗАН ЈАЗИК

**Прочитајте го текстот Марко 7,31-37. Кој бил доведен пред Исуса и што направил Исус за него?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Враќајќи се во Галилеја од областите Тир и Сидон, Исус не одел по најкраткиот пат. Се чини дека тој тргнал нагорно, северно од Тир, поминал низ сидонските краишта, а потоа се спуштил во внатрешноста, во област североисточно од Галилејското Море, за на крајот да стигне и до самото море. Тоа бил заобиколен пат, веројатно за да добие повеќе време да ги поучува своите ученици.

Текстот не кажува точно кој го довел човекот кај Исуса, но неговиот проблем бил мошне јасен – не можел да слуша и имал потешкотии да зборува. Губењето на слухот ги изолира луѓето од нивната околина, а длабоката глувост во голема мера им отежнува да научат да зборуваат. Проблемот на тој човек веројатно бил долгогодишен.

Исус разбрал во каква неволја се наоѓал човекот и сам го тргнал настрана. А начинот на кој го излечил е многу необичен, особено за денешните читатели. Ги ставил неговите прсти во ушите на човекот, плукнал, го допрел неговиот јазик и воздивнал. Разбирливо е што Исус ги допира заболените делови од телото на човекот што треба да го излечи, но зошто воздивнува? Елена Г. Вајт забележува: „Воздивнал при помислата на ушите што нема да се отворат за вистината, и на јазиците што не сакале да го признаат Откупителот“ (*Копнежот на вековите,* стр. 404 ориг.).

Исус на чудесен начин му го обновил слухот на човекот и го оспособил јасно да зборува. Но Неговата воздишка ги илустрира ограничувањата што Бог ги поставил пред себе во однос на слободната волја на човекот. Тој нема да ни ја наметнува својата волја. Сите луѓе се слободни да изберат во која насока ќе ги води нивниот живот - кон Кнезот на животот или кон кнезот на темнината. Исус може да ги отвори глувите уши, но Тој нема да ги принуди неверните срца да го признаат Неговото месијанство.

Оваа кратка сторија исто така илустрира што може Бог да направи за оние кои доброволно му се обраќаат Нему. Можеби и вие сте доживеале слична вкочанетост кога сте се обиделе да зборувате за својата вера – како јазикот да ви е врзан во поглед на она што треба да го кажете. Но ова чудо ни дава охрабрување дека Господ Исус може да ги отвори нашите уши за да можеме да бидеме чувствителни на потребите на другите и да ги имаме вистинските зборови што ќе ги подигнат на нивното патување.

**Што правите со даровите на слух и говор што ви се доверени? Затоа што тие се дарови! Како се служите со нив?**

## ЧУВАЈТЕ СЕ ОД НЕЗДРАВИОТ ЛЕБ

**Прочитајте го текстот Марко 8,11-13. Кој пристап на фарисеите длабоко го разочарал Исуса?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Зошто Исус не ја покажал јасно својата божествена моќ и не ги убедил тие недокажани луѓе? Тој проблем нè враќа на крајот на третата глава од Евангелието според Марко, каде што Исус зборува за гревот против Светиот Дух. Ако нечии уши и очи се затворени, ниту некое чудо, па дури и знак од небото, нема да ги убеди. Тоа едноставно би било отфрлено, како и сè пред него. Дури ни чудата не се доволни за да ги убедат оние кои се решителни во своето неверување.

**Прочитајте го текстот Марко 8,14-21. Што заборавиле учениците и каква опомена им упатува Исус во таа пригода?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Исус ја користи оваа прилика да ги предупреди своите ученици за фарисејскиот и Иродовиот „квасец“ (Марко 8,15), мислејќи притоа на нивните учења (споредете со Матеј 16,12).

Меѓутоа, учениците погрешно го разбираат ова и мислат дека Исус го рекол тоа затоа што не купиле леб. И како и обично, кога учениците нешто погрешно разбирале, Исус ги поучува. Тој поставува низа прашања, од кои првите неколку имаат реторичка природа, изразувајќи го своето разочарување што не ја разбрале Неговата мисија. Тој Исусов говор потсетува на она што го рекол во текстот Марко 4,10-12 за оние што се наоѓаат надвор. Неговите моќни зборови имале за цел да ги разбудат учениците од нивната духовна летаргија.

Во текстот Марко 8,19-20 Исус им поставува едноставно прашање за тоа колку кошници со остатоци собрале откако прво нахранил 5.000 (Марко 6,30-44), а потоа и 4.000 луѓе (Марко 8,1-10), со што им порачува дека до тогаш веќе требало да го разберат фактот дека ограничените ресурси, сами по себе, не претставуваат никаква пречка за Господовиот Месија. Неговото последно прашање во текстот Марко 8,21 повторно има реторичка природа: „Уште ли не разбирате?“ Впрочем, размислете за сето она што тие веќе го виделе и го доживеале со Исуса.

**Како можеме да научиме да го држиме своето срце и умот отворени за реалноста на Божјото постоење и Неговата љубов? Размислете детално за сите докази за Бога и за Неговата љубов што ни се дадени. Зошто ни се чини дека, сепак, понекогаш толку лесно да се сомневаме?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Копнежот на вековите* од Елен Г. Вајт, прочитајте ги поглавјата со наслов „Обичаи“, „Разрушени огради“ и „Вистинскиот знак“, стр. 395-409 оригинал.

„Во колкава мера меѓу Христовите следбеници денеска, како и во старо време, е раширен овој подмолен, измамлив грев! Колку често нашата служба на Христа и нашата заедница еден со друг е нарушена со тајната желба за издигнување на своето јас! Колку бргу се јавува мисла сами себеси да си честитаме и желба за човечко одобрување! Самољубието, желбата за полесен пат од оној што го одредил Бог, води кон замена на божествените правила со човечки теории и преданија. Зборовите на Христовата опомена изговорени им се на неговите ученици: ’Пазете се од квасецот фарисејски‘.

Христовата вера е чиста искреност. Ревноста за Божјата слава е побуда всадена со Светиот Дух и само успешното дејствување на Духот може да ја всади неа. Само Божјата сила може да ги отстрани саможивоста и лицемерството. Оваа промена е знак на неговото дејствување. Кога верата што ја прифаќаме ќе ја уништи себичноста и претворливоста, кога нè води да ја бараме Божјата слава а не нашата, можеме да бидеме сигурни дека тоа е вистинскиот пат. ’Оче, прослави го своето име’ (Јован 12,28), било основно правило на Христовиот живот и, ако го следиме, тоа ќе биде основно правило на нашиот живот. Исус ни заповеда да живееме ’како што живеел Тој‘ и ’по тоа знаеме дека го познаваме, ако ги држиме неговите заповеди‘ (1. Јованово 2,6.3)“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите* , стр. 409 оригинал).

**ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР**

1. **Кои христијански обичаи сте ги откриле, а ви помагаат да го сочувате срцето чисто?**
2. **Кои се „нечистите“ луѓе во вашата заедница? Што можете да направите за да ги привлечете кон евангелието?**
3. **Размислете како класа за тоа што можете да направите за да го поттикнете ширењето на евангелието во вашето соседство на едноставни начини.**
4. **Прочитајте го текстот Марко 8,1-10 за тоа како биле нахранети 4.000 луѓе. Што се менува во толкувањето на тој текст поради фактот што таа толпа веројатно била составена од незнабошци? Зошто не би требало да има никаква разлика?**
5. **Како можеме успешно да се заштитиме од длабоко вкоренетата желба што ја имаме сите ние, како паднати суштества, а тоа е да се величаме самите себеси?**

**Лекција 7**
**10 – 16 август 2024**

# ПОУЧУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ - ПРВ ДЕЛ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Марко 8,22-38; Матеј 20,29-34; Јован 12,25; Марко 9,1-50; Малахија 4,5.6; Лука 9,30.31.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И го повика народот, заедно со Своите ученици и им рече: 'Кој сака да дојде по Мене, нека се одрече од себеси и нека го подигне својот крст и нека оди по Мене'" (Марко 8,34).**

Првата половина од евангелието според Марко го сосредоточува вниманието на тоа кој е Исус. Неговите моќни учења и чуда упатуваат кон истата насока – Тој е Месија. Во овој клучен пресврт во нарацијата, Исус ќе ги праша своите ученици што мислат за тоа кој е Тој.

Петар ќе даде јасен одговор на тоа прашање, а Исус веднаш ќе почне да објаснува каде го води Неговиот пат како Месија, а ние знаеме дека тоа е крстот.

Од последниот дел од 8. глава до крајот на 10. глава од Евангелието според Марко, Исус се сосредоточува на тоа своите ученици да ги поучи за своето патување. Во овие глави Тој ќе изнесе пророштва за крстот. Ова ќе биде придружено со конкретни упатства за ученииштвото. Тие моќни поуки останат релевантни и денес.

Овој исечок од второто по ред Евангелие обележан е со стории за исцелување на двајца различни слепи луѓе. Едната се наоѓа на половина пат од осмата, а другата на крајот од 10-тата глава. Тие чудесни „меѓници" на драматичен начин го илустрираат фактот дека ученииштвото подразбира духовен увид во тоа кој е Исус и каде оди. И Неговите учења, како и во случајот со дванаесеттемина ученици пред 2000 години, и денес ги соочуваат учениците со високата цена, но и со огромното предимство да го следат Исуса.

## ЈАСЕН ВИД

**Прочитајте Марко 8,22-30. Зошто на Исуса му биле потребни два допира за да го исцели слепиот човек, и кои поуки можат да се извлечат од овој извештај?**

---

Евангелијата известуваат за одреден број слепи луѓе што Исус ги исцелил. Освен овој исечок од текстот Марко 8, исцелен е и слепиот Вартимеј, како што е запишано во Марко 10,46-52. Матеј зборува за двајца слепи луѓе (Матеј 20,29-34), а Јован 9 ја изнесува сторијата за исцелувањето на човекот слеп од раѓање, кој се измил во Силоамската бања.

Сепак, оваа сторија во текстот Марко 8 е навистина единствена. Се појавува само кај Марко, и тоа станува збор за единственото чудо што го направил Исус, а кое бара повторена постапка за да донесе совршено здравје. Како дел од таа сторија, се споменува трогателен момент кога Исус го зема човекот за рака и го води надвор од селото. Едноставно може да се почувствува Неговото сочувство поради човечката немоќ.

Но, зошто биле потребни два допира? Бидејќи ова е единственото чудо во кое се случува повторена постапка, веројатно не е во прашање никаков недостаток на сила од страна на Исуса. Многу поверојатно е дека овде станува збор за жива парабола, која покажува како понекогаш е потребно време за духовното согледување да се развие. Таквото толкување е поткрепено со книжевниот образец на тој исечок во Евангелието според Марко, каде што Исусовото излагање пред учениците за Неговата претстојна смрт и воскресение е сместено меѓу две извештаи за исцелување на слепи. На овој начин, обновувањето на видот станува метафора за учеништвото засновано на духовни согледувања.

Учениците сакаат да поставуваат прашања. Тие често се клучот што на учениците им го отвора патот кон разбирањето. Овој пасус од текстот Марко 8 претставува пресвртница во Евангелието. Три подробности го поддржуваат ова тврдење. Прво, Исус ги испрашува учениците за својот идентитет, што не го правел тоа пред тој момент. Второ, Петар е првиот човек кој не е опседнат со демон, а кој изјавува дека Исус е Месија. Трето, веднаш по тоа откровение за тоа кој е Тој, Исус почнува да објаснува каде оди – на крстот.

Зошто Исус бара од своите ученици никому да не кажуваат дека тој е Месија? Тоа се чини како да е спротивно на здравиот разум, бидејќи станува збор за воспоставувањето на Божјето царство. Меѓутоа, во времето на Исус, името „Месија“ имало политички призвук во смисла на рушење на римската власт. Но Исус не дошол да стане таков месија. Затоа повикувал на молчење во врска со Неговиот идентитет.

**Што можеме да научиме од оваа сторија за ситуациите кога е важно да не се изговорат некои работи, колку и да се тие вистинити?**

## ЦЕНАТА НА УЧЕНИШТВОТО

**Прочитајте го текстот Марко 8,31-38. Што нè учи Исус за тоа колкава е цената на тоа што го следиме?**

___

Учениците дошле клучна пресвртница во нивниот меѓусебен однос со Исуса. Тие сега знаат дека Тој е Месија. Читателот на Евангелието според Марко тоа го знае уште од самиот почеток на книгата (Марко 1,1), па затоа има предност пред понекогаш збунетите ученици.

Во првиот момент кога ги повикал своите ученици, Исус им рекол дека ќе ги направи рибари на луѓе (Марко 1,17). Тогаш не се спомнувале некакви неволји. Но сега, кога дознале кој е Тој навистина, Исус им ја открива целта на Својата мисија – дека е потребно многу да пострада, да биде отфрлен и убиен, а потоа, во третиот ден, да воскресне.

Тоа е шокантна вест. Петар, кој штотуку признал дека Исус е Месија, го тргнува настрана, па дури почнува и да го прекорува поради тие негови зборови. Писателот на Евангелието сето тоа го изнесува на индиректен начин, во трето лице, но сега директно ги кажува Исусовите зборови, кои сигурно длабоко го погодиле Петар кога ги слушнал. Исус го нарекува сатана и бара од него да се тргне од неговиот пат, бидејќи неговото размислување не е во согласност со Божјата волја.

„Таквите зборови на Петар не можеле да бидат помош и окрепа за Исуса во големото искушение што го очекувало. Тие не би биле во сообразност со Божјата цел на милоста за загубениот свет, ниту со поуката за самопожртвуваноста што Христос дошол да ја даде со својот личен пример“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 415 ориг.).

Исусовите следбеници се повикани да ја имаат истата цел што ја има и Тој – да го земат својот крст и да го следат. Распнувањето било најсуровиот, најсрамниот и крајно понижувачки метод на спроведување смртна казна што ја практикувале Римјаните. Сите сакале да го избегнат крстот. Зошто тогаш некој би сакал да го земе крстот како симбол на својата посветеност на Исуса?

Исус ја објаснува не само цената на ученишвото туку и неговата огромна вредност. Според христијанската вера, парадоксално, губењето на животот станува начин тој да се најде. Спротивно на тоа, да се придобие целиот свет а да се изгуби вечниот живот е сосема бесмислено. Тоа мошне елегантно го сумирал мисионерот Џим Елиот, кога во својот дневник на 28 октомври 1949 година напишал: „Не е луд кој дава нешто што не може да го сочува, за да го добие она што не може да го изгуби“.

**„Кој го љуби својот живот, ќе го изгуби, а кој го мрази својот живот на овој свет - ќе го запази за вечен живот“ (Јован 12,25). Како вие лично сте ја доживеале реалноста на овие зборови?**

## ГОРАТА И МНОШТВОТО

**Прочитајте го текстот Марко 9,1-13. Што виделе Петар, Јаков и Јован една ноќ кога биле со Исуса?**

____________________________________________________________

Исусовото предвидување запишано во стихот Марко 9,1, дека некои од оние што се со Него нема да вкусат смрт пред да го видат Божјето царство како доаѓа во својата слава, се исполнило во рок од неколку дена, кога ги одвел Петар, Јаков и Јован на високата гора да бидат насамо со Него. Таму се преобразил пред нив и им се покажал во славата на небесното царство.

Илија и Мојсеј од небесното царство дошле и разговарале со Исуса. Лука бележи дека тие разговарале за Исусовото заминување (грчки: *exodos*) кое требало да се случи во Ерусалим (Лука 9,30.31). Според тоа, таа сцена на славата била поврзана со претстојната Исусова смрт на крстот (споредете со Марко 9,9). Ова требало да им влее надеж на учениците кога ќе го видат распнат.

Следното утро, откако се спуштиле од планината, тројцата ученици го прашуваат Исуса за тврдењата дека најпрво треба да дојде Илија. Веројатно ова е поврзано со очекувањето дека Илија повторно ќе се појави пред доаѓањето на Месија (споредете со Малахија 4,5.6). Исус одговорил дека Илија веќе дошол, и со тоа ги упатил на Јован Крстителот. И како што го убиле Јован, така и Исус ќе умре од нивни раце, но во третиот ден ќе воскресне.

По таа ноќ на слава, сцената што ги затекнал во подножјето на гората била жално хаотична (видете Марко 9,14-29). Деветмина од учениците наишле на момче кое било опседнато од демон и кое не можеле да го исцелат. Кога Исус ќе стапи на сцената, сите трчаат да Го видат. Сторијата понатаму ја разоткрива моќта на демонот над тоа дете. А се чини како на Исуса да му треба доста време за да се распраша за деталите околу неговата опседнатост. Излегува дека тоа е премногу за таткото на момчето, кому му излетуваат зборовите: „Ако можеш нешто, смилувај ни се и помогни ни!“ (Марко 9,22)

Исус веднаш се фаќа за тоа навестување на сомнеж. Неговиот одговор може да се парафразира со зборовите: „Што мислиш да кажеш со тоа: ‚Ако можеш‘?“ (Марко 9,23). Одеднаш, како да го погодил гром, таткото сфаќа дека неговиот син не е единствениот што има проблем – и самиот тој има проблем со неверувањето. А како последица на неговото неверување, неговиот син можел да не биде излечен. Очаен, таткото се држи за Исусовата милост, изговарајќи ги незаборавните зборови: „Верувам, Господи, помогни му на моето неверие!“ (Марко 9,24) Тогаш Исус го исцелува момчето.

**Кога, ако имало такви ситуации, сте морале да викате: „Верувам!“ Помогни му на моето неверие“? Што научивте од тие искуства?**

## КОЈ Е НАЈГОЛЕМ?

**Прочитајте го текстот Марко 9,30-41. По што се разликува Исусовото второ претскажување за неговата смрт и воскресение (споредете со: Марко 8,31)? Исто така, околу што се расправаат учениците, и каков совет им дава Исус?**

---

Во првата најава за својата смрт и воскресение, Исус зборува за оние кои ќе Го отфрлат и убијат. Во втората најава, Исус зборува за фактот дека некој ќе го предаде. Предавникот во тој момент не се споменува, но читателот знае кој е тој, бидејќи Јуда е веќе означен како таков (видете: Марко 3,19). И повторно, Господ вели дека ќе биде убиен и дека во третиот ден ќе воскресне. Но овојпат се чини дека учениците се уште помалку заинтересирани за деталите од тоа предвидување, отколку што биле првиот пат. Несаканите вести не поттикнуваат дискусија.

Во стихот Марко 8,27 гледаме дека Исус се наоѓал северно од Галилејското Море, во близина на Цезареја Филипова. Стихот Марко 9,30 Го опишува како минува низ Галилеја, а во стихот Марко 9,33 се вели дека Тој влегол во Капернаум. Оттука, не е тешко да се замисли тоа Негово патување од север кон југ. Меѓутоа, Тој влегува сам во Капернаум, бидејќи дванаесеттемина ученици заостанале зад Него. Во куќата Исус ги прашува за што се расправале патем. Никој не проговорува, што претставува сигурен знак дека им е непријатно поради тоа прашање, речиси како децата кога ќе бидат фатени како прават нешто за кое знаат дека е погрешно. Бидејќи нивниот разговор се водел околу тоа кој е најголем. Колку и да не се готови луѓето да го признаат тоа, прашањето за тоа кој е најголем е нешто за што сите понекогаш размислуваат. Меѓутоа, во Божјото царство таа идеја е сосема поинаква.

Исус одговара на тој проблем во два чекора. Прво, Тој јасно изјавува дека ако сакате да бидете први (најголеми), мора да станете слуга. Тогаш Тој на дело покажува што сакал да каже со тоа. Очигледно, во близина стоело некое дете и ги слушало. Исус го зема тоа дете и го става среде нивниот круг. Тоа веројатно било страшно за детето. Но Исус потоа го зема в раце, опуштајќи ја ситуацијата. Продолжувајќи со поучувањето, Тој вели дека ако го примите детето, го примате Него. А ако Го примите Него, Го примате Неговиот Отец. Според тоа, детето, најниско по ранг, е поврзано со самиот Бог.

Јован потоа поставува прашање во врска со оние кои се надвор од најтесниот Исусов круг, при што Тој им изнесува важна поука: кој не е против нас, тој е за нас. Со тоа Господ потврдува дека помагањето на оние кои се наоѓаат во христијанската служба, дури и во нешто ситно, не останува незабележано на небото.

**Какво е библиското сфаќање на величината за разлика од световното сфаќање? Кон кое се стремите вие?**

# ЗДРАВ ЧОВЕК ВО ПЕКОЛОТ

**Прочитајте го текстот Марко 9,42-50. Што ги поврзува Исусовите учења во овој исечок?**

______________________________________________________________________

На прв поглед, овој исечок изгледа како збир на неповрзани Исусови учења, дадени едно по друго без некоја посебна логика. Меѓутоа, со подлабоко разгледување откриваме дека секое следно учење содржи одредена фраза што ја поврзува со претходната. Целиот исечок се врти околу три главни фрази кои нè носат чекор по чекор напред во ова поучување. Овие изрази се: „соблазни“ (на англиски буквално: „да наведе на грев“), „оган“ и „сол“.

Првото учење се занимава со „малите“, што се однесува на новообратените верници. На учителите и водачите во Божјото царство им е доверена одговорноста да водат посебна грижа за овие новообратени, исто како што, според старозаветната етика, се грижеле за најслабите во општеството – вдовиците, сирачињата и дојденците. Користејќи хипербола, Исус вели дека би било подобро човек да се удави во морето, отколку да соблазни едно од овие „мали“.

Изразот „соблазни“ води до најдолгото учење во овој пасус. Пред читателот се појавуваат две недоумици. Прво, дали Исус навистина ги учи луѓето да си отсечат рака или нога, или да си го извадат своето око? Второ, дали Тој поучува за вечен пекол што гори? Одговорот на првото прашање е: Не, Исус не учи за сакатење на самиот себе – тоа било забрането во јудаизмот (споредете со: 5. Мојсеева 14,1; 1. Царевите 18, 27.28). Господ едноставно користи хипербола за да ја нагласи својата мисла. Ако е толку страшно некој да изгуби рака, нога или око, колку е пострашно за еден христијанин да стори грев!

Одговорот на второто прашање е исто така негативен: Не, Исус не учи за пекол што гори вечно. Како го знаеме тоа? Прво, целиот пасус содржи извесна доза на комичност. Замислете како луѓето влегуваат во небесниот град со едно око, една рака или една нога. А потоа замислете ги оние кои влегуваат во пеколот со полно здравје. Зар не би требало да биде обратно? Здрав човек во пеколот? Тоа е комедија. Таквата комичност во врска со толку сериозна тема нè наведува да помислиме дека Исус тука, всушност, ја илустрира својата порака со хипербола. Гревот треба да се сфати толку сериозно, како да е подобро да се изгуби раката, ногата или окото, отколку да се згреши.

**А што се однесува до пеколот, неговите последици се вечни, а не огнот или пеколот сам по себе. „Зашто Бог толку го возљуби светот, што Го даде Својот Единороден Син, та секој, кој верува во Него, да не загине, туку да има вечен живот“ (Јован 3,16). Оние кои ќе бидат изгубени, нема да горат вечно. Тие ќе умрат засекогаш, што е многу голема разлика!**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Копнежот на вековите* од Елена Г. Вајт, прочитајте ги поглавјата со наслов „Служба“ и „Кој е најголем?“, стр. 426-446 ориг.

„На честа ѝ претходи понизност. За да го потполни високото место пред луѓето, Небото бира работник кој, како Јован Крстителот, пред Бога зазема ниско место. Ученикот што најмногу наликува на дете е најуспешен во работата за Бога. Небесните суштества можат да соработуваат со оној што не сака да се издигне себеси туку да ги спасува душите“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 436 оригинал).

„Со сето она што сме го добиле како предимство над другите - било тоа да е образованието или елегантноста, благородниот карактер, христијанското воспитување, верското искуство – должни сме им на оние што имаат помалку можности и – колку што стои до нас – треба да им служиме. Ако сме јаки, мораме да ги потпреме рацете на послабите. Славните ангели, кои постојано го гледаат лицето на небесниот Отец, се радуваат кога им служат на најмалечките. Тие особено се грижат за душите што се уплашени, што имаат многу непријатни црти во карактерот. Ангелите секогаш се присутни таму каде што се најпотребни, крај оние што имаат најжестока борба со себе и чиишто прилики се мошне обесхрабрувачки. Во оваа служба ќе соработуваат вистинските Христови следбеници“ (*Копнежот на вековите*, стр. 440 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Прочитајте го повторно текстот Марко 8,27-29. Колку често пред другите признавате дека верувате во Исуса како Христос (Месија, Избавител)?**

**2. Која е вистинската рамнотежа помеѓу искуството на заедништво со Христа на врвот на горота и искуството на служење на потребите на другите во нејзиното подножје?**

**3. Разговарајте во класата за вашите одговори на прашањето за големината, поставено на крајот од проучувањето за среда. Што заклучивте за разликата меѓу тоа како светот гледа на величината а како Бог гледа на неа? Кои поединци овој свет ги смета за големи, а Бог можеби не ги смета за такви? Спротивно на тоа, кого Бог го смета за голем, а овој свет го игнорира или можеби дури и го презира? Што ни кажува таа разлика за тоа колку навистина се извртени и искривени идеалите на овој свет?**

**4. Како можеме да научиме да го сфаќаме гревот толку сериозно што, како што вели Исус, повеќе би сакале да бидеме осакатени отколку да грешиме?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Лекција 8**
**Од 17 до 23 август 2024**

# ПОУЧУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ – ВТОР ДЕЛ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Марко 10; 1. Мојсеева 1,27; 1. Мојсеева 2,24; Галатјаните 4,1.2; Римјаните 6,1-11; Исаија 11,1-16.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Зашто и Човечкиот Син не дојде да Му служат, туку да служи и да ја даде Својата душа за откуп на мнозина!“ (Марко 10,45)**

Оваа седмица ќе се занимаваме со 10. глава од Евангелието според Марко, со што ќе го заокружиме овој посебен дел во кој Исус ги поучува своите ученици при подготовката за крстот. Околу половина од таа глава се занимава со самите ученици, а останатото со прашања важни за ученииштвото, но гледано низ објективите на другите кои доаѓаат во допир со Исуса. Доаѓаат фарисеите и се расправаат со Него околу темата за развод. Родителите ги носат своите деца за Исус да ги благослови. Еден богат човек се распрашува за вечниот живот, а еден слеп бара да прогледа.

Оваа глава содржи важни учења за тоа што значи да се следи Исус, особено кога станува збор за животот овде и сега: за бракот, за децата, за односот спрема богатството, за наградата и цената на следбеништвото. Круна на сето ова е исцелувањето на вториот слеп човек (Марко 10,46-52; споредете со: Марко 8,22-26), кое го претставува последниот граничник на овој пасус од книгата (Марко 8,22-10,52) и преубава илустрација за тоа колкава е цената на следењето на Исус и кон што нè води тоа.

Сите овие поуки, земени заедно, ги подготвуваат Исусовите следбеници — без разлика дали станува збор за оние од пред 2000 години или овие од дваесет и првиот век — за предизвиците што го следат ученииштвото.

## БОЖЈИОТ ПЛАН ЗА БРАКОТ

**Прочитајте Марко 10,1-12, како и: 1. Мојсеева 1,27 и 1. Мојсеева 2,24. Која стапицата се криела зад прашањето за развод што го поставиле фарисеите, и кои поуки ги изнел Исус во својот одговор?**

---

Во овој исечок фарисеите го прашуваат Исуса дали е дозволено мажот да се разведе од својата жена. Меѓу фарисеите разводот се сметал за законски. Прашањето било само на која основа. Шамајската школа била порестриктивна и дозволувала развод само во случај на бездетност, материјално и емоционално запоставување или брачно неверство. Од друга страна, Хилеловата школа доста попопустлива, дозволувајќи развод практично од која било причина, но нивниот процес на одобрување развод бил посложен, што придонесувало работите да се одвиваат малку побавно.

Затоа можеби е малку чудно што тие му постапуваат прашање на Исуса дали е воопшто прифатлив разводот. Меѓутоа, зад тоа прашање стоел заговор за да му се создаде проблем на Исуса со Ирод Антипа, управителот на областа источно од Јордан, каде што во тој момент се наоѓал Исус. Антипа се развел од својата жена и се оженил со Иродијада, жената на својот брат. Ирод го погубил Јован Крстителот токму поради неговиот прекор во врска со таа недозволена врска (видете Матеј 14,1-12).

Но Исус на тоа возвраќа со сопствено прашање: Што заповедал Мојсеј во тој поглед? Текстот на кој фарисеите се повикуваат во својот одговор е 5. Мојсеева 24,1-4, кој опишува конкретен случај на повторно склопување брак по развод. Израелците во времето на Мојсеј веќе практикувале развод, така што случајот опишан во 5. Мојсеева 24 требало да ѝ обезбеди заштита на жената. Меѓутоа, во Исусово време, тоа било извртено од страна на школата Хилел за да го олесни разводот практично од која било причина. И така законот што требал да ја заштити жената, бил користен за да се олесни нејзиното напуштање.

Наместо да се впушти со нив во расправа за вообичаеното право од 5. Мојсеева 24, Исус се осврнува на Божјиот првичен идеал за бракот, опишан во 1. Мојсеева 1 и 2. Тој забележува дека во почетокот Бог ги создал мажот и жената (1. Мојсеева 1,27), две личности. Потоа ја поврзал таа вистина со 1. Мојсеева 2,24, каде што вели дека мажот ќе ги остави родителите и ќе се придружи на својата жена и дека двајцата ќе станат едно тело. Овој концепт на единство станува основа на Исусовата потврда на брачната врска. Она што Бог го составил, луѓето не треба да го раздвојуваат.

**Што може да направи вашата црковна заедница за да ги зајакне браковите во вашата заедница? Како им помагате на оние чиишто бракови веќе се распаднале?**

# ИСУС И ДЕЦАТА

**Прочитајте го текстот Марко 10,13-16. Што направил Исус за оние што ги носеле своите деца кај Него?**

---

Иако децата биле многу посакувани во древниот свет (особено момчињата во таа култура во која доминирале мажите), раѓањето и одгледувањето деца не било лесно. Без модерната медицинска нега, ризиците за мајките за време на породувањето, како и за новороденчињата, за помладите и постарите деца биле исклучително високи. Во многу култури постоеле традиционални лекови и амајлии кои се користеле за заштита на овие ранливи поединци од злите сили.

Иако биле посакувани, децата имале низок општествен статус и всушност биле на исто ниво со робовите (Галатјаните 4,1.2). Во грчко-римскиот свет несаканите деца или оние кои имале некаков деформитет останувале без заштита, па дури биле фрлани и во река. Момчињата биле повеќе ценети од девојчињата. Понекогаш женските бебиња ги оставале надвор за да умрат во природа. Понекогаш овие напуштени бебиња биле „спасувани“, само за да бидат одгледани и продавани како робови.

Учениците најверојатно не го разбрале Исусовото учење од текстот Марко 9, за тоа дека Божјето царство треба да се прими како дете (Марко 9,33-37). Затоа сега ги прекоруваат луѓето што ги донеле своите деца Исус да ги благослови, веројатно мислејќи дека Тој нема време за толку едноставна задача.

Но не биле во право. Затоа Исус бил огорчен. Низ целото Евангелие според Марко гледаме дека Исус реагира доста бурно на некои човечки постапки и многу е поучно што една од таквите силни реакции била насочена токму кон оние кои ги спречувале децата да му пристапат.

Тој силно инсистира на тоа дека учениците не смеат да им застанат на патот на децата. А зошто? Затоа што Божјото царство им припаѓа на нив, и човекот мора да го прими од перспектива и став на дете – што веројатно упатува на едноставна, простодушна доверба во Бога.

„Не дозволувајте вашиот нехристовиден карактер погрешно да го претставува Исуса. Не ги оддалечувајте децата од Него со вашето студенило и грубост. Не ги терајте да мислат дека Небото нема да биде пријатно место за нив ако сте и вие таму. Не зборувајте за верата како нешто што децата не можат да го разберат или да постапувате како да не се очекува од нив да го прифатат Христа во своето детство. Немојте да придонесувате да создадат погрешен впечаток дека Христовата вера е мрачна и дека, затоа што ќе дојдат кај Христа, мора да се откажат од сето она што животот го прави радосен“ (Елена Г. Вајт, *Во потрага по подобар живот,* стр. 43, 44 оригинал).

**На кои сè начини можете подобро да им го откриете Исуса на децата во вашето опкружување?**

# НАЈДОБРОТО ВЛОЖУВАЊЕ

**Прочитајте го текстот Марко 10,17-31. Кои клучни поуки за верата и цената на ученииштвото за секого, богат или сиромашен, се откриени овде?**

___

Пристапот на овој човек укажува на неговата искреност и почит кон Исуса. Тој трча, клекнува пред Него и Му поставува прашање од суштинска важност за судбината на секоја душа: *Кои се барањата за да се наследи вечниот живот?* Исус одговара така што го упатува на втората плоча од Декалогот. И повторно, човекот го покажува својот идеализам изјавувајќи дека се придржувал до сето тоа уште од детството.

Од сите четири евангелија, само Марко забележува дека Исус го засакал овој човек. Има нешто привлечно во неговиот идеализам. Но Исус ја проверува неговата искреност повикувајќи го да продаде сè што има и да го следи. Тогаш човекот си заминува разочаран бидејќи имал голем имот. Всушност, тој не ги држел заповедите во вистинска смисла. Ја кршел првата заповед, поставувајќи нешто друго над Бога во својот живот. Неговото богатство било негов идол.

Потоа Исус објаснува колку е заводливо богатството и дека е полесно некое крупно животно, како што е камилата, да помине низ ситното отворче на една игла, отколку богат човек да влезе на небото.

Учениците се зачудени од овие зборови на Исус и се прашуваат кој може да биде спасен. Потоа Исус, во стихот Марко 10,27, ја изнесува главната порака на сторијата: „За луѓето тоа е невозможно, но за Бога не е; зашто за Бога сè е можно!“

Стихот Марко 10,27 е убава мисла за завршување на сторијата – не можете да стигнете до небото со сопствени напори, потребна ви е Божјата благодат за да бидете спасени.

Меѓутоа, Петар повторно истрчува, изјавувајќи дека тој и неговите пријатели напуштиле сè за да го следат Исуса. Исус одговара дека она што некој ќе остави за да Го следи Него, не е ништо во однос на она што ќе го прими – и сега и „во идниот век“.

Поентата е следна: Христовата смрт е она што го решава проблемот со човечката вина, а потоа Христовата благодат и Неговиот воскреснат живот се она што нè оспособува да бидеме послушни на Неговите заповеди.

**Прочитајте го текстот Римјаните 6,1-11. На кој начин овие стихови ја откриваат реалноста на Божјата благодат во нашиот живот, која едновремено нè оправдува и нè прави нови луѓе во Него?**

## МОЖЕТЕ ЛИ ДА ЈА ПИЕТЕ ЧАШАТА ШТО ЈАС ЈА ПИЈАМ?

**Прочитајте Марко 10,32-45. Како овие стихови го откриваат постојаното неразбирање на учениците, не само кога станува збор за Исусовата мисија, туку и за тоа што значи да го следат?**

На своето патување Исус сè повеќе се приближува до Ерусалим, а патем им открива на своите ученици што ќе се случи таму. Сепак, тоа не е сценарио во кое тие веруваат и не сакаат да слушаат за тоа. Јасната решеност на Исус во врска со деталите за Неговата смрт и воскресение, едноставно е зачудувачка. Но ако тоа не е она што сакате да го слушнете, тогаш лесно е сето тоа да го отфрлите.

А очигледно токму тоа го направиле Јаков и Јован кога му пристапиле на Исуса со своето приватно барање. Исус со право бара од нив поконкретно да се изјаснат што сакаат, а тие одговараат дека сакаат да седат со Него од десната и од левата страна во Неговата слава. Сега нам ни е лесно да го критикуваме нивното барање како егоцентрично. Меѓутоа, тие двајца целосно се посветиле на Исусовата служба, и тие нивните желби веројатно не биле целосно себични по природа.

Исус настојува да го продлабочи нивното разбирање во поглед на тоа што тие навистина бараат. Тој ги прашува дали можат да пијат од Неговата чаша или да се крстат со Неговото крштевање. Неговата чаша ќе биде чашата на страдањето во Гетсиманија и на крстот (споредете со Марко 14,36), а Неговото крштевање ќе биде Негова смрт и погреб (Марко 15,33-47), настани кои се паралелни со Неговото крштевање опишано во текстот Марко 1 глава.

Меѓутоа, Јаков и Јован не го гледаат тоа. Тие веднаш одговараат дека можат. Исус тогаш пророчки изјавува дека тие навистина ќе ја испијат Неговата чаша и ќе бидат крстени со Неговото крштевање. Јаков бил првиот од апостолите кој умрел со маченичка смрт (Дела 12,2). Јован живеел најдолго од сите апостоли и бил прогонет на островот Патмос (Откровение 1,9). Меѓутоа, Исус забележува дека местото во славата е нешто што сам Бог го одредува.

А како реагирале останатите ученици на Исусовиот одговор? Не баш најдобро. Истиот грчки збор, *aganakteō,* „да се биде лут, огорчен“, се користи во Марко 10,41 и Марко 10,14 за да се опише Исусовиот гнев поради тоа што ги држеле децата од Него.

Потоа Исус ја повикува целата група да се собере и тогаш изнесува едно од неговите најдлабоки учења. Тој истакнува дека незнабожечките владетели ја користат својата моќ за лична корист. Но во Божјето царство, моќта мора секогаш да се користи за подигање и благослов на другите. Исус ги води на тој пат како Владетел на Божјето царство. На кој начин? Давајќи го Својот живот како откуп – а тоа не било баш она што Неговите следбеници очекувале да го слушнат.

**Што значи тоа дека, како христијани, треба да им бидеме „слуги“ на другите? Односно, како овој принцип доаѓа до израз во нашите секојдневни односи со луѓето?**

## „ШТО САКАШ ДА СТОРАМ ЗА ТЕБЕ?“

**Прочитајте Марко 10,46-52. Како реагирал Вартимеј кога Исус поминувал?**

___

До тој момент во Евангелието според Марко, со неколку исклучоци, Исус им зборувал на луѓето да не шират глас за Неговите чуда и за тоа кој е Тој. Во овој извештај, кога Тој го напушта Ерихон, еден слеп човек што проси покрај патот, откако слушнал дека тоа е Исус од Назарет, почнува да вика: „Исусе, сине Давидов, смилувај ми се!“ (Марко 10,47). Во согласност со темата за криење и откривање во оваа книга, мноштвото ја презема улогата на оној што повикува на молчење, безуспешно обидувајќи се да го замолчи бучниот просјак.

Но Вартимеј е непоколеблив и уште погласно извикува: „Исусе, сине Давидов, смилувај ми се!“ (Марко 10,48) Неговите зборови се истовремено признавање на верата во Исуса како Месија и израз на доверба во тоа дека Тој може да го исцели. Два концепта биле поврзани со титулата „син на Давид“ во времето на Исус – враќањето на царот на израелскиот престол (споредете со текстовите: Исаија 11; Еремија 23,5.6; Еремија 33,15; Езекиел 34,23.24; Езекиел 37,24; Михеј 5,2-4; Захарија 3,8; Захарија 6,12) и очекувањето оваа личност да биде исцелител и егзорцист.

Исус застанува и бара да го повикаат слепиот човек. Значајно е што овој слеп човек ја фрла својата наметка додека му пристапува на Исуса. Слепите луѓе во времето на Исус биле на дното на општествената скала, заедно со вдовиците и сирачињата. Тие поединци живееле под нивото на егзистенција и им се заканувала реална опасност. Наметката ја претставувала сигурноста на човекот. Фактот што Вартимеј го оставил зад себе, значело дека имал доверба дека Исус ќе го излечи.

И Исус не го разочарал. Навистина, кој и да Му се обрател за помош во евангелијата, секогаш ја добивал. Исус му го поставил на Вартимеј истото прашање што им ги поставил на Јаков и Јован во текстот Марко 10,36: „Што сакаш да сторам за тебе?“ (Марко 10,51) Без никакво двоумење, слепиот човек бара да му се обнови видот, а Исус го прави тоа во истиот момент. И човекот веднаш тргнува да оди по Него.

Со оваа сторија се завршува делот посветен на учеництвото во Евангелието според Марко, каде што таа служи како меѓник, напоредно со другата, која зборува за исцелување на слепиот човек, забележано во текстот Марко 8,22-26. Тие две стории порачуваат дека учеництвото е, во суштина, гледање на светот со нови очи. Тој обновен вид можеби на почетокот не е сосема јасен, но секогаш подразбира одење со Исуса по патот по кој Тој нè води.

**На кој начин во одреден момент и вие во некој миг сте извикале: „Исусе, сине Давидов, смилувај ми се!“? Што се случило и што сте научиле од тоа искуство?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Копнежот на вековите* од Елен Г. Вајт, прочитајте ги поглавјата со наслов „Благословување на децата“ и „Уште нешто ти недостига“, стр. 511-523 оригинал.

„Исус секогаш ги сакал децата. Ја прифаќал нивната наклоност и нивната искрена, неусилена и ненаметлива љубов. Благодарното величање од нивните чисти усни било музика за неговите уши и освежување за неговиот дух кога бил измачен од допирот со лукавите и лицемерни луѓе. Каде и да одел Спасителот, добродушноста на неговото лице и неговото нежно, љубезно однесување ја задобивале љубовта и довербата на децата“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 511 оригинал).

„На оние што се наоѓаат, како и младиот поглавар, на високи, доверливи положби и имаат голем имот, може да им изгледа премногу голема жртвата на откажување од сѐ за да го следат Христа. Но тоа е правило што важи за сите кои сакаат да станат негови ученици. Послушност мора да се покаже во сѐ што се прифаќа. Самооткажувањето е срцевина на Христовата наука. Често се изнесува и се поучува со јазик што изгледа мошне заповеднички затоа што не постои друг начин за човековото спасение освен решително да се отфрли сѐ она што, ако се негува, ќе го скрши целото суштество“ (*Копнежот на вековите* стр. 523 ориг.).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **На кои сѐ начини можеме да им помогнеме на децата и младите да останат поврзани со Христа и со црковната заедница? Зошто е важно да го правиме ова?**
2. **Понекогаш слушаме како луѓето велат дека не им е грижа за парите. Ова не е вистина. Сите се грижат за парите и нема ништо лошо во тоа. Затоа, во што може да биде проблемот со парите, и зошто верните христијани, без разлика дали се богати или сиромашни, мора да водат сметка како се однесуваат спрема нив?**
3. **Ако Исус ве праша: „Што сакаш да сторам за тебе?“, што би одговориле?**
4. **Повнимателно размислете за Исусовите зборови запишани во текстот Марко 10,43-45. Што значи да се живее на таков начин? Како учиме да служиме наместо нам да ни служат? Што значи тоа, кога станува збор за начинот на кој живееме и комуницираме со другите?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Лекција 9**
**24 – 30 август 2024**

# СУДИРИ ВО ЕРУСАЛИМ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Марко 11; 1. Царевите 1,32-48; Захарија 9,9.10; Исаија 56,7; Еремија 7,11; Марко 12,1-34.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И кога стоите на молитва, проштавајте ако имате нешто против некого, за да ви ги прости и вашиот Татко, Кој е на небесата, вашите гревови“ (Марко 11,25).**

Серијата од пет полемики меѓу Исуса и верските водачи е забележана во 2. и 3. глава од Евангелието според Марко (видете ја 3. лекција). Во лекцијата за оваа седмица ќе видиме дека Исус, по неговото пристигнување во Ерусалим, води серија од шест полемики со верските водачи. Тие две низи расправи се како меѓници на почетокот и на крајот од Неговата земна служба. Секоја од нив се занимава со прашања важни за христијанскиот живот. Исусовите упатства, дури и во тие полемички ситуации, им даваат насоки на верниците кога се во прашање основните прашања за верата, но и за практичните прашања од секојдневното искуство.

Верските поглавари доаѓале да му се спротивставуваат на Исуса, да го збунат и победат, но никогаш не успевале во тоа. Дел од лекцијата за оваа седмица опфаќа анализа на она што ги тера луѓето да му се спротивстават на Бога и разгледување на она што христијаните можат да ѕо направат за да ги разбијат предрасудите и да им проговорат на срцата на оние кои се спротивставуваат на повиците на Духот.

Во текстот Марко 11 се опишува Исусовата служба во Ерусалим за време на Пасха (март - април). Делот од Евангелието според Марко, од 11. до 16. глава опфаќа период од нешто повеќе од една седмица, што значи дека темпото на наративот станува значително побавно. Од друга страна, првите 10 глави покрива период од приближно три и пол години. Таквата бавност укажува на важноста на тие завршни сцени.

# ТРИУМФАЛНОТО ВЛЕГУВАЊЕ

**Прочитајте Марко 11,1-11 и Захарија 9,9,10. Што се случува таму?**

______________________________________________________________

Половина од овој наратив се однесува на настанот кога Исус испратил двајца ученици во едно блиско село да донесат магаре кое Тој ќе го јава во Ерусалим. Зошто било потрошено толку многу време на тој извештај?

Постои двоен одговор на ова прашање. Прво, тој ја покажува Исусовата пророчка моќ, зголемувајќи го достоинството на Неговото доаѓање и поврзувајќи го со Божјата волја. Второ, овој аспект од наративот се поврзува со текстот Захарија 9,9.10, кој зборува за цар како влегува во Ерусалим јавајќи на магаре. Тоа нѐ потсетува на влегувањето на Соломон во Ерусалим на магаре (1. Царевите 1,32-48), кога Адониј се обидел да го узурпира престолот и кога Давид заповедал Соломон веднаш да биде крунисан.

„Петстотини години пред Христовото раѓање пророкот Захарија така го преткажал доаѓањето на царот во Израел. Ова пророштво сега треба да се исполни. Тој, кој толку долго ги одбивал царските почести, сега доаѓа во Ерусалим како ветениот наследник на Давидовиот престол" (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите* , стр. 569 оригинал).

Ерусалим е сместен на ридски терен, на надморска височина од приближно 740 метри. Во времето на Исус неговото население броело можеби 40.000 – 50.000 луѓе, но тој број значително се зголемувал за време на Пасха. Градот се простирал на приближно 250 хектари земја, а притоа само храмската гора зафаќала околу 37 хектари. Прекрасниот храмски простор доминирал во градот.

Исус влегол од исток, спуштајќи се од Маслинската гора и веројатно поминал низ Златната порта доаѓајќи на Храмската гора (порта која сега е иззидана). Целиот град бил возбуден од Неговото доаѓање, бидејќи сите го препознале значењето на Неговиот симболичен чин. Толпата што го следела Исуса извикувала *Осана*, израз кој првично значел „спаси сега", но на крајот го добил значењето „слава на Бога".

Времето за тајновитост и криење, на кое Исус инсистирал во поголемиот дел од Евангелието според Марко, поминало. Сега Исус отворено влегува во Ерусалим со добро познатиот царски симболичен манир. Влегува во храмот, но бидејќи веќе е доцна, едноставно гледа наоколу, а потоа се повлекува во Витанија со дванаесеттемина ученици. А она што можело да се претвори во немири и бунт, завршува така што Тој тивко се повлекува. Сепак, следниот ден ќе биде поинаков.

**Идејата за јавање на магаре упатува на понизност. Зошто е ова толку важна карактерна црта, особено за христијаните? Во светлината на крстот, со што можеме да се гордееме?**

# ПРОКОЛНАТОТО ДРВО И ОЧИСТЕНИОТ ХРАМ

**Прочитајте го текстот Марко 11,12-26. Кое е значењето на настаните што се опишани тука?**

---

Утрото, кога тргнал од Витанија, оддалечена едвај повеќе од три километри одалечена од Ерусалим, Исус бил гладен. Здогледал во далечината една разлистена смоква и ѝ се приближил за да најде некој ран плод на неа. Ова не би се сметало за кражба бидејќи, според старозаветниот закон, можело да се јаде од што ќе се затекне во туѓа нива или овоштарник за да се задоволи гладот (3. Мојсеева 19,9; 3. Мојсеева 23,22; 5. Мојсеева 23,25). Но не нашол никаков плод, и му рекол на дрвото: „Отсега никој довека да не јаде плод од тебе!“ (Марко 11,14). Тоа била многу чудна и невообичаена постапка за Исуса, но она што следело веднаш потоа, било уште пошокантно.

А следно што се случило, веројатно се одиграло во надворешниот двор на храмот, каде што се продавале жртвени животни (обичај што Кајафа го вовел не толку долго пред тоа). Исус ги растерал продавачите од дворот, за да може да се врати мирот на богослужението. Оваа Негова постапка е директен напад врз оние кои се одговорни за системот на службите во храмот.

Исус поврзува два старозаветни стихови како остар прекор за таа несвета трговија. Тој инсистира на тоа дека храмот е дом на молитва за сите народи (Исаија 56,7), кој недвосмислено ги вклучува и незнабошците. Потоа вели дека водачите од него направиле разбојничка пештера (Еремија 7,11). На крајот од тој неверојатен ден, Исус го напушта градот со своите ученици (Марко 11,19).

А кога се вратиле во градот следното утро (видете Марко 11,20-26), учениците се зачудиле кога ја здогледале смоквата која се исушила од корен. Во своето објаснување за тоа што се случило, Исус изнесува поука за молитвата и простувањето. Што значи сето тоа?

Овие два настана ја претставуваат четвртата сендвич-сторија во Евангелието според Марко (видете ја 3. лекција). Во ваквите приказни се јавува драматизирана иронија, која се огледува во тоа што паралелните карактери вршат спротивни дејства, или спротивните карактери вршат паралелни дејства. Во оваа сторија, смоквата и храмот стојат паралелно. Исус го проколнува дрвото но го чисти храмот, што претставуваат спротивни дејства. Иронијата е во тоа што верските водачи сега подготвуваат заговор да го убијат Исуса, и тоа нивно проклетство ќе го укине значењето на храмските служби, кои се исполниле во Исуса.

**Што е тоа во вашиот живот што Исус треба да го очисти? Како се случува тоа?**

## СО КАКВА ВЛАСТ ГО ПРАВИШ ТОА?

**Прочитајте Марко 11,27-33. Со кое прашање се соочуваат верските водачи со Исуса и како Тој им одговара?**

---

Следниот ден откако Исус ќе го очисти храмот, верските водачи се соочуваат со Него во дворот на храмот и го прашуваат со чие овластување го направил тоа. Тие не ја бараат вистината, туку настојуваат да Го фатат во стапица. Кога би рекол дека неговата власт е од Бога, тие би негирале дека еден обичен дрводелец би можел да има таква власт. Кога би признал дека неговата власт е од луѓето, тие би го прогласиле за некаков луд човек.

Но Исус ја проѕрел нивната стапица и затоа вели дека ќе им одговори ако тие прво одговорат на Неговото прашање. А она што Тој ги прашува е дали Јован овластување да крштава добил од Бога или од луѓето. Во истиот момент водачите сфаќаат дека, всушност, самите се нашле во стапица. Ако кажат дека е од Бога, Исус ќе праша: „Зошто тогаш не му поверувавте?“ А не смееле ни да кажат дека е од луѓе, бидејќи се плашеле од народот. Затоа излажале велејќи дека не знаат. Ова му дало можност на Исуса да одбие да одговори на нивното прашање.

**Прочитајте Марко 12,1-12. Што рекол Исус веднаш откако одбил да одговори на прашањето на фарисејот, и каков учинок имало тоа?**

---

Исус ја изнесува параболата за лозјето, за неговиот сопственик и за лозарите на кои им ја изнајмил нивата. Оваа Исусова парабола има големи сличности со параболата за лозјето што ја наоѓаме во текстот Исаија 5 глава, каде што Бог упатува обвинувања против неверниот Израел. Секој би ја забележал паралелата, особено верските водачи.

Параболата се одвива на најнеобичен начин, бидејќи лозарите одбиваат да му предадат дел од плодовите на лозјето на сопственикот. Наместо тоа, тие ги малтретираат и ги убиваат неговите слуги. На крајот, лозарот го испраќа својот сакан син, очекувајќи дека барем него ќе го почитуваат. Но тоа не се случува. Чудно е што тие мислат дека, ако го убијат синот на сопственикот, лозјето ќе им припадне ним. Вџашува нелогичноста на нивното резонирање, и пресудата што ќе им биде изречена е сосема оправдана.

**Со таа приказна Исус, всушност, им упатил на верските водачи најсериозно предупредување за тоа каде водат нивните чекори. Согледана во оваа светлина, Неговата парабола е предупредување изговорено со љубов. Сè уште не е предоцна тие да се променат и да избегнат сигурен суд. И некои навистина ќе се покаат, ќе се променат и ќе го прифатат Исуса, но други нема да го сторат тоа.**

## ЗЕМНИТЕ ДОЛЖНОСТИ И НЕБЕСНИТЕ РЕЗУЛТАТИ

**Прочитајте Марко 12,13-27. Што се случува тука и за кои вистини ги учи Исус?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Верските водачи се обидувале да го фатат Исуса во нешто за што би можеле да го обвинат, било пред римскиот управител или пред народот. Во оваа расправа, спорното прашање било околу плаќањето данок. Во тоа место и во тоа време, одбивањето да се плати данок можело да се смета за бунт против римската власт, што претставувало сериозен престап.

Од таа стапица го извлекол Исусовиот одговор дека на царот треба да му се даде она што е царево, а на Бога она што е Божјо, но воедно послужило и како важно упатство за одговорноста на верникот кон властите. „Држејќи во својата рака кована монета на која било втиснато името и ликот на цезарот, изјавил дека, бидејќи живеат под заштита на римската сила, треба да ѝ даваат потпора што ја бара сè додека тоа не се судри со повозвишената обврска. Меѓутоа, додека миролубиво им се покоруваат на земните закони, тие во сите времиња треба прво да му се покоруваат на Бога“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 602 ориг.).

Потоа следи прашањето за воскресението на мртвите. Садукеите биле свештеничка група која ги прифаќала само петте Мојсееви книги како Свети списи. Тие не верувале во воскресение на мртвите. Сценариото што го изложиле пред Исуса, веројатно било хипотетичко. Се однесувало на седум браќа и една жена. Според Мојсеевиот закон, за да се зачува имотот во рамките на семејството, ако некој човек умрел без да има синови, неговиот брат бил должен да се ожени со неговата вдовица, а секое дете родено од таквата заедница законски би му припаѓало на починатиот човек (5. Мојсеева 25,5-10).

Во обид да го дискредитираат учењето за воскресението, садукеите укажуваат на моралната дилема околу тоа чија сопруга ќе биде таа жена по воскресението. Исус возвраќа на овој нивен аргумент во два чекора, повикувајќи се на Светото писмо и на Божјата сила. Прво, Тој ја опишува Божјата моќ да ги воскреснува мртвите и навестува дека нема да има мажење ни женење на небото. Потоа, тој го брани учењето за воскресението повикувајќи се на текстот 2. Мојсеева 3,1-22, каде што Бог вели дека Тој е Бог Аврамов, Исаков и Јаковов. А според Исусовите зборови, тоа значи дека тие ќе бидат воскреснати. Затоа што тие не можат да останат мртви ако Бог е Бог Аврамов, Исаков и Јаковов кои, во овој момент, се мртви.

**Ако некој ве праша: „Дали сте ја искусиле Божјата сила?“ – што би му одговориле и зошто?**

## НАЈГОЛЕМАТА ЗАПОВЕД

**Прочитајте Марко 12,28-34. Кое значајно прашање му го поставил овој пријателски расположен учител на законот, и кој двоен одговор му го дал Исус?**

---

Сè до тој момент во Евангелието според Марко повеќето верски водачи, со неколку исклучоци, се непријателски расположени спрема Исуса. Ова особено важело за Ерусалим, каде што Исус се судрил со водството околу богослужението во храмот – она што ја сочинува самата срцевина на јудаизмот. Оттука, фактот што еден законик, слушајќи ги сите тие расправи, и среде преовладувачкото непријателство кон Исуса, сепак покажал дека ги цени Неговите одговори, многу зборува и за искреноста и храброста на тој човек. Би му било полесно едноставно да се повлекол и само да посматра што се случува, дури и ако осетил наклоност спрема Исуса. Но овој човек не го прави тоа.

Со своето прашање за тоа која заповед е најважна, овој законик проникнува во самата срж на религијата. Исус одговара едноставно и јасно, цитирајќи ја „Шема“, исповедање на верата во јудаизмот, запишано во текстот 5. Мојсеева 6,4.5. Најголемата заповед, вели Исус, е да го сакаш Бога со целото свое срце, душа, ум и сила, односно со целото свое битие. Исус му дава на тој законик дури и повеќе отколку што барал, наведувајќи ја следната најважна заповед и повторно цитирајќи го Стариот завет, овој пат текстот 3. Мојсеева 19,18 – да се сака својот ближен како самиот себе.

Понекогаш луѓето се прашуваат како е можно некому да му заповедаш да сака. Но културниот контекст во кој е изречена таа заповед од 5. Мојсеева, ни помага тоа да го објасниме. Овој начин на изразување потекнува од древните договори меѓу различни страни, а самиот израз за „љубов“ се однесува на верноста кон барањата на спогодбата и нивното доследно исполнување. Според тоа, тој поим, иако не го исклучува постоењето на длабока наклонетост меѓу страните, многу повеќе се однесува на постапките што ја покажуваат таквата лојалност.

Бидејќи бил искрен, овој законик, согледувајќи ја јасноста и едноставноста на Исусовиот одговорот, се согласил со Него. Можеме само да ги замислиме муртењата на останатите верски водачи кога тој искрен учител на законот го потврдил Исусовиот одговор како точен, што никој друг не бил готов да го стори тоа. Исто така, Исус го пофалил тој законик за неговиот искрен одговор, велејќи му дека не е далеку од Божјето царство. Меѓутоа, да не се биде далеку не значи да се биде внатре. Она што сè уште му недостигало на тој законик, било да препознае кој е навистина Исус и да Го следи, што е следниот чекор во патувањето со вера.

**Како учиме да го сакаме Бога и да ги сакаме ближните како самите себе? Зошто крстот претставува клучот за постапување според тие заповеди?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Копнежот на вековите* од Елена Г. Вајт, прочитајте ги главите со наслов „Осуден народ“, „Повторно чистење на храмот“ и „Судир“ стр. 580-609 (оригинал).

„Оваа опомена е за сите времиња. Христовиот чин на проколнување на дрвото што го сторил со своја сила стои како опомена за сите цркви и за сите христијани. Никој не може да живее според Божјиот закон ако не им служи на другите. Меѓутоа, има многу такви кои не живеат со милосрден, несебичен Христов живот. Некои што себеси се сметаат за одлични христијани не сфаќаат во што се состои службата на Бога. Тие размислуваат и проучуваат како да си угодат себеси. Времето има вредност за нив само ако можат да собираат за себе. Во сите животни настани ова е нивна цел. Тие не им служат на другите, туку само себеси. Бог ги создал да живеат во свет во кој мора да се покаже несебична служба. Тој одредил на секој можен начин да им помагаат на своите ближни. Меѓутоа, нивното ’јас‘ е толку големо, што не можат да видат ништо друго. Не се во врска со човештвото. Тие, кои живеат така само за себе, се слични на смоквата што имала убав надворешен изглед, но била без род. Тие се придржуваат кон формата на побожноста, но без покајание или вера. Божјиот закон го почитуваат со зборови, но им недостига послушност. Зборуваат, но не прават. Во проклетството изречено над смоквеното дрво, Христос покажал колку е одвратно во неговите очи ова напразно преторување. Тој изјавува дека оној што греши јавно е помалку виновен од оној што му служи на Бога по име, а не раѓа никаков род на негова слава“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 584 оригинал).

**ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР**

1. **Размислете за смислата на Христовото чистење на храмот. Како би можел тој принцип да се примени на нашата црква денес? Како може да се изврши такво чистење?**
2. **Низ сите евангелија, секогаш одново, Исус се повикува на Светото писмо и тврди дека тоа мора да се исполни. Што ни кажува ова за нивната пресудна важност за животот со вера? Зошто мораме решително да го отфрлиме секој обид да се омаловажи авторитетот на Светото писмо, особено тврдењето дека тоа претставува само човечки идеи за Бога, за тоа кој е Тој и како Тој дејствува?**
3. **Каде е вистинската линија на разграничување меѓу црквата и државата? Како Исусовото учење од текстот Марко 12,13-17 ја насочува таа дискусија?**
4. **Побарајте текстови кои зборуваат за воскресението. Зошто ова учење е толку суштинско за нашата вера, особено во врска со состојбата на мртвите?**

**САБОТА**, 31 август 2024

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Лекција 10**
**Од 31 август до 6 септември 2024**

# ПОСЛЕДНИ ДЕНОВИ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Марко 12,41-44; Марко 13,1-32; Даниел 9,24-27; Даниел 7,25; 1. Солуњаните 4,13-18.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И тогаш ќе Го видат Човечкиот Син како доаѓа на облаците, со голема сила и слава. И тогаш, Тој ќе ги испрати Своите ангели и ќе ги собере своите избрани од четирите ветра, од крајот на земјата до крајот на небото“ (Марко 13,26.27).**

Лекцијата за оваа седмица започнува со многу краток наратив од крајот на 12. глава од Евангелието според Марко, каде што Исус дава длабока изјава за малиот чин на една вдовица. Меѓутоа, главниот дел од оваа лекција се занимава со текстот Марко 13, впечатливо пророштво за судбината на ерусалимскиот храм и пошироко. Оваа глава, како и паралелните глави, Матеј 24 и Лука 21, зборува за падот на Ерусалим и пошироко, сè до крајот на светот.

Она што текстот Марко 13 целосно го разјаснува е фактот дека тоа пророштво се протега од времето на пророците, Исуса, до времето на крајот, односно до Неговото второ доаѓање. Тој образец го следи она што е познато како „историцистичко толкување на пророштвата за времето на крајот“, наспроти обидите овие пророштва да се сместат во минатото или во далечна иднина.

Како што е случајот со многу Исусови учења во Евангелието според Марко, Господовите поуки биле дадени како одговор на некое прашање или некое погрешно сфаќање од страна на Неговите ученици. Тие прашања или погрешни сфаќања му даваат на Исуса можност да поучува за вистините кои се од клучно значење за христијанскиот живот и искуство. Исус не само што ја претскажува иднината, туку и ги упатува своите ученици, тогаш и сега, како да се подготват за претстојните искушенија.

## ДВЕТЕ СИТНИ ПАРИЧКИ КАКО ПРИЛОГ

**Прочитајте го текстот Марко 12,41-44. Колку дала таа вдовица и што имал Исус да каже во врска со тоа?**

---

Ерусалимскиот храм бил неверојатно убава градба. Храмската гора доминирала над градот, а масивните камени блокови користени во изградбата на храмот остануваат вистинско чудо до ден-денес, бидејќи некои од нив тежат и повеќе стотици тони. Обновата и проширувањето на храмот и на храмската гора започнале во времето на Ирод Велики, околу 20 година од нашата ера, но неговата изградба и украсување траеле сè до 60-тите години.

Многу луѓе носеле големи приноси, кои ги ставиле во 13 ковчези поставени во дворот за жени во близина на храмот. И токму тука седел Исус кога видел како една вдовица се приближува и става две лепти. Тоа би одговарало на сооднос 1/32 во однос на денарот, вообичаената дневница на физичките работници. Затоа прилогот на жената бил прилично мал.

Меѓутоа, Исус бил импресиониран од нејзиниот прилог. Многу богати поединци ставале големи суми, но Тој не ги коментирал даровите што тие ги оставале. Сепак, прилогот на вдовицата ја поттикнал Неговата пофалба. Тој изјавува дека таа дала повеќе од сите други. Како е можно? Исус забележува дека другите давале од своето изобилство, а таа од својата сиромаштија. На нив им останало уште многу, а таа дала сè што имала за живот. Овој факт го направил нејзиниот дар дури и претерано голем, иако неговата парична вредност била мала.

Оваа сторија содржи длабока поука за управувањето со ресурсите. Давањето за Божјото дело не зависи од постапките на водачите за да биде оправдано. Верското раководство на храмот било корумпирано, но Исус не го поддржувал задржувањето на прилозите поради тоа. Ако некогаш постоеле корумпирани верски водачи (разни Кајафи, Ани), водачите од тоа време биле меѓу најлошите. А Исус го знаел тоа.

Вистина е дека водачите имаат света одговорност да ги користат средствата во согласност со Божјата волја, но дури и ако не го прават тоа, луѓето кои приложуваат за Божјото дело ќе бидат благословени во тоа, како што била и оваа жена.

Задржувањето на десетокот и прилозите, од друга страна, кога водачите ќе направат нешто несоодветно, би значело дека нашето дарување е поврзано со нивните постапки, а не со благодарноста кон Бога. Колку и да сме во искушение да постапиме така, тоа сепак е погрешно.

**Што треба да нè научи таа сторија за тоа колку е важно да бидеме верни во она што го даваме за Божјото дело?**

## НИ КАМЕН НА КАМЕН

**Прочитајте Марко 13,1-13. Како реагирале учениците на Исусовата изјава за храмот и какво е значењето на одговорот што Тој им го дал?**

---

Како што веќе забележавме, храмскиот комплекс бил навистина чудесна градба. Јосиф забележува дека царскиот трем на јужната страна на комплексот имал 162 столбови, од кои секој бил толку дебел што биле потребни тројца луѓе со раширени раце да го опфатат (*Antiquities*, 15.11.5 §§413-414). А Исус вели дека сето тоа ќе биде разурнато. Таквото пророштво за таа восхитувачка градба на слушателите им звучело како крај на светот.

„Што можел да мисли Отфрлениот, додека неговото внимание било насочувано кон величественоста на Храмот. Сцената пред него навистина била извонредна, но Тој со тага рекол дека сето тоа го гледа. Зградите навистина се величествени. Вие покажувате на овие ѕидови како да се потполно неуништиви, но чујте ги моите зборови: Ќе дојде ден кога ’овде нема да остане ни камен на камен‘“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 627 оригинал).

Учениците сега сакале да знаат кога ќе се исполни тоа Исусово пророштво. И така, во стихот Марко 13,4, гледаме мала група од нив – Петар, Јаков, Јован и Андреј – како се распрашуваат за точното време на тие настани. Тие сакаат да знаат кога сето ова ќе се случи и кој ќе биде знакот дека овие настани се близу.

Она што е особено впечатливо во текстот Марко 13,5-13 е тоа што Исус најмногу време посветува не на опишување на падот на Ерусалим, туку на предупредувањето на учениците за тоа што можат да очекуваат во нивната служба за воспоставување на ранохристијанската црква. Но ни тоа не звучи дека ќе биде лесно.

Тие, всушност, ќе бидат прогонувани, изведувани пред судови, а некои ќе бидат и убиени. Но и покрај сето тоа, забележува Исус, сè уште нема да биде крајот. Тие не треба да бидат измамени од тие бурни настани. Освен тоа, Светиот Дух ќе им дава зборови кои треба ги изговараат во вистинско време, дури и кога семејството и пријателите ќе ги напуштат.

Главната поука што можеме да ја извлечеме од тие воведни зборови на Исусовото пророштво е дека Божјиот народ не треба да се плаши од нереди и искушенија. Тие треба да бидат будни, бидејќи Божјиот Дух ќе ги води низ неволјите.

**Какво било вашето искуство со неволјите што ве снашле затоа што сте го следеле Исуса? Ако не сте имале никакви неволји, можеби би требало да се запрашате дали навистина го следите?**

# МЕРЗОСТА НА ЗАПУСТЕНИЕТО

**Прочитајте Марко 13,14-18. Какво навестување дава Исус за тоа на што може да се однесува изразот „мерзоста на запустението“ [мерзост – нешто одвратно, што предизвикува пустошење; заб. на прев.]?**

___

___

Во стихот Марко 13,14 Исус доаѓа до централната точка во врска со падот на Ерусалим. Тој ја спомнува *„мерзоста на запустението“*. Господ вели дека читателот би требало тоа да го разбере. Со овие зборови, Исус ги упатува учениците кон Книгата на пророкот Даниел. Сличен израз се појавува во стиховите Даниел 9,27, Даниел 11,31 и Даниел 12,11, со паралела во стихот Даниел 8,13.

**Прочитајте го текстот Даниел 9,26.27. Кој е „Помазаникот“, а кој „кнезот“ што ќе дојде?**

___

Зборот „помазаник“ од стихот Даниел 9,26 на еврејски е *m̆šiaḥ* (машиах)*,* односно *Месија.* Врз основа на внимателно проучување на текстот Даниел 9,24-27, станува јасно дека изразот „помазаник“ се однесува на доаѓањето на Исуса Христа.

Но кој е тој „кнез“ што ќе дојде и ќе донесе пустошење на градот Ерусалим? Градот бил разорен од римскиот генерал Тит. Според тоа, логично е дека тој е водачот што ќе дојде, за кој се зборува во текстот Даниел 9,26.27. Тие две личности се поврзани затоа што начинот на кој се постапувало кон Месија довел до пропаст на градот.

Но каква е таа „мерзост на запустението“ за којашто зборува Исус повикувајќи се на Даниел? За жал, многу изучувачи на Библијата сметаат дека тоа пустошење се однесува на скврнавењето на храмот од страна на Антиох Епифан во текот на вториот век пр. н. е. Меѓутоа, тоа не се вклопува. Исус ја опишува таа „мерзост на запустението“ како нешто што се случило по Неговото време, па затоа тешко може да се однесува на нешто што се случило два века пред Христовата земна служба.

Всушност, тоа пустошење веројатно се однесува на поставувањето римски пагански знамиња во Израел за време на опсадата на Ерусалим кон крајот на 60-тите години од нашата ера. Ова било знак за христијаните да побегнат, а тие тоа и го направиле.

**Токму како што предвидел Исус, Ерусалим паднал. Како можеме да научиме да Му веруваме Нему и на Библијата во сите нејзини предвидувања?**

## ГОЛЕМА НЕВОЛЈА

**Прочитајте го текстот Марко 13,19. На што се однесува тој текст?**

---

Стихот Марко 13,4, кој зборува за „мерзоста на запустувањето“, е клучна точка околу која се врти целата глава (видете го проучувањето од вторникот). И стихот Марко 13,19 означува преодна точка. Се однесува на голема неволја каква што немало од создавањето на светот. Тоа претскажува поголемо и посеопфатно прогонство од она што се случило при падот на Ерусалим. Во стихот Марко 13,19 се преминува на идно време, кое упатува на настани уште подалечни од Исусовото време.

И токму како што стихот Марко 13,14 е поврзан со пророштвото од 9. глава од Книгата на пророкот Даниел, големото прогонство опишано овде во текстот Марко 13,19-23 упатува на пророштвата од 7. и 8. глава во истата книга, кои говорат за тоа како силата на малиот рог го прогонува Божјиот народ „за едно време и за две времиња и за половина време“ (Даниел 7,25). Тоа пророчко време од 1.260 дена одговара на периодот од 1.260 буквални години (4. Мојсеева 14,34; Езекиел 4,6). Тоа време се протега од 538 до 1798 г. од новата ера. Во 1798 година Наполеон го испратил својот генерал да го зароби папата. Во текот на тој период од 1.260 години, силата на малиот рогот ги прогонувала и убивала оние што не се согласувале со нејзиниот систем на црковна власт.

**Прочитајте го текстот Марко 13,20-23. Каква надеж му упатува Бог на својот народ во врска со траењето на тоа прогонство и кое предупредување им го дава за времето откако тоа ќе заврши?**

---

Стихот Марко 13,20 зборува за тоа дека прогонството ќе биде скратено заради Божјиот народ. Историски гледано, огновите на прогонството малку стивнале по подемот на протестантската реформација, со што е скратено времето на неволји. Како што се намалувала моќта на малиот рог, сè повеќе луѓе се приклучувале на реформите. Меѓутоа, малиот рог повторно ќе се издигне на власт, како што најавува пророштвото од Откровение 13 глава.

Во Марко 13,21-23, Исус предупредува на уште една друга закана – лажни пророци и лажни Христоси, кои ќе се појават пред Неговото враќање. Исус ги предупредува своите следбеници да се чуваат од нив.

**Во времето кога Исус предупредувал против тие лажни Христови, Неговото движење едвај било во својот зачеток, но сепак Тој можел да изнесе такво неверојатно предвидување, кое се остварило (дури и денес има луѓе кои тврдат за себе дека се Исус). Зошто тоа пророштво треба да ја зајакне нашата доверба во Божјата реч?**

# ДОАЃАЊЕТО НА СИНОТ ЧОВЕЧКИ

**Прочитајте Марко 13,24-32. Кој голем настан е опишан тука?**

___

Тоа не е ништо друго освен враќањето на Исуса Христа во слава, на кое му претходат знаци на сонцето, месечината и ѕвездите. Новиот завет е полн со пророштва кои укажуваат на тој чудесен настан. Апостол Павле детално го опишува тоа во текстот 1. Солуњаните 4,13-18, каде што зборува за тоа како оние што заспале во Христа ќе бидат вратени во живот и како ќе ги стигнат живите свети, за да се сретнат заедно со Христа во воздухот. Во 1. Коринќаните 15, апостолот детално зборува за реалноста на воскресението на мртвите што ќе се случи при Христовото враќање.

Петар исто така го опишува тој голем ден во текстот 2. Петрово 3,3-13, објаснувајќи дека Господ не доцни со исполнувањето на своите ветувања, туку Тој сака сите луѓе да се покаат. А во книгата Откровение има поживописни прикази на Христовото враќање (види: Откровение 1,7; Откровение 6,12-17; Откровение 14,14-20 и Откровение 19,11-21). Новиот завет доследно учи за Христовото враќање како лично, буквално, видливо и чујно. Кога ќе дојде, сите ќе Го видат.

Тогаш што мисли Исус под изразот „ова поколение“, „за оној ден“ и „за оној час“? Тие зборови ги мачат многу луѓе, бидејќи поколението на оние на кои им зборувал Исус, очигледно, одамна не е меѓу живите.

Предложени се повеќе решенија за толкување на тој пасус. Некои тврдат дека изразот „поколение“ може да се однесува на одреден народ, во овој случај, на Евреите. Што би значело дека еврејскиот народ нема да изумре пред Христовото враќање. Според друго решение, тоа значи дека генерацијата луѓе кои ќе го видат исполнувањето на сите тие знаци, нема да изумре пред Христовото враќање.

Меѓутоа, поедноставно решение е да се забележи дека во стихот Марко 13,30 Исус го користи зборот „ова“, како во изразот „ова поколение“, и дека во стихот Марко 13,32 го користи зборот „оној“, како во изразот „за оној ден и час“. Во 13. глава од Евангелието според Марко, зборот „ова“ (*houtos, hautē, touto* ) се јавува почесто во стиховите 1-13, кои упатуваат на уништувањето на Ерусалим. А зборот „ова“ го карактеризира последниот дел од таа глава.

Според тоа, изразот „ова поколение“ веројатно се однесува на генерацијата од првиот век, која го видела разорувањето на Ерусалим, како што опишува стихот Марко 13,30. Меѓутоа, Марко 13,32 зборува за второто Христово доаѓање, кое сè уште е во иднина и временски е мошне оддалечено од првиот век. Во согласност со ова, во текстот Марко 13,32 се употребува зборот „оној или тој“, бидејќи се зборува за настани кои се временски пооддалечени од првиот век.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Копнежот на вековите* од Елена Г. Вајт, прочитајте го поглавјето со наслов „На Маслинската гора“, стр. 627-636 (оригинал).

Во светот се случуваат многу работи кои се мошне вознемирувачки. Луѓето се навистина исплашени поради сè што се случува. Како ние, како адвентисти на седмиот ден, кои имаме еден вид „внатрешен увид“ во овие настани, да го употребиме сето тоа за да им укажеме на луѓето на надежта што ја имаме во Исуса и на ветувањето за Неговото доаѓање?

„Затоа што не го знаеме точното време на неговото доаѓање, сме добиле налог да стражариме. ’Блазе на оние слуги кои, кога ќе дојде господарот, ќе ги најде како бдеат‘ (Лука 12,37). Оние што внимаваат на Господовото доаѓање не чекаат напразно. Очекувањето на Христовото доаѓање треба да ги поттикне луѓето да се бојат од Господа и од неговата осуда на престапот. Тоа треба да ги разбуди да знаат колку е голем гревот да се отфрли неговата понуда на милоста. Оние што го очекуваат Господа ги чистат своите души со послушност на вистината. Тие будното стражарење го соединуваа со сериозна работа. Затоа што знаат дека Господ е пред врата, нивната ревност станува делотворна во соработка со божествените сили во настојувањето да се спасат душите. Тоа се верни и мудри слуги кои на Господовиот дом му даваат ’храна на време‘ (Лука 12,42). Тие ја објавуваат вистината што посебно може да се примени на сегашното време. Како Енох, Ное, Аврам и Мојсеј што ја објавувале вистината за своето време, така сега Христовите слуги ќе му упатат посебна опомена на своето поколение“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 634 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Едно е да се дава прилог за Божјото дело, а сосема друго е да се дава пожртвувано. Во што е разликата и зошто оваа разлика е толку важна?**
2. **Зошто Бог не го спречил прогонството на својот народ низ вековите, како ни во денешниот свет? Како мотивот на големата борба ни помага да сфатиме, донекаде, зошто доаѓа до прогонство?**
3. **Според вас, кои знаци на Христовото доаѓање се издвојуваат во сегашниот свет?**
4. **Размислете за состојбата на мртвите и за фактот дека мртвите спијат додека Христос не се врати. Луѓето ги затвораат очите во моментот на смртта, и што е првото нешто за што потоа стануваат свесни? Како оваа идеја ни помага да разбереме во која смисла, за секоја личност поединечно, Христовото второ доаѓање е секогаш мошне близу?**

**Лекција 11**
**Од 7 до 13 септември 2024**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

# ФАТЕН И ИЗВЕДЕН ПРЕД СУД



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Марко 14; Јован 12,4-6; Римјаните 8,28; 2. Мојсеева 24,8; Еремија 31,31-34; Захарија 13,7.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И велеше: ‘Ава, Татко! Сè е можно за Тебе. Отстрани ја од Мене оваа чаша! Но не како Јас што сакам, туку како Ти!’“ (Марко 14,36)**

Текстот од 14. до 16. глава од Евангелието според Марко е познат како „Наратив за Христовите страдања“ бидејќи ги опишува Исусовите страдања, Неговата смрт и воскресение. Како што забележавме во 9. лекција, последните шест глави од Евангелието според Марко опфаќаат временски период од околу една седмица. Повеќето од настаните опишани во текстот Марко 14-16 се случиле во четврток и петок од таа Страдална седмица. Исусовата смрт настапила во петок, а Неговото воскресение се случило во недела.

Лекцијата за оваа седмица се сосредоточува на 14. глава од Евангелието според Марко, кое започнува со петтата сендвич-сторија, во која се испреплетуваат две спротивни постапки спрема Исуса. По ова настапува Последната Тајната вечера, а потоа Неговата душевна борба во Гетсиманија. Таму бил уапсен и изведен пред водачите за да му биде судено. Сцената на судењето е поврзана со Петровото откажување од Исуса, што е шеста и последна сендвич-сторија во Евангелието според Марко. И повторно се случуваат две спротивни дејства, но во ироничен пресврт, и двете ја потврдуваат истата вистина.

Низ целиот наратив двата спротивни заплети се одвиваат паралелно. Во својот брз стил, Марко ги изнесува овие спротивставени заплети пред читателот, откривајќи го Исусовиот триумф.

## НЕШТО НЕЗАБОРАВНО

**Прочитајте го текстот Марко 14,1-11. Кои две стории се испреплетуваат тука и како се надоврзуваат една на друга?**

Во стихот Марко 14,1 се спомнува дека имало уште два дена до Пасха. Тоа значи дека таа средба се одиграла или во вторник навечер или во среда таа седмица. Верските водачи имале план и „тајминг“ (зголеден момент). Ним им требало само прилика за да ја остварат својата цел. А таа се појавила од неочекувана страна.

Овој исечок е петта сендвич-сторија во Марковото евангелие (видете ја 3-та лекција). Сторијата за заговор против Исуса е поврзана со сторијата за жената што ќе изврши помазание врз Исусовата глава со скапоцено мирисно масло. Два спротивни карактери вршат спротивни дејства, создавајќи ироничен контраст.

Марко не открива која е жената што се споменува тука. Нејзиниот прекрасен дар за Исуса е во спротивност со подмолноста што ја покажува Јуда кога го предава својот Господ. Таа останува неименувана, а тој се претставува како еден од Дванаесеттемина. Вредноста на нејзиниот дар е точно наведена, додека неговата награда се само ветените пари.

Не се спомнува никаква конкретна причина зошто таа го прави тоа, но во моментот кога жената ќе го излее мирисното масло на Исуса, останатите гости на таа вечера згрозено реагираат на нејзината постапка, која ја сметаат за големо трошење на речиси цела годишна плата. Меѓутоа, Исус застанува во нејзина одбрана и вели дека она што го направила ќе биде вклучено во објавувањето на евангелието низ целиот свет, како спомен за неа. Тоа е нешто незаборавно. И навистина, сите четири евангелија ја изнесуваат таа сторија во една или онаа форма, веројатно поради Исусовите зборови кои го чуваат споменот на тоа нејзино дело.

И предавството на Јуда не може да се заборави. Марко навестува дека неговиот мотив била алчноста. Во Евангелието според Јован тоа отворено се кажува (Јован 12,4-6).

Марко го користи зборот „добро“ за да илустрира дека во тие стории во игра се два различни мотива или заплета. Во стихот Марко 14,6, Исус ја прогласува постапката на жената „добра“. Тој вели дека секогаш можеме да им правиме „добро“ на сиромашните (Марко 14,7), а во стихот Марко 14,9 го прогласува тој нејзин чин како составен дел од „добрата вест/евангелието“. Спротивно на тоа, во Марко 14,11, Јуда бара „погодно“ време, односно „добра“ можност да го предаде Исуса. Она што сугерира оваа игра на зборови, е дека човечкиот заговор за уништување на Месија, всушност, ќе стане дел од евангелскиот наратив, бидејќи води до остварување на Божјата волја да го даде својот Син за спасение на човештвото.

**Како Римјаните 8,28 ни помага да објасниме што се случило тука?**

## ПОСЛЕДНАТА ВЕЧЕРА

**Прочитајте Марко 14,22-31 и 2. Мојсеева 24,8. Од какво огромно значење за христијанската вера на она што е изнесено во овој извештај?**

---

Во стихот Марко 14,12 споменува дека тоа бил првиот ден на бесквасни лебови, кога се жртвувало пасхалното јагне. Така, тој оброк бил приреден во четвртокот навечер.

На Последната вечера, Исус воспоставува нова служба за спомен. Тоа е премин од еврејската пасхална свеченост, и е директно поврзана со настаните кога Израел го напуштил Египет и станал Божји заветен народ на Синај. За да го запечати тој завет, како што е наведено во стихот 2. Мојсеева 24,8, Мојсеј го попрскува народот со крвта на жртвите и вели: „Ова е крвта на Заветот што Господ го воспоставува сега со вас на основа на сите овие зборови“.

Впечатливо е тоа што за време на Господовата вечера, која Исус ја воспоставил во таа пригода, не било користено ништо од пасхалното јагне кое било послужено за оброк. Тоа е затоа што Исус е Јагнето Божјо (спореди Јован 1,29). Лебот што се користи за време на Господовата вечера го претставува Неговото тело. Новиот завет (споредете со текстот Еремија 31,31-34) е запечатен со Исусовата крв, а тоа е претставено со чашата. Тој вели: „Ова е Мојата крв на Новиот Завет, која се пролева за мнозина“ (Марко 14,24).

И тогаш, среде сето тоа, Исус претскажува дека сите Негови ученици ќе го напуштат. Тој го цитира стихот од Захарија 13,7, кој зборува за тоа како мечот ќе го удри пастирот, и овците ќе се распрснат. Исус е тој пастир, а Неговите ученици се овците. Тоа е остра и вознемирувачка порака. Но Исус додава и збор на надеж, повторувајќи го пророштвото за своето воскресение. И додава дека Тој ќе отиде пред учениците во Галилеја. Младичот крај Исусовиот гробо ќе се осврне на тоа пророштво во стихот Марко 16,7, и затоа овде тоа има посебна тежина.

Меѓутоа, на учениците им е премногу тешко да го прифатат сето тоа, особено за Петар, кој тврди дека сите други можат да Го напуштат, но дека тој нема. Сепак, Исус продолжува со тој сериозен тон и предвидува дека Петар трипати ќе се откаже од него пред да запее петелот двапати. Тоа предвидување ќе одигра клучна улога во сцената на Исусувото судење и откажувањето на Петар, така што има клучна улога и овде.

**Што сте научиле од некоја ситуација кога сте му ветиле на Бога дека ќе направите нешто или дека нема да направите, а на крајот сепак сте го направиле она сте рекле дека нема да го направите, или не сте го направиле она што сте рекле дека ќе го направите?**

## ГЕТСИМАНИЈА

**Прочитајте го текстот Марко 14,32-42. За што се молел Исус во Гетсиманија, и како било одговорено на таа молитва?**

_______________________________________________

Напуштајќи го потесното подрачје на Ерусалим, каде што јаделе Пасха, Исус и Неговите ученици ја преминуваат долината Кидрон и доаѓаат во една градина на падините на Маслинската гора. Називот Гетсиманија значи преса за масло, што укажува на тоа дека некаде во близина имало преса за маслиново масло. Точната локација на таа градина е непозната, бидејќи Римјаните ги исекле сите дрвја на Маслинската гора за време на опсадата во 70 година од нашата ера.

Откако влегол во градината, Исус тука ги оставил повеќето од своите ученици, продолжувајќи само со Петар, Јаков и Јован. Но потоа ги остава и нив тројцата и продолжува сам. Ова просторно оддалечување сугерира дека Исус станува сè поизолиран и поосамен додека се соочува со своето претстојно страдање.

Исус се моли таа чаша на страдање да биде отстранета, но само ако е тоа Божја волја (Марко 14,36). Тој го користи арамејскиот термин *Ава, кој Марк*о го преведува како „Татко/Оче“. Терминот не значи „татенце“, како што некои сметаат. Зборот што го користеле децата за да им се обратат на своите татковци нагалено бил *abi* (Raymond E. Brown, *The Death of the Messiah*, Anchor Bible Reference Library [New York: Doubleday, 1994], vol. 1, pp. 172, 173). Меѓутоа, употребата на терминот *Ава, Татко,* навистина укажува на блиска семејна врска која не треба да се потцени.

Она за што се моли Исус е отстранување на чашата на страдањето. Сепак, Тој се покорува на Божјата волја (споредете го тоа со Господовата молитва, Матеј 6,10). Во продолжение на тој наратив, станува очигледно дека Божјиот одговор на Исусовата молитва е: „Не“. Тој нема да ја отстрани таа чаша на страдање, бидејќи токму преку тоа искуство спасението му е понудено на светот.

Кога се соочуваме со тешкотии, охрабрувачки е да имаме пријатели кои нè поддржуваат. Во текстот Филипјаните 4,13, Павле зборува за тоа како може да прави сè преку Оној кој му дава моќ. Меѓутоа, многумина го губат од вид следниот стих, Филипјаните 4,14, кој почнува со зборот „туку“ (или„но“). Тој вели: „Туку добро направивте, што зедовте учество во моите неволји.“ Тоа е она по што Исус копнеел во Гетсиманија. Тој дошол трипати за да побара утеха од своите ученици. И трипати ги затекол како спијат. На крајот, ги буди да одат со Него во пресрет на судот. Тој е подготвен, но тие не се.

# ОСТАВАЊЕ НА СÈ И БЕГАЊЕ ОД ИСУСА

**Прочитајте Марко 14,43-52. Што се случува тука а е клучно за планот на спасението?**

___________________________________________________________________________

___________________________________________________________________________

Шокантно е тоа што еден од неговите најблиски соработници им го предал Исуса на Неговите непријатели. Евангелијата не навлегуваат во детали за мотивацијата на Јуда. Но, Елена Вајт пишува: „Јуда по природа ги сакал парите, но не бил секогаш толку алчен да стори такво дело какво што е ова. Негувал лош дух на скржавштина сè додека тој дух не станал владејачка побуда во неговиот живот. Љубовта кон богатството, на кое ропски му служел, ја победила неговата љубов кон Христа. Станувајќи роб на еден порок, му се предал на сатаната потполно да го вовлече во гревот“ (*Копнежот на вековите*, стр. 716 оригинал).

Предавството, само по себе, е нешто што сите го осудуваат, дури и оние што користат предавници (споредете со текстот Матеј 27,3-7). Но, делото на Јуда е особено подмолно, бидејќи тој се обидува да го скрие своето предавство под маската на пријателство. Тој ѝ дава упатство на толпата дека човекот што ќе го бакне е тој што треба да го уапсат. Изгледа дека Јуда со тоа се обидел да ја скрие својата перфидност од Исуса и од останатите ученици.

Додека толпата го апси Исуса, настанува општ хаос. Некој извлекува меч (во Јован 18,10.11 се тврди дека тоа бил Петар) и му го отсекува увото на слугата на првосвештеникот. Исус се обраќа до толпата, прекорувајќи ги што тајно го прават она што се плашеле да Му го направат јавно додека Тој поучувал во храмот. Сепак, Исус завршува со напомена дека Светото писмо се исполнува. Ова е уште еден показател за двојниот заплет што се провлекува низ Наративот за страдањето – дека Божјата волја се остварува, дури и кога човекот, по своја волја, работи на тоа да го уништи Месија.

Сите ученици бегаат, вклучувајќи го и Петар, кој сепак повторно се појавува подоцна, го следи Исуса од далечина и на крајот запаѓа во неволја. Меѓутоа, Марко 14,51-52 зборува за еден младич кој го следел Исуса, извештај што се наоѓа само овде и никаде на друго место во канонските евангелија. Некои сметаат дека тоа бил самиот Марко, но тоа е невозможно да се докаже. Она што е особено интересно е што трча гол. Тој младич, наместо да остави сè за да го „следи“ Исуса, остава сè за да „побегне“ од Него.

**Размислете за застрашувачката идеја дека тоа што бил роб на само еден порок, го навело Јуда да го направи она што го направил. Што ни кажува ова за омразата што треба да ја чувствуваме кон гревот и за надминувањето на гревот со Божјата благодат?**

## КОЈ СИ ТИ?

**Прочитајте Марко 14,60-72. Споредете ја Исусовото реагирање на настаните со онаа на Петар. Какви поуки можеме да извлечеме од овие разлики?**

---

Текстот Марко 14,53-59 го опишува изведувањето на Исус пред Синедрионот и првиот дел од судењето. Тоа е слика и прилика за фрустрација. Повторно и повторно водачите се обидуваат да добијат потврда за нивните обвинувања против Исуса. Писателот на Евангелието забележува дека сведочењата се лажни и дека сведоците никако не успеваат да се сложат.

Конечно, првосвештеникот станува и директно му се обраќа на Исуса. Исус на почетокот не одговара. Но тогаш првосвештеникот Го заколнува во Бога (види Матеј 26,63) и му постапува директно прашање дали е Тој Месија. Исус искрено и отворено признава дека е, а потоа се повикува на текстот Даниел 7,13.14, кој зборува за Синот Човечки, како Оној кој седи од десната страна на Бога и доаѓа на небесните облаци. Ова е премногу за првосвештеникот, кој ја раскинува облеката и повикува Исус да биде осуден, а советот тоа го прави во истиот момент. Тогаш водачите почнуваат да го срамотат Исуса, плукаат по Него, му го покриваат лицето, го тепаат и го повикуваат да прорекува.

Додека Исус е внатре, додека му се суди и додека Тој верно сведочи за Себе, Петар е надвор и лажно се претставува. Тоа е шестата и последна сендвич-сторија во евангелието според Марко, и таму иронијата е особено изразена. Гледаме два паралелна карактера, Исус и Петар, како прават спротивни дела. Исус изнесува верно сведоштво, а Петар лажно. Трипати некој му пристапува на Петар, слуга или некој од посматрачите, и секојпат тој ја негира својата поврзаност со Исуса, и тоа со пцости/погрдни зборови и клетви.

Токму во тој момент, петелот запеал по втор пат, а Петар веднаш ќе се сети на Исусовото пророштво дека истата вечер трипати ќе се откаже од својот Господ. Ова го обесхрабрува и тој почнува да плаче. Во ова гледаме фрапантна иронија – на крајот од судењето на Исуса му ги врзуваат очите, го тепаат и му наредуваат да „пророкува“! Нивна намера била да се подбиваат со Него, бидејќи Тој не можел да види кој Го удрил. Меѓутоа, во истиот момент кога тие го прават тоа, во дворот под нив, Петар се откажува од Исуса, исполнувајќи едно од Исусовите пророштва. И така, Петар, откажувајќи се од Исуса, докажува дека Исус е Месија.

**Кои зборови на надеж би му упатиле на некој што сака да го следи Исуса, сепак не успева во тоа? Кој од нас понекогаш не доживеал неуспех во обидот да го следи она што знаеме дека Исус го сака?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Копнежот на вековите* од Елена Г. Вајт прочитајте ги главите со наслов „Пред Ана и Кајафа“ и „Јуда“, стр. 698-722 оригинал.

„Додека понижувачките заклетви уште биле на усните на Петар и кукуригањето на петелот сè уште одекнувало во неговите уши, Спасителот се свртил од намрштените судии и погледнал директно во својот беден ученик. Истовремено Петар го насочил погледот кон својот Учител. На тоа благо лице читал длабоко сожалување и болка, но на него немало никаква лутина.

Изгледот на тоа бледо, измачено лице, на тие треперливи усни, тој поглед, полн со сожалување и проштавање, го проболе неговото срце како стрела. Совеста се разбудила. Памтењето заживеало. Петар се сетил како само пред неколку часа ветил дека со својот Господ ќе појде во затвор и во смрт. Се сетил за својата жалост кога во Горната соба Спасителот му рекол дека истата таа ноќ ќе се откаже трипати. Петар штотуку изјавувал дека не го познава Исуса, но сега, длабоко ожалостен, сфатил колку неговиот Господ добро го познавал и колку правилно го читал неговото срце, чијашто измамност и самиот не ја познавал.“ - Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите* , стр. 712, 713 (оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Во која смисла, и само со читање на она што Исус го предвидел во текстот Марко 14,9, гледаме како всушност се исполнува уште едно од Неговите предвидувања – неверојатно предвидување, со оглед на околностите во кои било изговорено?**

**2. Споредете ги Јуда и Петар. Во што се слични, а во што се разликуваат кога станува збор за нивното однесување за време на Страдалната седмица?**

**3. Разговарајте за значењето на Господовата вечера. Како можеме да ѝ дадеме поголемо значење во нашата црква и да вклучиме повеќе членови во нејзиното одбележување?**

**4. Разговарајте за фактот дека Бог рекол „не“ на Исусовата молитва во Гетсиманија. Што значи ова за ситуациите кога Бог ни вели „не“?**

**5. Иако Петар многу го изневерил Исуса со неговото откажување, Тој не го отфрлил. Каква надеж можеме да црпиме од тој факт?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Лекција 12**
**14 – 20 септември 2024**

# ОСУДЕН И РАСПНАТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Марко 15; Лука 13,1; Псалми 22,18; Јован 20,24-29, Јован 1,1-3; Даниел 9,24-27.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „А во деветтиот час Исус извика со силен глас: 'Или! Или! Лама Савахтани!- што значи: Боже Мој, Боже Мој, зошто Ме остави?'" (Марко 15,34)**

Петнаесеттата глава од Евангелието според Марко го претставува самиот центар на Наративот за страдањето. Тука е опишано судењето на Исус, Неговата осуда, исмејувањето на војниците, Исусовото распнување, смрт и погреб. Настаните во оваа глава се изложени со јасни, прецизни детали, веројатно затоа што авторот дозволил фактите да зборуваат сами за себе.

Во целата ова глава иронијата игра важна улога. Затоа е корисно да се има јасна дефиниција за иронијата.

Иронијата често содржи три компоненти: (1) има две нивоа на значење (2); тие две нивоа се во судири или спротивставени едни со други (3); некој не ја гледа иронијата, не забележува што се случува и не е свесен дека самиот тој ќе ги сноси последиците.

Оваа седмица, рагледувајќи го сето она што се случувало – од прашањето на Пилат: „Ти ли си Јудејскиот Цар?", до војниците кои се потсмеваат, а потоа и знакот над крстот и исмејувачките коментари на верските водачи: „Другите ги спаси, а Себе не може да се спаси!", до неочекуваното појавување на Јосиф од Ариматеја – ќе видиме дека таа глава е полна со болни иронии, кои сепак откриваат моќни вистини за Исусовата смрт и нејзиното значење.

## „ТИ ЛИ СИ ЈУДЕЈСКИОТ ЦАР?“

**Прочитајте Марко 15,1-15. Која иронична ситуација се јавува овде?**

________________________________________________________________

Понтиј Пилат бил прокуратор (управител) на Јудеја од 26. до 36 година од новата ера. Тој не бил благ владетел и некои од неговите постапки предизвикувале гнасење меѓу населението во таа земја (споредете со стихот Лука 13,1). Еврејскиот суд му изрекол смртна пресуда на Исуса поради богохулење. Меѓутоа, под римското владеење Евреите, во повеќето случаи, не смееле да извршуваат смртна казна и затоа Го донеле кај Пилат за да биде осуден.

Обвинението под кое го извеле пред Пилат не се споменува, но може да се насре врз основа на краткото прашање што Пилат му го поставува на Исус: „Дали си ти еврејскиот цар?“ (Марко 15,2) Во старозаветно време, Израелците извршувале помазание над своите цареви, така што не е тешко да се увиди дека смислата на изразот Месија („Помазаник“) може да биде извртено и погрешно претставено како полагање право на царска почест, и со самото тоа, како конкуренција на Императорот. Според тоа, обвинението изнесено пред Синедрионот било богохулење, додека обвинението изнесено пред прокураторот (обвинителот) било предизвикување бунт, кој се казнувал со смрт.

Иронијата се огледува во фактот што Исус е и едното и другото – и Месија и Цар на Евреите. Осудите изречени врз Него, за богохулење и бунт, биле погрешни. Наместо тоа, Тој навистина требало да прими царски почести и изрази на обожавање. Исус, од друга страна, сè уште постапува со царски манир. Одговорот што му го дал на Пилат е необврзувачки: „Ти велиш“ (Марко 15,). Затоа, Тој ниту ја негира таа титула ниту ја потврдува. Таквиот одговор сугерира дека Тој е цар, но од друг вид (споредете со Јован 18,33-38).

Стихот Марко 15,6 го воведува во наративот обичајот да се ослободи еден од затворениците за време на Пасха. Во стихот Марко 15,9, Пилат му поставува прашање на народот дали сака да им го ослободи „царот на Евреите“. И иако тој можеби го изговара тоа со иронија, таа иронија, всушност, е насочена против него.

Текстот на Марко 15,9.10, впрочем, претставува проучување на перцепцијата и неперцепцијата (забележување и незабележување). Пилат забележува дека верските водачи го предале Исуса од завист, но не забележува дека тоа што се обратил до толпата им оди во прилог на истите тие водачи. Тие ја подбунуваат толпата и таа бара Исус да биде распнат. Дури и Пилат отстапил пред ова. Распнувањето било толку ужасен начин на погубување, особено за некој за кој тој сметал дека е невин. Колку е болно иронично што паганскиот прокуратор сакал да го ослободи Месија, додека верските водачи сакале Тој да биде распнат.

**Што може да ве сочува да не ја следите толпата, токму тогаш кога се врши толку голем притисок да го сторите тоа?**

## ЗДРАВО, ЈУДЕЈСКИ ЦАРЕ!

**Прочитајте го текстот Марко 15,15-20. Што му направиле војниците на Исус и какво е значењето на сето тоа?**

---

Римјаните користеле суров начин на тепање/мачење за да ги подготват затворениците за погубување. На жртвата би ѝ била свлечена облеката, би била врзана за столб, а потоа ја камшикувале со кожни врвки на кои биле врзувани парчиња коска, стакло, камен и канџи.

Откако Го камшикувале, војниците задолжени за Исусовото погубување продолжиле да го понижуваат така што му наметнале пурпурна наметка, му ставиле венец од трње на главата и го исмевале како цар на Јудејците. Таа група војници била означена како чета (баталјон), што во овој случај значи дека можеле да бидат меѓу 200 и 600 на број.

Иронијата во таа сцена е очигледна за читателот, бидејќи Исус навистина е Цар, а војниците со зборови на потсмев ја објавувале таа вистина. Таквото постапување на војниците било пародија на начинот на кој Римјаните го поздравувале својот император, велејќи: „Здраво, Цезаре, Императоре!“ Значи, овде постои имплицитна споредба со царот.

Војниците го исмевале Исуса на тој начин што Го „удираа“ со трска по главата, „Го плукаа“ и „паѓајќи на колена Му се клањаа“, оддавајќи му почести на потсмешлив начин. Сите три дејства во грчкиот јазик се изразени во несвршено време. Во овој контекст, тој облик на глаголот означува дејство што се повторува. Така, тие продолжиле да Го удираат, да Го плукаат и да клекнуваат пред Него со потсмешливо искажување почит. И Исус сето тоа го поднесува во тишина, не реагирајќи воопшто.

Типичниот образец на римското извршување смртна казна со распнување подразбирал осудената личност да го носи својот крст гола до местото на погубувањето. И тука повторно, требало до крајни граници да ја понижи и посрамоти таа личност пред целата заедница.

Но, Евреите се згрозувале од голотијата на јавно место. Во стихот Марко 15,20 се вели дека тие му ја соблекле пурпурната наметка и дека повторно Му ја облекле Неговата облека. Од ова може да се заклучи дека тоа било посебна отстапка што Римјаните им ја правеле на Евреите во тоа време и на тоа место.

Размислете за иронијата која се огледува во тоа што тие му се поклонуваат и му укажуваат „почести“ на Исуса како Цар потсмевајќи му се, иако Исус навистина бил Цар, не само на Евреите туку и нивен Цар.

**Тие луѓе немале никаква претстава за тоа што всушност прават. Зошто нивното незнаење, сепак, нема да им послужи како изговор на Денот на судот?**

## РАСПНУВАЊЕТО

**Прочитајте го текстот Марко 15,21-38. Каква страшна и болна иронија се случува во тие стихови?**

---

На ова место во Наративот за страдањето, Исус е тивка жртва, под контрола од луѓе решени да Го убијат. Низ целото Евангелие, сè до неговото апсење, тој управувал со настаните. Сега бил препуштен на милост и немилост на другите. И иако бил моќен патувачки проповедник, тепањето што ги претрпел и недостатокот на храна и сон толку Го исцрпиле. што било неопходно некој непознат да го понесе Неговиот крст.

На крстот, облеката Му била соблечена и станала сопственост на војниците кои фрлале коцка за да видат кому што ќе припадне (споредете со текстот Псалм 22,18). Распнувањето било начин на погубување без многу крв. Клиновите што се користеле за лицето да се прикова на крстот (споредете Јован 20,24-29) веројатно го пробивале зглобот веднаш под дланката, каде што не минуваат главните крвни садови. (И на еврејски и на грчки зборот „рака“ може да се однесува и на дланката и на подлактицата.) Самите дланки не поседуваат скелетна структура неопходна за носење на тежината на телото при распнување. Средниот нерв минува низ средината на подлактицата и тој би бил пресечен од клиновите, што предизвикувало ужасна болка долж целата рака. Дишењето било отежнато. За да земат здив, жртвите што биле распнувани морале да се поткренат со прободоени стапала и да ги напнат рацете, што повторно предизвикувало страшна болка. Задушувањето поради исцрпеност била една од причините што воделе до смрт.

За време на неговото распнување Исус претрпел страшно потсмевање и огромно понижување. Во Евангелието според Марко се појавува мотивот на „криење и откривање“, според кој Исус главно повикува на молчење за тоа кој е Тој. Следствено на ова, месијанските титули како „Господ“, „Син Божји“ и „Христос“ не се појавуваат често во овој наратив.

Меѓутоа, тоа целосно се менува под крстот. Исус веќе не може да се скрие. И иронично е што токму верските водачи, исмевајќи го Исуса, ги користат тие титули за Него. Колку страшно тие луѓе се осудиле самите себе!

Посебно се истакнува една од нивните исмејувачки изјави. Таа се наоѓа во стихот Марко 15,31, каде што велат: „Другите ги спаси, а Себе не може да се спаси!“ За да го свртат вниманието на Неговата беспомошност на крстот, тие истакнуваат дека Тој навистина им помагал на другите (грчкиот глагол употребен овде може да значи и „спаси“, „исцели“, „избави“). Со ова, иронично, тие признале дека Тој е Спасител. Но, иронијата не завршува тука, бидејќи причината зошто Исус не можел или не сакал да се спаси себеси, е токму во тоа затоа што Тој на крстот ги спасувал другите.

**Прочитајте го текстот Јован 1,1-3, а потоа размислете што ни кажува тој исечок за Исуса, за истиот Исус чие распнување е опишано овде во Евангелието според Марко. Како во вистинска смисла да сфатиме што значи Христовата смрт за нас?**

# НАПУШТЕН ОД БОГА

**Прочитајте го текстот Марко 15,33-41. Кои биле единствените Исусови зборови изговорени на крстот во Евангелието според Марко? Што во конечна смисла значи Христовата смрт за сите нас?**

---

Евангелието според Марко го прикажува крстот како многу мрачно место, и во физичка и во духовна смисла. Натприродна темнина се спуштила врз Голгота тој петок, приближно од пладне до 3 часот попладне. „А во шестиот час, настана темнина по сета земја, до деветтиот час“ (Марко 15,33).

Тие зборови на Исус, познати како „вик поради напуштеност“, изговорени на крстот, додека Тој се моли, го повикува Бога и прашува зошто Го оставил. Тој го цитира стихот Псалм 22,1. Други референци на истиот псалм се појавуваат во Марко 15,24-29, укажувајќи дека Светото писмо се исполнило со Исусовата смрт. Дури и преку злите човечки заговори, Божјата волја се исполнува.

Исусовите зборови, искажани од крстот, биле запишани на арамејски јазик, заедно со преводот. Зборовите „Боже мој, Боже мој“ во овој стих се „Елои, елои“ (што е транслитерација на арамејскиот *'elahi).* Затоа лесно може да се помисли дека Исус го повикува Илија (на арамејски *'eliyyah,* што значи „мојот Бог е Јахве“). Некои од присутните набљудувачи дошле до тој погрешен заклучок.

Она што е особено впечатливо во врска со овие стихови е неговата паралела со Исусовото крштевање, опишано во текстот Марко 1,9-11.

| **Крштавањето: Марко 1,9-11** | **Крстот: Марко 15,34-39** |
|---|---|
| Јован го крштава Исуса | Исусовото крштевање (споредете со Марко 10,38) |
| Јован (тип на Илија; видете Марко 9,11-13) | Повикување на Илија |
| Небото е отворено | Завесата е раскината |
| Духот (*пнеума*) | Исус издивна (*ехпнеō*) |
| Божјиот глас: „Мојот возљубен Син“ | Капетанот вели „Син Божји“ |

Овие паралели укажуваат на тоа дека, исто како што крштевањето на Исус опишано во текстот Марко 1 го претставува почетокот на Неговата служба, проречен во текстот Даниел 9,24-27, така и она што се случува на крстот, во текстот Марко 15, ја претставува кулминацијата или целта на Неговата служба, кога Тој умира како откуп за многумина (Марко 10,45). Исусовата смрт на крстот исполнува и дел од пророштвото во Даниел 9,24-27. Кинењето на завесата во храмот (Марко 15,38) укажува на исполнување на жртвениот систем, бидејќи типот се сретнал со антитипот и започнала нова фаза од историјата на спасението.

**И покрај злите заговори на човечките суштества, Божјите намери се исполниле. Како тоа ни помага да сфатиме дека и покрај сето она што се случува околу нас, сепак можеме да се потпреме на Бога, знаејќи дека на крајот ќе надвладее Неговата добрина?**

# ПОЛОЖЕН НА ПОЧИНКА

**Прочитајте Марко 15,42-47. Кое е значењето на интервенцијата на Јосиф од Ариматеја, особено кога ќеземеме предвид дека ниту еден од Исусовите ученици не бил никаде на повидок во тој момент?**

______________________________________________

По сета таа драма, се случуваат уште некои „поприземни“ работи. За почеток, мртвите луѓе секогаш мора да бидат закопани. Но некои подробности во она што следи се, во духовна смисла, прилично трогателни, додека други, во историска смисла, се исклучително важни.

Во овој пасус се појавува Јосиф од Ариматеја, за прв и последен пат во Евангелието според Марко. Тој бил почитуван член на Синедрионот и еден од оние што ги нарекуваат „урбана елита“. Како богат и почитуван човек, тој уживал извесен углед кај прокураторот, што објаснува зошто се осмелил да му пријде на Пилат и да го побара Исусовото тело. Трогателно е тоа што еден член на советот покажал таков интерес за Исусовиот закоп. Во меѓувреме, каде биле Исусовите ученици од доверба во сето ова?

Историски детаљ од исклучително значење во овој момент е потврдата за Исусовата смрт. Стихот Марко 15,43 кажува за барањето на Јосиф да го преземе Исусовото тело. Пилат се изненадил кога слушнал дека Исус е веќе мртов (Марко 15,44), па затоа го повикал капетанот задолжен за распнувањето да го провери тоа. Капетанот потврдил дека тоа е вистина.

Ова е исклучително важно поради подоцнежните тврдења на поединци дека Исус всушност не умрел на крстот, туку само се онесвестил. Сведочењето на капетанот пред римскиот прокуратор директно противречи на таквото тврдење. На крајот на краиштата, Римјаните знаеле како да извршат смртна казна.

Јосиф донел ленено платно со кое го завиткал Исусовото тело и го положил во гробница издлабена во карпа. Таа гробница била доволно голема за да се влезе во неа (Марко 16,5). Освен Јосиф, писателот на Евангелието споменува и две жени кои ја виделе локацијата на гробот – Марија Магдалена и Марија, мајката на Јосија. Тие две, заедно со Соломија, оддалеку го следеле распнувањето. И сите три ќе појдат на тој гроб во недела наутро за, како што мислеле, да ја довршат работата околу балсамирање на Исусовото тело (Марко 16,1).

Зошто се споменуваат тие три жени? Тие ќе бидат сведоци на празниот гроб во текстот Марко 16 глава, и со самото тоа тие се и важни сведоци на Исусовото воскресение.

**Колку е иронично тоа што Исусовите следбеници овде „ги нема на дело“, додека член на Синедрионот, истото тело што го осудило Исуса, се покажал како херој. Како да бидеме сигурни дека и ние во критичните моменти нема да исчезнеме на дело?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Копнежот на вековите* од Елена Г. Вајт, прочитајте ги поглавјата со наслов „Во судницата на Пилата“, „Голгота“ и „Се сврши“, стр. 723-764 оригинал.

„Пилат копнеел да го ослободи Исуса. Меѓутоа, увидел дека тоа не може да го стори и да ја сочува својата положба и чест. Побргу избрал да жртвува еден невин живот отколку да ја загуби својата световна моќ. Колку многу има такви кои, за да ја избегнат штетата или страдањата, на сличен начин го жртвуваат начелото. Совеста и должноста укажуваат на еден пат, а личната корист на друг. Струјата силно се движи во погрешен правец, и оној што склучува спогодби со злото, бидува однесен во густата темнина на кривицата“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 738 оригинал).

„Врз Христа како наша замена и гаранција е положено беззаконието на сите нас. Тој се вброил меѓу престапниците за нас да нè откупи од осудата на Законот. Неговото срце го оптоварувала кривицата на секој Адамов потомок. Божјиот гнев кон гревот, страшниот израз на неговото незадоволство кон неправдата, ја исполнувале со ужас душата на неговиот Син. Во текот на целиот свој живот Христос на паднатиот свет му ги објавувал добрите вести за милоста и љубовта на Отецот која проштава.

Често зборувал за спасението на најголемите грешници. Меѓутоа, сега со страшниот товар на кривицата што ја носел, не можел да го види милостивото лице на Отецот. Повлекувањето на божественото лице од Спасителот во овој час на најголеми страдања го проболо неговото срце со таква болка што човекот никогаш не може потполно да ја сфати. Неговите душевни страдања биле толку големи што одвај ги чувствувал своите телесни болки“ (*Копнежот на вековите*, стр. 753 ориг.).

**ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР**

1. **Забележете колку важна била теологијата на замена за Елена Вајт (и за Библијата воопшто; видете, на пример, Исаија 53). Зошто секоја теологија што ја омаловажува централната улога на замената и Христовото умирање наместо нас, со кое Самиот Тој ја платил казната за нашите гревови, е всушност лажна теологија?**
2. **Кој или што е „Варава“ во денешниот свет, што го бараат наместо Исуса?**
3. **Што треба да нè научи сторијата за Јосиф од Ариматеја, кога станува збор за тоа дека не треба да судиме врз основа на надворешниот изглед?**
4. **Размислете за текстот Даниел 9,24-27. Зошто треба да умеете да одржите библиски час на темата од тој текст на секој што ќе го побара тоа од вас? Умеете ли да го направите тоа?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Лекција 13**
**21 – 27 септември 2024**

# ВОСКРЕСНАТИОТ ГОСПОД



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Марко 15,42-47; Марко 16; Колошаните 2,10-12; 1 Коринќаните 15,1-8; Даниел 9,24-27; Јован 20,11-18.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Но тој им рече: ‘Не бојте се! Вие Го барате распнатиот Исус Назареецот. Воскресна! Не е тука! Еве го местото, каде што Го положија’“ (Марко 16,6)**

Исусовото распнување им нанело смртен удар на надежите и верата на Неговите ученици. Тоа бил мрачен викенд за нив, кога не само што се соочиле со смртта на својот Господар туку се плашеле и за сопствениот живот (Јован 20,19).

Во текстот Марко 16, последната глава од ова Евангелие, ќе разгледаме што следело по Исусовата смрт.

Прво, ќе го разгледаме времето на Исусовото воскресение и причината зошто жените дошле на гробот во недела наутро. Адвентистите понекогаш го одбегнуваат наративот за утрото на воскресението поради начинот на кој тој бил злоупотребен за да се поддржи светоста на неделата. Ќе видиме дека, всушност, можеме да се радуваме на таа недела на воскресението, и покрај лажната теологија која, за жал, произлегла од неа.

Второ, во оваа лекција ќе ги објасниме првите стихови од Марко 16 глава, поврзувајќи ги тие зборови со темата што се провлекува низ целото ова Евангелие. Во нашето проучување во понеделник и вторник, ќе ги разгледаме тие концепти.

Трето, на крајот на седмицата, во среда и во четврток, ќе го проучуваме остатокот од Марко 16 и ќе се запознаеме со мисијата што тоа ја поставува пред нас. Проучувањето ќе го завршиме со повик до читателот на Евангелието според Марко да го шири тоа евангелие по целиот свет.

## РАДУВАЊЕ НА ВОСКРЕСЕНИЕТО

**Прочитајте го текстот Марко 15,42-16,6. Што се случува тука и зошто оваа сторија е толку важна за наративот за воскресението?**

___

Сите писатели на евангелијата се согласуваат дека Исус умрел на денот кој тие го нарекуваат „Ден на подготовка“, односно „ден спроти сабота“ (Матеј 27,62; Марко 15,42; Лука 23,54; Јован 19,14.31.42). Повеќето коментатори сметаат дека тоа се однесува на времето од зајдисонце во четврток до зајдисонце во петок. Исус умрел во петок доцна попладне, а потоа бил набрзина погребан пред заоѓање на сонцето.

Во текот на саботата Господ почивал во гробот, а мирувале и сите Негови ученици. „Во саботата, почиваа, според заповедта“ (Лука 23,56), што всушност би било сосема чудно ако Исус ја намалил, барем во нивните умови, обврската да ја држат четвртата заповед.

Во сабота навечер жените купувале мирисни масла, а во недела наутро отишле на гробот со желба да го довршат вообичаениот процес на погребување. Но, се разбира, Исус не бил таму!

Веќе на почетокот на вториот век, христијаните му придавале одредена важност на фактот дека Исус воскреснал во недела. Тоа станало основа за сфаќање на светоста на неделата. Меѓутоа, дали е тоа она што го учи Новиот завет?

**Прочитајте го текстот Колошаните 2,10-12. Според Новиот завет, што претставува спомен на Исусовото воскресение?**

___

Ниту еден збор во Библијата не навестува дека неделата станала света како спомен на воскресението. Тој спомен е крштевањето. „И така, преку крштавањето во смртта, погребани сме заедно со Него, – та како што Христос воскресна од мртвите преку славата на Таткото, – така и ние да одиме во нов живот“ (Римјаните 6,4).

Без оглед на лажната теологија во врска со неделното богослужение, како адвентисти мораме подеднакво да се радуваме на Исусовото воскресение во тоа неделно утро. Со својата смрт и воскресение, Исус ја победил смртта, а благодарение на Неговото воскресение, ние ја имаме гаранцијата за сопственото воскресение.

**„Благословен да е Бог, Таткото на нашиот Господ Исус Христос, Кој по Својата голема милост, преку воскресението на Исуса Христа од мртвите, нè роди одново за жива надеж“ (1. Петрово 1,3). Забележете каква сигурност имале Павле и Петар во поглед на Исусовото воскресение. Како можеме да ја имаме таа сигурност?**

# КАМЕНОТ Е ТРГНАТ

**Прочитајте ги текстовите Марко 16,1-8 и 1. Коринќаните 15,1-8. Што имаат заедничко овие пасуси?**

Извештајот за воскресението се појавува во секое од евангелијата. Писателот на секое од нив го изнесува тој настан од различна перспектива и сите содржат основни концепти кои се појавуваат и во текстот од 1. Коринќаните 15,1-8.

Четири идеи се појавуваат секогаш одново – *умрел, бил погребан, воскреснал и го виделе.* Во Евангелието според Марко, тоа дека тој *умрел* и дека бил *погребан,* е опишано во 15. глава. А тоа дека тој *воскреснал и* дека бил *виден* подоцна е наведено во 16. глава, но со одреден пресврт. Во стихот Марко 16,7 се зборува за состанокот во Галилеја и им се вели: *Таму ќе Го видите* (видете Јован 21).

За некои луѓе е неверојатно тоа што христијаните веруваат во воскреснат Господ. Сепак, доказите во прилог на Неговото воскресение се цврсти и во согласност со здравиот разум.

За почеток, доволно е само да се верува во Бога како Создател (видете 1. Мојсеева 1-2) и идејата за воскресение, за тоа чудо, станува разумна. Бог, кој ја создал вселената и животот на земјата, сигурно имал моќ, ако сакал, да го воскресне Исуса. Божјото постоење не го прави Исусовото воскресение неопходно, туку само разумно.

Потоа, гробот бил дефинитивно празен. Дури и историчарите атеисти го прифаќаат тој факт. Да не било така, тврдењето за Неговото воскресение би пропаднало од самиот почеток, бидејќи постоењето на Неговото тело на тоа место би го уништило секој глас за тоа дека Тој воскреснал.

Потоа, објаснувањето дека Неговите ученици го украле телото, нема основа. Учениците сигурно не можеле да поминат покрај римската стража. Па дури и да успеале во тоа, и да го зеле телото, зошто не биле уапсени поради тоа? Одговорот е дека верските водачи знаеле дека учениците не го сториле тоа.

Исто така, голем број луѓе сведочеле дека го виделе воскреснатиот Христос. Мнозумина од нив, вклучително и учениците, првично не верувале во тоа. А поранешниот лут непријател, Павле, не само што тврди дека го видел воскреснатиот Господ туку дека тоа искуство го променило целокупниот тек на Неговиот живот на многу радикален начин.

И конечно (иако има и многу други причини), како да се објасни подемот на христијанската црква, основана од луѓе кои тврделе дека го виделе воскреснатиот Господ? Зошто овие луѓе би биле спремни да умрат за лага? Нивното доследно сведочење, веднаш по Неговата смрт (Дела 3,15), како и години подоцна (1. Петрово 1,3), претставува моќен доказ во прилог на Неговото воскресение.

**Што би рекле ако некој ве праша: Кои докази ги имате во прилог на Христовото воскресение?**

## ЖЕНИТЕ КАЈ ГРОБОТ

„Жените што стоеле крај Христовиот крст будно бдееле и чекале да помине саботата. Првиот ден во седмицата, мошне рано, се упатиле кон гробот, носејќи драгоцени мириси за да извршат помазание на телото на Спасителот. Не помислувале на неговото воскресение од мртвите. Сонцето на нивното надевање зашло и во нивните срца се настанила ноќ. Додека оделе патем си прикажувале за Христовите дела на милосрдие и за неговите утешни зборови. Меѓутоа, не се сетиле за неговите зборови: „Но пак ќе ве видам“ (Јован 16,22)“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 788 оригинал).

**Прочитајте го текстот Марко 16,1-8. Што се случило и како реагирале жените на почетокот?**

---

Уште на почетокот на Марковото Евангелие, читателот знае дека Исус е Месија. Но во самиот текст, првата личност што го признава како Месија, без да биде опседнат од демони, е Петар во стихот Марко 8,29. Па дури и до тоа признание не дошло пред да стигнеме до половина од книгата!

Низ целото Евангелието според Марко Исус бара од луѓето да молчат за тоа кој е Тој, или за исцелувањето што им го донел. Во стихот Марко 1,44, Тој му кажува на лепрозниот да не кажува никому за неговото исцелување. Во Марко 5,43, тој ги предупредува Јаир и неговата жена да не кажуваат никому за воскресението на нивната ќерка. Во стихот Марко 7,36, тој предупредува група луѓе да не им кажуваат на другите за тоа како исцелил глувонем човек. А тогаш им заповеда на своите ученици да не му кажуваат на народот дека Тој е Месија (Марко 8,30; видете и Марко 9,9). Несомнено, главната причина зошто Исус побарал од нив да молчат е да си обезбеди доволно време за да ја заврши својата мисија во согласност со временските пророштва од текстот Даниел 9,24-27.

И сега, во оваа сцена, дури и откако им било кажано дека Исус воскреснал, овие жени, преплашени и зачудени, побегнале оттаму и, барем во првите мигови, ни тие не зборувале за она што се случило.

Меѓутоа, тој молк не траел долго. Како што доаѓаме до крајот на Марковото Евангелие, што читаме наместо тоа? „А тие излегоа и проповедаа насекаде; а Господ помагаше и го утврдуваа словото со знаци, кои го придружуваа“ (Марко 16,20)

Според тоа, мотивот за молчење за Исуса, за тоа кој е Тој и што направил е прекинат, а книгата завршува со проповедање „насекаде“.

**Зошто ние не треба да молчиме за тоа кој е Исус и што направил Тој? Кому можете денес да му зборувате за Исуса и за планот на спасението?**

# ПОЈАВУВАЊЕ ПРЕД МАРИЈА И ПРЕД ДРУГИТЕ

**Прочитајте го текстот Марко 16,9-20. Што додаваат овие стихови на сторијата за воскресението?**

________________________________________________________________________

Речиси целиот текст Марко 16,9-20 има паралели во други пасуси од Новиот завет – Марија Магдалена го гледа Исуса кај гробот (Матеј 28,1-9-10; Јован 20,11-18; споредете со Лука 8,2); двајца луѓе Го гледаат во селото (Лука 24,13-35); единаесеттемина го добиваат Големиот налог (Матеј 28,16-20; Лука 24,36-49; Јован 20,19-23).

Првата личност што го видела Исуса жив била Марија Магдалена (Јован 20,11-18). Го виделе и други жени (Матеј 28,8-10). Фактот дека први личности кои го виделе воскреснатиот Господ биле жени, е мошне значаен. Со оглед на тоа дека жените во античкиот свет немале висок статус како сведоци, кога настанот би бил измислен, многу поверојатно е дека некои мажи би биле наведени како први сведоци. Но не биле во прашање некои мажи, ниту некој од Дванаесеттемина, туку една жена. Таа оди да им ја соопшти радосната вест на учениците, но тие, што не е никакво чудо, не веруваат во нејзиното сведоштво, пред сѐ затоа што звучело нереално, но за жал, и затоа што го изнела жена.

Бранителите на настанот за Исусовото воскресението го користеле овој факт – тоа што жени биле први што го виделе воскреснатиот Исус – како моќен доказ во прилог на вистинитоста на таа сторија.

**Што се случува во Марко 16,14 што не би имало смисла кога таа сторија би била измислена?**

________________________________________________________________________

Се разбира, ако тие ја измислиле таа сторија, зошто би се претставиле себеси во толку лоша светлина? Исус морал да ги прекори поради „закоравеноста на срцето“. Евангелските извештаи, од моментот на Исусовото апсење па сѐ до Неговото појавување по воскресението, ги опишуваат Неговите следбеници во мошне негативно светло – како оние кои побегнале, се откажале од него, кои не верувале итн. Тоа не би имало смисла кога оваа сторија би била измислена.

Напротив, нивното подоцнежно смело и непоколебливо објавување на воскреснатиот Христос и надежта што тоа им ја нуди на сите, е моќен доказ во прилог на вистинитоста на нивните тврдења.

**Како да се заштитиме од запаѓање во духовната стапица на сомневањето и неверувањето? Зошто мора секој ден да се поврзуваме со воскреснатиот Христос?**

# ОДЕТЕ ПО ЦЕЛИОТ СВЕТ

**Прочитајте Марко 16,14-20. Што им рекол Исус на своите ученици кога се појавил пред нив, и што значат тие зборови за нас денес?**

Првите зборови што Исус им ги упатува на своите ученици се запишани само во индиректен говор во Марко 16,14. Тој ги прекорува за нивното неверување и тврдоста на срцето. Според тоа, ова прашање за неверувањето не е само денешен проблем. Како што веќе видовме, дури и првите Исусови ученици бореле со неверувањето (Матеј 28,17; Јован 20,24-29), и тие биле со Исуса во тело и секогаш одново гледале чуда.

Но Тој, служејќи се со различни докази, им ја покажал реалноста на Неговото воскресение. Тогаш нивното сведочење, здружено со доказите накратко изнесени во проучувањето од понеделникот, формирале цврст темел на верата.

Тогаш Исус ги испраќа своите ученици да го однесат евангелието на светот. Неговиот налог е експанзивен. Тие треба да одат по целиот свет и да го објавуваат Евангелието на секое создание. Потоа им објаснува дека исходот од нивната работа ќе донесе благосостојба на некои, а беда на други – верниците ќе се спасат, а неверниците ќе бидат осудени.

Исус ги опишува и знаците што ќе ја следат работата на Неговите ученици – истерување демони, зборување на нови јазици, заштита од злото и исцелување на болните. Некои погрешно го протолкувале Марко 16,18 како потврда дека христијаните треба да ја покажуваат својата вера со земање отровни змии в раце. Меѓутоа, Исусовите зборови не претставуваат дозвола за такви дрски постапки. Исус тука ја опишува заштитата на поединците кои се вклучени во мисијата, како што е служењето на Павле за другите, а што го гледаме во Дела 28,3-6.

Се разбира, Библијата не тврди дека учениците секогаш ќе бидат заштитени од злото. Понекогаш Бог смета дека е соодветно да направи чудо за да го унапреди делото на евангелието. Но понекогаш христијаните страдаат поради нивното сведочење. Во такви околности, нивното стрпливо поднесување им дава уште еден знак на неверниците за моќта на верата.

И тогаш, откако го завршил своето дело овде, „се вознесе на небо и седна оддесно на Бога“ (Марко 16,19). Исус се вознел за да седне од десната страна на Бога, на позицијата на врховна власт, бидејќи ги победил сите сили на злото.

Забележете го последниот стих. Иако оделе „насекаде“ проповедајќи го Евангелието, тие не оделе сами. „А Господ помагаше и го утврдуваа словото со знаци, кои го придружуваа. Амин!“ (Марко 16,20) Тој бил со нив во тоа време и ветил дека ќе биде и со нас во ова време, додека го продолжуваме делото што тие го започнале.

**„Јас Сум со вас во сите дни до свршетокот на светот“ (Матеј 28,20). Каква утеха би можеле и би требало да ја најдеме во тоа ветување додека и самите настојуваме да го објавуваме Евангелието „насекаде“?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Копнежот на вековите* од Елена Г. Вајт прочитајте ги поглавјата со наслов „Господ стана“, стр. 779-787 оригинал и „Одете и сите народи сторете ги мои ученици“, стр. 818-828 оригинал.

„Христос за верниците е воскресение и живот. Во нашиот Спасител е обновен животот што е загубен поради гревот; Тој во себе има живот да го оживее оној кого што сака. Нему му е дадено правото да дарува бесмртност. Животот што го положил во човечка природа, Тој повторно го зема и му го дава на човечкиот род. 'Јас дојдов', рекол Тој, 'да имаат живот, и да го имаат во изобилство.' 'А оној што ќе пие од водата што ќе му ја дадам јас, нема никогаш да ожедни. Уште повеќе, водата што ќе му ја дадам јас во него ќе стане извор на онаа вода што тече во живот вечен'. 'Кој го јаде телото мое и ја пие крвта моја, има живот вечен, и јас ќе го воскреснам во последниот ден' (Јован 10,10; 4,14; 6,54).

За верникот смртта не значи многу. Христос за неа зборува како да има мала важност. 'Оној што ќе ја одржи мојата реч, нема никогаш да види смрт', 'нема никогаш да вкуси смрт.' За христијанинот смртта е само сон, миг на тишина и темнина. Животот е скриен со Христа во Бога и 'кога ќе се појави Христос, вашиот живот, тогаш и вие ќе се појавите со него облечени во слава' (Јован 8,51.52; Колошаните 3,4)“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 786, 787 оригинал).

Дури и историчарите атеисти, оние кои не можат да ја прифатат реалноста на воскресението, признаваат не само дека Исус бил убиен, туку и дека по Неговата смрт многумина тврделе дека го виделе воскреснатиот Христос и како резултат на тоа го поставиле јадрото на она што ќе стане христијанска црква. Некои, во обид да ги објаснат овие тврдења, велат дека Исус имал брат близнак или дека раните ученици халуцинирале мислејќи дека го виделе Исуса. Други велат дека Исус всушност не умрел, туку дека само се онесвестил а подоцна оживеал. Има и такви кои тврдат дека дошле вонземјани и го зеле Неговото тело. За подетална дискусија за таквите аргументи и за нивната неоснованост, видете: Clifford Goldstein, Risen: *Finding Hope in the Empty Tomb* (Pacific Press, 2021.

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Зошто учениците би лажеле за Исусовото воскресение? Врз основа на сè што знаеме, тие не наишле на ништо друго освен на омраза, отуѓување и прогонство поради нивната вера. Што би можеле да добијат со измислување на една таква приказна?**

**2. Кој доказ за Исусовото воскресение е најубедлив за вас? Споделете ги вашите размислувања во класата.**

**3. Размислувајте повеќе за големата надеж што ни ја нуди Исусовото воскресение. Прочитајте го целиот текст од 1. Коринќаните 15 глава. Колкаво значење му придава Павле на Исусовото воскресение?**

## УТРИНСКИ СТИХОВИ – ЈУЛИ

# ПРАКТИЧЕН ХРИСТИЈАНСКИ ЖИВОТ

### БОГ Е СОПСТВЕНИК НА СÈ

*1. Понеделник* **Псалм 50,10.** *Бог е сопственик на сè*
*2. Вторник* **Дела 5,1.** *Како парите влијаат на вас?*
*3. Среда* **Лука 12,34.** *Воспитување во повереничката служба*
*4. Четврток* **Римјаните 13,8.** *Избегнувајте да се задолжувате*
*5. Петок* **Матеј 19,21.** *Не заборавајте на сиромашните*
*6. Сабота* **1. Коринќаните 4,2.** *Помнете го Божјиот дел во своето завештание*

### БИРАЈТЕ МУДРО

*7. Недела* **Римјаните 12,6.** *Повереници на Божјите благодети*
*8. Понеделник* **Псалм 24,3.4.** *Најголемата потреба на светот*
*9. Вторник* **Псалм 46,10.** *Бог зборува*
*10. Среда* **Римјаните 12,10.** *Помогнете си едни на други да растете*
*11. Четврток* **Матеј 16,26.** *Бирајте мудро*
*12. Петок* **2. Тимотеј 4,2.** *Покажете ја својата верност*
*13. Сабота* **Римјаните 8,14.** *Божјиот идеал*

### НАШЕТО ВЛИЈАНИЕ Е ВАЖНО

*14. Недела* **Откровение 7,9.** *Приклучување на Христовата војска*
*15. Понеделник* **Римјаните 8,1.** *Градење на карактерот*
*16. Вторник* **Даниел 2,22.** *Поуки од подемот и падот на народите*
*17. Среда* **Мудри изреки 9,10.** *Стекнување знаење за Бога*
*18. Четврток* **Мудри изреки 3,1.2.** *Умот и телото*
*19. Петок* **1. Солуњаните 5,15.** *Нашето влијание е важно*
*20. Сабота* **За Јов 28,28.** *Способност за размислување и дејствување*

### БИДЕТЕ УПОРНИ

*21. Недела* **1. Коринќаните 6,20.** *Моќта на умереноста*
*22. Понеделник* **Лука 1,15.** *Примерот на Јован Крстител*
*23. Вторник* **Ефесјаните 5,8.** *Родителската посветеност*
*24. Среда* **1. Коринќаните 10,31.** *Апетитот не е сигурен водич*
*25. Четврток* **3. Јованово 2.** *Бидете упорни*
*26. Петок* **Мудри изреки 3,7.8.** *Не допирајте, не вкусувајте*
*27. Сабота* **Мудри изреки 23,31, 32.** *Патот кон пијанството*

### ВЛИЈАНИЕТО НА БЛАГОДАРНОСТА И ПОФАЛБИТЕ

*28. Недела* **2. Коринќаните 6,3.** *Лошо влијание*
*29. Понеделник* **Псалм 86,5.** *Опасни теории*
*30. Вторник* **Мудри изреки 14,27.** *Влијанието на благодарноста и пофалбите*
*31. Среда* **2. Коринќаните 1,9.** *Опасноста на самодовербата*

# УТРИНСКИ СТИХОВИ – АВГУСТ

# ОБЕДИНЕТА ЦРКВА

## БОЖЈА ТВРДИНА

| | | |
|---|---|---|
| *1. Четврток* | **Ефесјаните 5,25.** | *Распнат Спасител* |
| *2. Петок* | **1. Тимотеј 3,15.** | *Божја тврдина* |
| *3. Сабота* | **Откровение 14,12.** | *Единство на верата* |

## МОЌТА ВО ЦРКВАТА

| | | |
|---|---|---|
| *4. Недела* | **Дела 9,6.** | *Канал на светлината* |
| *5. Понеделник* | **Дела 6,3.** | *Заедничка работа* |
| *6. Вторник* | **Дела 2,47.** | *Пример за црковно единство* |
| *7. Среда* | **Дела 6,7.** | *Црковен ред* |
| *8. Четврток* | **Лука 19,10.** | *Мисијата на Црквата* |
| *9. Петок* | **Дела 1,8.** | *Сила во Црквата* |
| *10. Сабота* | **Јован 15,10.** | *Биди во Христа* |

## БОГ ГО ВОДИ СВОЈОТ НАРОД

| | | |
|---|---|---|
| *11. Недела* | **Јован 3,30.** | *Ослободете се од своето „јас"* |
| *12. Понеделник* | **1. Јованово 4,12.** | *Самопожртвуваност во Црквата* |
| *13. Вторник* | **Еремија 31,33.** | *Бог го води својот народ* |
| *14. Среда* | **Ефесјаните 4,1.3.** | *Влијанието на совршената хармонија* |
| *15. Четврток* | **1. Тимотеј 4,6.** | *Должност на Црквата* |
| *16. Петок* | **1. Коринќаните 6,1.** | *Справување со недоразбирањето* |
| *17. Сабота* | **Еремија 31,34.** | *Справување со престапникот* |

## ХРИСТОВАТА ЉУБОВ ВО ЦРКВАТА

| | | |
|---|---|---|
| *18. Недела* | **1. Коринќаните 12,25.** | *Светлината треба да свети на незнабошците* |
| *19. Понеделник* | **Матеј 5,24.** | *Црквата треба да го следи правилото на Спасителот* |
| *20. Вторник* | **Матеј 13,47.** | *Евангелската мрежа* |
| *21. Среда* | **2. Јованово 5.** | *Христовата љубов во Црквата* |
| *22. Четврток* | **1. Коринќаните 8,2.** | *Црквата не е мислење на еден човек* |
| *23. Петок* | **Дела 2,44.** | *Божјиот Дух и единството на Црквата* |
| *24. Сабота* | **Псалм 133,1.** | *Единството создава сила* |

## ОБЛЕКА ДАРУВАНА НА ОСТАТОКОТ

| | | |
|---|---|---|
| *25. Недела* | **2. Коринќаните 12,7.** | *Опасноста од самодовербата* |
| *26. Понеделник* | **2. Тимотеј 3,1.** | *Опомени упатени до Црквата* |
| *27. Вторник* | **Матеј 5,14.** | *Изграден на гора* |
| *28. Среда* | **2. Петрово 3,11.12.** | *Црквата може да го забрза Христовото доаѓање* |
| *29. Четврток* | **Откровение 13,12.** | *Бурна иднина* |
| *30. Петок* | **Откровение 7,13.** | *Облека дарувана на остатокот* |
| *31. Сабота* | **2. Петрово 3,14.** | *Напредокот на обединетата Црква* |

# УТРИНСКИ СТИХОВИ – СЕПТЕМВРИ
# БОЖЈОТО СЕМЕЈСТВО

## ВИСТИНСКА РАДОСТ

| | | |
|---|---|---|
| *1. Недела* | **1. Мојсеева 2,15.** | *Единствениот Помошник* |
| *2. Понеделник* | **Тит 2,12.** | *Мало Небо на Земјата* |
| *3. Вторник* | **1. Мојсеева 2,24.** | *Семејниот круг* |
| *4. Среда* | **Псалм 16,11.** | *Вистинска радост* |
| *5. Четврток* | **1. Солуњаните 2,12.** | *Улогата на христијанскиот дом* |
| *6. Петок* | **Матеј 5,16.** | *Светлина во соседството* |
| *7. Сабота* | **Ефесјаните 3,14,15.** | *Членови на царското семејство* |

## КАКВИ РОДИТЕЛИ, ТАКВИ ДЕЦА

| | | |
|---|---|---|
| *8. Недела* | **Ефесјаните 6,1.** | *Родители, дајте вистински пример* |
| *9. Понеделник* | **1. Петрово 3,1.** | *Направете го христијанството привлечно* |
| *10. Вторник* | **Мудри изреки 31,10.** | *Добро размислете пред да стапите во брак* |
| *11. Среда* | **Псалм 34,11.** | *Какви родители, такви деца* |
| *12. Четврток* | **Мудри изреки 31,28.** | *Мајката* |
| *13. Петок* | **Ефесјаните 6,4.** | *Таткото* |
| *14. Сабота* | **Даниел 1,8.** | *Семејни и решавачки битки* |

## ВИСТИНСКАТА ЉУБОВ Е СВЕТ ПРИНЦИП

| | | |
|---|---|---|
| *15. Недела* | **Мудри изреки 22,6.** | *Родители, одговорноста е на вас* |
| *16. Понеделник* | **1. Мојсеева 35,2.** | *Што е „семејна религија“?* |
| *17. Вторник* | **2. Тимотеј 1,5.** | *Домот, основа за идните мисионери* |
| *18. Среда* | **Евреите 13,2.** | *Домови во кои престојуваат ангелите* |
| *19. Четврток* | **Матеј 5,44.** | *Вистинската љубов е свет принцип* |
| *20. Петок* | **1. Јованово 3,18.** | *Моќта на љубовта* |
| *21. Сабота* | **2. Мојсеева 20,12.** | *Почит кон родителите* |

## МИСИЈАТА ВО ДОМОТ

| | | |
|---|---|---|
| *22. Недела* | **Матеј 25,35.** | *Мисија во домот* |
| *23. Понеделник* | **Исаија 41,6.** | *Сочувствителна рака* |
| *24. Вторник* | **Исаија 48,10.** | *Префинетост во домот* |
| *25. Среда* | **Филипјаните 4,6.** | *Семејно богослужение* |
| *26. Четврток* | **Проповедник 5,18.** | *Семејна рекреација* |
| *27. Петок* | **2. Коринќаните 5,20.** | *Повикот е упатен до членовите на семејството кои сè уште не го прифатиле спасението* |
| *28. Сабота* | **Јован 1,45.** | *Покажете им го Исуса на вашите соседи* |

## СПАСИТЕЛ НА ГРЕШНИЦИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| *29. Недела* | **1. Петрово 1,15.** | *Исусовото влијание во домот* |
| *30. Понеделник* | **Римјаните 2,13.** | *Единствената заштита на домот* |

# ДОПИСНА БИБЛИСКА ШКОЛА НА ИНТЕРНЕТ

























Дописната библиска школа – „Библијата зборува“ е достапна и на интернет; извонредна можност многу луѓе да се запознаат со Библијата и нејзините вистини. Најновата веб-страница нуди осум нови дописни школи: Славните вистини на Библијата, Верувањата на раните христијани. Археологијата – ископување на минатото, Тајните на пророштвата, Сторијата за апостол Павле, Потрага и Здравјето на дофат. Проучувајте онлајн и споделувајте ја Радосната вест!

**ПОРАЧКИ:**

- кај вашиот повереник за литература,
- на поштенски фах 215, 1000 Скопје
- или на тел. 02 / 20 30 777

## *Јули*

| | |
|---|---|
| 1. | Псалм 115-117 |
| 2. | 118 |
| 3. | 119,1-88 |
| 4. | 119,89-176 |
| 5. | 120-121 |
| **6.** | 122-124 |
| 7. | 125-127 |
| 8. | 128-130 |
| 9. | 131-133 |
| 10. | 134-136 |
| 11. | 137-139 |
| 12. | 140-142 |
| **13.** | 143-147 |
| 14. | 148-150 |
| 15. | Изреки 1-3 |
| 16. | 4-6 |
| 17. | 7-9 |
| 18. | 10-12 |
| 19. | 13-15 |
| **20.** | 16-19 |
| 21. | 20-22 |
| 22. | 23-25 |
| 23. | 26-28 |
| 24. | 29-31 |
| 25. | Проповедник 1-3 |
| 26. | 4-6 |
| **27.** | 7-9 |
| 28. | 10-12 |
| 29. | Песна над пес. 1-3 |
| 30. | 4-6 |
| 31. | 7-8 |

## *Август*

| | |
|---|---|
| 1. | Исаија 1-3 |
| 2. | 4-6 |
| **3.** | 7-9 |
| 4. | 10-13 |
| 5. | 14-17 |
| 6. | 18-20 |
| 7. | 21-23 |
| 8. | 24-26 |
| 9. | 27-29 |
| **10.** | 30-32 |
| 11. | 33-36 |
| 12. | 37-40 |
| 13. | 41-43 |
| 14. | 44-46 |
| 15. | 47-49 |
| 16. | 50-52 |
| **17.** | 53-55 |
| 18. | 56-59 |
| 19. | 60-62 |
| 20. | 63-66 |
| 21. | Еремија 1-3 |
| 22. | 4-6 |
| 23. | 7-8 |
| **24.** | 9-11 |
| 25. | 12-16 |
| 26. | 17-20 |
| 27. | 21-23 |
| 28. | 24-26 |
| 29. | 27-29 |
| 30. | 30-32 |
| **31.** | 33-35 |

## *Септември*

| | |
|---|---|
| 1. | Еремија 36-39 |
| 2. | 40-42 |
| 3. | 43-45 |
| 4. | 46-49 |
| 5. | 50-52 |
| 6. | Плач 1-3 |
| **7.** | 4-6 |
| 8. | Езекиел 1-4 |
| 9. | 5-7 |
| 10. | 8-10 |
| 11. | 11-12 |
| 12. | 13-15 |
| 13. | 16-18 |
| **14.** | 19-21 |
| 15. | 22-26 |
| 16. | 27-29 |
| 17. | 30-32 |
| 18. | 33-35 |
| 19. | 36-38 |
| 20. | 39-41 |
| **21.** | 42-44 |
| 22. | 45-48 |
| 23. | Даниел 1-4 |
| 24. | 5-8 |
| 25. | 9-12 |
| 26. | Осија 1-3 |
| 27. | 4-6 |
| **28.** | 7-9 |
| 29. | 10-14 |
| 30. | Јоил 1-3 |

# ВЕЧЕРНО БОГОСЛУЖЕНИЕ ВО СЕМЕЈСТВОТО

| *Јули* | *Август* | *Септември* |
|---|---|---|
| 1. Псалм 1. | 1. Псалм 29. | 1. Псалм 56. |
| 2. Псалм 2. | 2. Псалм 30. | 2. Псалм 57. |
| 3. Псалм 3. | **3.** Псалм 31,1-14. | 3. Псалм 58. |
| 4. Псалм 4. | 4. Псалм 31,15-24. | 4. Псалм 59. |
| 5. Псалм 5. | 5. Псалм 32. | 5. Псалм 60. |
| **6.** Псалм 6. | 6. Псалм 33. | 6. Псалм 61. |
| 7. Псалм 7. | 7. Псалм 34. | **7.** Псалм 62. |
| 8. Псалм 8. | 8. Псалм 35,1-14. | 8. Псалм 63. |
| 9. Псалм 9. | 9. Псалм 35,15-28. | 9. Псалм 64. |
| 10. Псалм 10. | **10.** Псалм 36. | 10. Псалм 65. |
| 11. Псалм 11. | 11. Псалм 37,1-19. | 11. Псалм 66. |
| 12. Псалм 12. | 12. Псалм 37,20-40. | 12. Псалм 67. |
| **13.** Псалм 13. | 13. Псалм 38. | 13. Псалм 68,1-35. |
| 14. Псалм 14. | 14. Псалм 39. | **14.** Псалм 61,1-16. |
| 15. Псалм 15. | 15. Псалм 40. | 15. Псалм 69,17-36. |
| 16. Псалм 16. | 16. Псалм 41. | 16. Псалм 70. |
| 17. Псалм 17. | **17.** Псалм 42. | 17. Псалм 71,1-14. |
| 18. Псалм 18,1-15. | 18. Псалм 43. | 18. Псалм 71,15-24. |
| 19. Псалм 18,16-30. | 19. Псалм 44,1-12. | 19. Псалм 72. |
| **20.** Псалм 18,31-50. | 20. Псалм 44,13-26. | 20. Псалм 73,1-15. |
| 21. Псалм 19. | 21. Псалм 45. | **21.** Псалм 73,16-28. |
| 22. Псалм 20. | 22. Псалм 46. | 22. Псалм 74. |
| 23. Псалм 21. | 23. Псалм 47. | 23. Псалм 75. |
| 24. Псалм 22,1-15. | **24.** Псалм 48. | 24. Псалм 76. |
| 25. Псалм 22,16-31. | 25. Псалм 49. | 25. Псалм 77. |
| 26. Псалм 23. | 26. Псалм 50. | 26. Псалм 78,1-14. |
| **27.** Псалм 24. | 27. Псалм 51. | 27. Псалм 78,15-28. |
| 28. Псалм 25. | 28. Псалм 52. | **28.** Псалм 78,29-42 |
| 29. Псалм 26. | 29. Псалм 53. | 29. Псалм 78,43-56. |
| 30. Псалм 27. | 30. Псалм 54. | 30. Псалм 78,57-72. |
| 31. Псалм 28. | **31.** Псалм 55. | |

*Им предлагаме на верниците овие текстови да ги читаат во текот на вечерното богослужение во своето семејство.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| ЈУЛИ 2024 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
| | 5. | 12. | 19. | 26. |
| Виница | 20:09 | 20:06 | 20:02 | 19:56 |
| Колешино | 20:06 | 20:04 | 19:59 | 19:53 |
| Стар Дојран | 20:06 | 20:03 | 19:59 | 19:53 |
| Куманово | 20:13 | 20:10 | 20:06 | 20:00 |
| Неготино | 20:10 | 20:07 | 20:02 | 19:56 |
| Струмица | 20:07 | 20:04 | 20:00 | 19:54 |
| Кочани | 20:10 | 20:07 | 20:02 | 19:56 |
| Велес | 20:12 | 20:09 | 20:04 | 19:58 |
| Кавадарци | 20:10 | 20:07 | 20:02 | 19:56 |
| Дебар | 20:16 | 20:13 | 20:09 | 20:03 |
| Скопје | 20:14 | 20:11 | 20:06 | 20:00 |
| Битола | 20:11 | 20:08 | 20:04 | 19:58 |
| Кичево | 20:14 | 20:11 | 20:07 | 20:01 |
| Лаки | 20:08 | 20:05 | 20:01 | 19:55 |
| Чифлик | 20:09 | 20:06 | 20:01 | 19:55 |
| Штип | 20:10 | 20:07 | 20:03 | 19:57 |
| Тетово | 20:16 | 20:13 | 20:08 | 20:02 |
| Јегуновце | 20:15 | 20:13 | 20:08 | 20:02 |
| Росоман | 20:10 | 20:07 | 20:03 | 19:57 |
| Гевгелија | 20:07 | 20:04 | 20:00 | 19:54 |
| Свети Николе | 20:11 | 20:09 | 20:04 | 19:58 |
| Делчево | 20:09 | 20:06 | 20:01 | 19:55 |
| Валандово | 20:07 | 20:04 | 20:00 | 19:54 |
| Охрид | 20:14 | 20:11 | 20:06 | 20:00 |
| Радовиш | 20:09 | 20:06 | 20:01 | 19:55 |
| Прилеп | 20:11 | 20:08 | 20:04 | 19:58 |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| АВГУСТ 2024 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | | |
| | 2. | 9. | 16. | 23. | 30. |
| Виница | 19:48 | 19:39 | 19:30 | 19:19 | 19:08 |
| Колешино | 19:46 | 19:37 | 19:27 | 19:17 | 19:06 |
| Стар Дојран | 19:46 | 19:37 | 19:27 | 19:17 | 19:06 |
| Куманово | 19:52 | 19:43 | 19:33 | 19:23 | 19:11 |
| Неготино | 19:49 | 19:40 | 19:31 | 19:20 | 19:09 |
| Струмица | 19:47 | 19:38 | 19:28 | 19:18 | 19:07 |
| Кочани | 19:49 | 19:40 | 19:30 | 19:19 | 19:08 |
| Велес | 19:51 | 19:42 | 19:32 | 19:22 | 19:10 |
| Кавадарци | 19:49 | 19:40 | 19:31 | 19:20 | 19:09 |
| Дебар | 19:55 | 19:47 | 19:37 | 19:26 | 19:15 |
| Скопје | 19:53 | 19:44 | 19:34 | 19:23 | 19:12 |
| Битола | 19:51 | 19:42 | 19:33 | 19:22 | 19:11 |
| Кичево | 19:53 | 19:45 | 19:35 | 19:25 | 19:13 |
| Лаки | 19:47 | 19:39 | 19:29 | 19:18 | 19:07 |
| Чифлик | 19:48 | 19:39 | 19:30 | 19:19 | 19:08 |
| Штип | 19:49 | 19:40 | 19:31 | 19:20 | 19:09 |
| Тетово | 19:55 | 19:46 | 19:36 | 19:25 | 19:14 |
| Јегуновце | 19:54 | 19:45 | 19:36 | 19:25 | 19:13 |
| Росоман | 19:50 | 19:41 | 19:31 | 19:21 | 19:09 |
| Гевгелија | 19:46 | 19:38 | 19:28 | 19:18 | 19:07 |
| Свети Николе | 19:50 | 19:42 | 19:32 | 19:21 | 19:10 |
| Делчево | 19:47 | 19:39 | 19:29 | 19:18 | 19:07 |
| Валандово | 19:47 | 19:38 | 19:28 | 19:18 | 19:07 |
| Охрид | 19:53 | 19:45 | 19:35 | 19:25 | 19:14 |
| Радовиш | 19:48 | 19:39 | 19:29 | 19:19 | 19:08 |
| Прилеп | 19:51 | 19:42 | 19:32 | 19:22 | 19:11 |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| СЕПТЕМВРИ 2024 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
| | *6.* | *13.* | *20.* | *27.* |
| **Виница** | **18:56** | **18:44** | **18:32** | **18:19** |
| **Колешино** | **18:54** | **18:42** | **18:30** | **18:18** |
| **Стар Дојран** | **18:54** | **18:43** | **18:31** | **18:19** |
| **Куманово** | **18:59** | **18:47** | **18:35** | **18:22** |
| **Неготино** | **18:57** | **18:45** | **18:33** | **18:21** |
| **Струмица** | **18:55** | **18:43** | **18:31** | **18:19** |
| **Кочани** | **18:56** | **18:44** | **18:32** | **18:20** |
| **Велес** | **18:59** | **18:47** | **18:34** | **18:22** |
| **Кавадарци** | **18:57** | **18:46** | **18:33** | **18:21** |
| **Дебар** | **19:03** | **18:52** | **18:39** | **18:27** |
| **Скопје** | **19:00** | **18:48** | **18:36** | **18:24** |
| **Битола** | **19:00** | **18:48** | **18:36** | **18:24** |
| **Кичево** | **19:02** | **18:50** | **18:38** | **18:26** |
| **Лаки** | **18:55** | **18:43** | **18:31** | **18:19** |
| **Чифлик** | **18:57** | **18:45** | **18:33** | **18:21** |
| **Штип** | **18:57** | **18:45** | **18:33** | **18:21** |
| **Тетово** | **19:02** | **18:50** | **18:38** | **18:25** |
| **Јегуновце** | **19:02** | **18:49** | **18:37** | **18:25** |
| **Росоман** | **18:58** | **18:46** | **18:34** | **18:22** |
| **Гевгелија** | **18:55** | **18:43** | **18:31** | **18:19** |
| **Свети Николе** | **18:58** | **18:46** | **18:34** | **18:22** |
| **Делчево** | **18:55** | **18:43** | **18:31** | **18:18** |
| **Валандово** | **18:55** | **18:43** | **18:31** | **18:19** |
| **Охрид** | **19:02** | **18:50** | **18:38** | **18:26** |
| **Радовиш** | **18:56** | **18:44** | **18:32** | **18:20** |
| **Прилеп** | **18:59** | **18:47** | **18:35** | **18:23** |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

# Цркви, групи и поединци на Христијанската адвентистичка црква во Република Македонија



# МОЈ ДНЕВНИК НА ПОСРЕДНИЧКА МОЛИТВА

„Според Божјиот план, како одговор на нашата молитва со вера, Бог ќе ни го даде она што не би ни го дал кога за тоа не би го молеле“ (Елена Вајт, *Големаӣа борба,* стр. 442). „Развивајте ја навиката да разговарате со Спасителот. ... Вашето срце секогаш нека се издигнува во тивка молитва за помош, за светлина, за сила, за мудрост. Секој ваш здив нека биде молитва“ (Елена Вајт, *Паӣ во ӣодобар живоӣ,* стр. 328).